Р Е В

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

Моќта на стратегијата

О Л У

## ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

Драги пријатели во Христос,

Наша молитва е поучувањето во оваа книга да ви биде на благослов и охрабрување! Слободно споделете го овој материјал со вашите пријатели, вашето семејство и вашата црква. Исто така, посетете ја страницата на FLNFree.com за бесплатно преземање на дополнителни копии, како и за повеќе други материјали за почување на вашиот јазик!

Бог ве љуби и Тој има прекрасен план за вашиот живот! Сознанието како функционира Божјото Царство ни го промени животот на подобро, и веруваме дека ќе го стори истото и за вас!

Со љубов во Христос,

Гери и Дренда Киси



П.С. Не заборавајте да ја посетите нашата веб страница FLNFree.com за бесплатно преземење на дополнителни материјали за поучување на вашиот јазик!

Р Е В

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

Моќта на стратегијата

О Л У

ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

**Your Financial Revolution**
**The Power of Strategy. Macedonian. By Gary Keesee**
**Copyright © 2023 by Gary Keesee**
**Originally printed in English**
**ISBN: 978-1-945930-14-0**

**Faith Life Now**
**P.O. Box 779**
**New Albany, OH 43054, USA**

**This book is a free gift from the author and is NOT FOR SALE**

**You can reach Faith Life Now Ministries on the Internet at FaithLifeNow.com**

**More resources by the same author are available for free download at FLNFree.com**

**Вашата Финасиска Револуција**
**Моќта на стратегијата. Македонски. Од Гери Киси**
**Авторски права © 2023 од Гери Киси**
**Првично издадена на англиски јазик**
**ISBN:  978-1-945930-14-0**

**Faith Life Now**
**P.O. Box 779**
**New Albany, OH 43054, USA**

**Оваа книга е подарок од авторот и НЕ Е ЗА ПРОДАЖБА**

**Службата на Faith Life Now е достапна онлајн на: FaithLifeNow.com**

**Дополнителни материјали од истиот автор се достапни за бесплатно преземање од страницата на: FLNFree.com**

**Издава: Евангелска Црква во РМ**
**Ф.Рузвелт 16**
**Скопје**

**Превод:  Игор Панов**
**Лектура: Емилија Златкова - Анастасова**
**Графика и дизајн: Елисавета Галева**
**Печати: Ирис – Струга**
**Тираж: 2000**

**Во оваа книга авторот има користено стихови од различни преводи на Библијата. Сите стихови, кои се поклопуваат со стандарниот македонски превод на Библијата, во издание на Библиското здружение на Р. Македонија, Скопје, 2007, се користени од тоа издание на Библијата. Дел од стиховите се извадени од динамичниот превод на Новиот завет, во издание на ХБЦ „Радосна Вест“, Скопје, 1999. Сите останати стихови се парафразиран и динамичен превод на англиските преводи на Библијата.**

# ПОСВЕТА

Сакам да ја посветам оваа книга на мојата сопруга, Дренда, бидејќи токму нејзино охрабрување, нејзината страст за Божјите работи и нејзината љубов кон нејзиното семејство и мене всушност ме инспирираат сите овие години. Заедно, докажавме дека соништата навистина се остваруваат!

—Гери Киси

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**........................................9

**ПРВО ПОГЛАВЈЕ:** Што сакаш да направиме?..................21

**ВТОРО ПОГЛАВЈЕ:** Царството ....................................35

**ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ:** Зачудени.........................................43

**ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ:** Основи:
Не излегувај од дома без ова........................................59

**ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Докази од Светото Писмо...................77

**ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ:** Дали сите се молат на јазици?.........87

**СЕДМО ПОГЛАВЈЕ:** Ковчегот со богатство.......................99

**ОСМО ПОГЛАВЈЕ:** Тешкото место на издигање.............117

**ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Тивок, мал глас..........................127

**ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Визии и сонови...........................141

**ЕДИНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:**
Светиот Дух звучи како мојот шеф...............................153

**ДВАНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Како да се молите
за да го примите крштевањето на Светиот Дух..........167

**БЕЛЕШКИ**..................................................170

# ВОВЕД

*Вашата Финансиска Револуција:* Моќта на стратегијата е трета книга од серијалот Финансиска Револуција. На крај ќе има пет книги од серијалот, и сите се збогатена верзија на конференцијата што ја организиравме во Албанија во 2005 година. Токму на оваа конференција драматично се смени насоката на мојот живот. Ако сте ја слушнале оваа приказна, можеби треба да го прескокнете воведот и да започнете со првото поглавје. Но, ако не сте ја слушнале, тогаш ве молам дозволете ми да ви кажам за сината магла. „Сина магла", можеби ќе прашате, „што е тоа?" Го разбирам прашањето. Кога ја видов, не знаев ни јас што е, но Божјата сила беше толку присутна што знаев дека тоа е Негов прст. Дозволете ми да ви ја раскажам приказната.

Мојата сопруга и јас го започнавме нашиот брак во долгови и останавме во долгови девет години. Не само во долгови, туку и во страдање од исцрпувачки стрес и страв поради пари и проблеми со пари. Иако никогаш немавме намера финансиски да ги уништиме нашите животи, тоа ни се случи. Почнавме со едноставна кредитна картичка за гориво, потоа една Visa картичка, па десет Visa картички. Кога не можевме да ги платиме Visa картичките, добивме заеми од банките со камата од дваесет и осум до триесет и три проценти за да ги консолидираме нашите месечни рати. Но, потоа повторно ги користевме картичките, а долгот само продолжуваше да расте! На крајот, завршивме со десет блокирани и кредитни картички со надминат лимит, три заеми и даночни долгови кон УЈП во износ од десетици илјади долари, плус многу други помали долгови. На нашиот стоматолог, за хемиско чистење, на нашите родители им должиме десетици илјади долари, рати за автомобилите, за кирија итн. Во тоа време

живееме од провизии, а стресот ме убиваше, буквално. Имав панични напади и ми препишаа антидепресиви, иако немав подобрување од нив.

Сè што имавме беше расипано. Нашите автомобили имаа поминато над 300.000 километри. Нашата мала, стара фарма од 1856 година, која ја изнајмивме за 300 долари месечно, имаше проблеми. Многу од старите прозорци беа скршени, а бидејќи немавме пари да ги поправиме, едноставно стававме селотејп врз пукнатините. Но, и тоа не беше доволно добро. Низ пукнатините на рамките растеа лози однадвор. Мојата сопруга, Дренда, едноставно ги средуваше како да се дел од декорацијата на куќата. Тепихот во спалната соба на нашите синови го најдовме покрај пат во куп со ѓубре. Нивните душеци беа пронајдени во отпадот од старечки дом. Секое парче мебел што го имавме беше или купен како стар и користен мебел или најден фрлен во нечие ѓубре.

Животот не е забавен кога се будите секој ден и се прашувате како ќе го нахраните вашето семејство. Бев исполнет со страв, а радоста и надежта беа задушени од хаосот на преживувањето. Дренда и јас живеевме така девет долги години! Девет долги години! Можев да разберам еден месец, или во најлош случај, една година, но девет години? После девет години изложени на таков стрес, емоциите стануваат сурови, а трпението непостоечко.

Во текот на тие девет години, ние бевме христијани, бевме дел од една голема црква каде што научивме дека сиромаштијата не е Божја волја за Неговиот народ. Често дававме десеток, но сепак нашите финансии не ја одразуваа Божјата верност и она што го читавме во Божјото Слово. Имав диплома по Стариот Завет, а исто така поминав повеќе од една година на библиско училиште. Знаев дека нешто не е во ред, но само се надевав дека, на крајот, работите ќе се променат. Но ништо не се промени цели девет години. Инкасаторите се јавуваа речиси секојдневно, а јас и Дренда речиси изгубивме секаква надеж.

Покрај тоа, лекарите велеа дека ги имам сите индикации за почеток на дијабетес бидејќи се соочував со здравствени проблеми што ме исцрпуваа. Немавме пари, сите кредитни картички беа блокирани и немавме храна во куќата. Стравот ме измачуваше до тој степен што буквално се плашев да излезам надвор. Мојата сопруга веќе планираше во својот ум како таа и децата ќе се вратат во домот на нејзините родители бидејќи мислеше дека го губи сопругот. Меѓутоа, токму тука, во мојата најниска точка, во мојот живот се случи пресврт.

Ми се јавуваше еден адвокат, а јас постојано му ветував дека ќе платам една рата, надевајќи се дека ќе бидам во можност за тоа, но никогаш немав пари да го одржам зборот. Така, едно утро кога ми се јави, тој повеќе немаше трпение. „Треба да ги донесеш парите за три дена или ќе поднесам тужба против вас за парите што ги должите на мојот клиент." Во тој момент сфатив дека не можам повеќе да се преправам. Немав пари, а веќе и моето семејство не ни позајмуваше пари. Во очај, се упатив по скалите до нашата спална соба во малата фарма, се испружив на креветот и извикав кон Бога. Изненадувачки, во мојот дух, Тој веднаш одговори. Прво, Тој едноставно ме потсети на еден стих што го имав слушнато и прочитано многу пати, Филипјаните 4:19:

*„Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус."*

Му реков на Господа, „Се разбира дека го знам тој стих", и продолжив, „но тоа не се случува во мојот живот. Сите мои потреби не се задоволени." Господ ми одговори: „Не сум Јас одговорен за нередот во кој се наоѓаш. Ти си во тој хаос затоа што никогаш не си научил како функционира Моето Царство". Тој продолжи да ми кажува уште неколку работи, но ја разбрав пораката: Долгот не беше Негова волја за мојот живот. Иако бев воодушевен што Бог ми зборува, морам да признаам дека не знаев што значи Царството. Имав диплома од Библиско училиште и чувствував дека прилично добро ја познавам Библијата,

но, очигледно, грешев. Првата работа што ја направив откако ги слушнав овие зборови беше да ја пронајдам Дренда и да се покајам пред неа за нередот што го предизвикав во нашето семејство. Потоа и двајцата Му се помоливме на Бога и Го замоливме да нѐ научи како функционира Неговото Царство. Исто така, се покајавме што се потпиравме на заемите и решивме дека тоа повеќе нема да биде начин на кој ќе го живееме нашиот живот. Но, во реалноста, иако имав диплома од Библиско училиште, Царството беше мистерија за мене. Единствен пример на кој можев да се сетам на тој збор во Новиот Завет беше во Господовата молитва.

> *„Да дојде Царството Твое; да биде волјата Твоја, како на Небото, така и на земјата.“*
>
> —Матеј 6:10

Навистина не разбравме што сака Бог да ни каже, но кога почнавме да Го бараме, Тој почна да нѐ учи. Првото нешто што требаше да го сфатиме беше што е тоа царство и зошто Бог го употреби тој термин. Што сакаше да ни каже? По кратко истражување, дознав дека царство не е само толпа луѓе. Туку толпа луѓе што живее под јурисдикција на власт и цар. Всушност, зборот царство се однесува на владеење на царот. Авторитетот на царот, или неговата власт и неговите закони се однесуваат на секој граѓанин во неговото царство преку неговото управување. Значи, тоа беше главниот клуч за мене: Божјото Царство е управување.

А секоја власт има закони!

Знаете, на Бог гледав како и сите други христијани, со погрешна слика за тоа што може да направи. Мислев дека затоа што е Бог, Тој може да направи сѐ што ќе посака кога и да посака. Знам дека сега, во оваа почетна фаза од книгата, ќе речете дека не сум во право, но дозволете ми да продолжам. Бидејќи верував дека Бог може да направи сѐ што ќе посака кога и да посака, за мене неодговорените молитви всушност беа одговорени со „не“. Таквата несигурност во однос на молитвата значеше дека јас само

се надевав дека Бог ќе одговори. Затоа, моите молитви беа како некој што питачи и моли за милост, надевајќи се дека мојот случај ќе го привлече вниманието на Бог. Но, кога Бог почна да ме учи дека Неговото Царство се состои од управување кое функционира преку закони кои ние можеме да ги научиме и примениме, навистина се израдував. Научив дека кога поверував во Христос станав сонаследник и граѓанин на Неговото славно Царство.

> *„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство.“*
>
> —Ефесјаните 2:19

Се сеќавам дека го прочитав тој стих и помислив, *Имам законски права во Неговото Царство! Дали навистина е толку едноставно? Како граѓанин на САД, не морам да питам и да се молам за она што е веќе мое како граѓанин. Не морам да имам морници за да докажам дека сум граѓанин. Јас сум роден овде. Кога повторно се родив во Божјото Царство, станав граѓанин на Неговото Царство. Тоа значи дека имам легален пристап до секој закон и придобивка што се запишани во законите на Неговото Царство*. Мојот свет драстично се промени кога Бог почна да ми го покажува тоа. Знаете, јас и Дренда, како и повеќето христијани, не го разбиравме Царството и принципите на Царството.

Всушност, ќе слушнете како мнозинството христијани кажуваат работи како: „Бог дозволува, Бог најдобро знае, Бог има сè под контрола или Бог е суверен“ кога некој се соочува со тешко време. Овие коментари укажуваат на верувањето дека Бог има моќ да го даде одговорот, но не сака или дека одлучил да не помогне. Овие лажни концепти за Бог се резултат на непознавање на Божјиот карактер или не разбирање како функционира Божјото Царство.

Дозволете ми да ви дадам една илустрација. Ако имате милијарда долари во банка, ќе речете: „Имам милијарда долари“. Но, факт е дека немате милијарда долари во

џеб кога го кажувате тоа. Наместо тоа, имате милијарда долари во институција, при што мора да следи правен процес за да ги префрлите парите од институцијата во ваши раце. Царството Божјо е исто. Како граѓанин и член на Божјото семејство, ние всушност сме наследници на сето она што го има Бог. Но, постојат закони и процеси преку кои ние го присвојуваме она што веќе законски е наше.

Бидејќи повеќето луѓе не го разбираат Царството Божјо и не ги разбираат процесите и законите преку кои тоа функционира, кога нешто не се случува како што пишува во Божјото Слово, луѓето претпоставуваат дека вината лежи кај Бог, а не кај нив.

Еве што сфатив. Да речеме дека сакате да скокнете од Емпајер Стејт Билдинг, без падобран, без ништо, но убедени дека ако мавтате со рацете доволно силно, ќе можете безбедно да слетате долу. Мислам дека го знаете потенцијалниот исход од таа глупава идеја. Причината зошто го знаете исходот е затоа што го разбирате законот за гравитација. Знаејќи дека кај законот за гравитација нема пристрасност, нема омилени луѓе и дека секој пат функционира на ист начин, затоа сте сигурни за исходот. На ист начин, кога ќе вклучите прекинувач за светло, очекувате светлата да се запалат затоа што ги разбирате законите на електричната енергија. Кога летам со авион, очекувам да лета затоа што го разбирам законот за подигање. Авионите и светлата секој пат работат бидејќи нивната функција се заснова на закони кои можат да се научат и потоа да се повторат за да секој пат се добијат истите резултати и функција. Царството Божјо функционира со исто ниво на сигурност.

> *„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нè услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме, знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*
>
> —1 Јован 5:14-15

Ова е нашата увереност. Ако бараме нешто според

волјата Божја, знаеме дека Тој нè слуша, и ако знаеме дека Тој нè слуша, знаеме дека го имаме она што сме го побарале од Него. Знаете, можам да бидам уверен во исходот бидејќи Царот е тој што го донесе законот. Тој исто така ќе го поткрепи сопствениот закон. Кога Светото Писмо вели дека Тој нè слуша, тоа не се однесува на слушање на нашите зборови звучно, туку напротив, упатува на тоа кога еден судија слуша аргументи за да изрече правда. Судијата не суди врз основа на неговите сопствени чувства, туку тој е таму за да се погрижи законот да се спроведува за доброто на граѓаните на царството. Веќе знам како ќе заврши судскиот спор уште пред да почне.

Дренда и јас сме сведоци на извонредни работи кои се случуваа во нашите животи кога почнавме да ги применуваме принципите или законите на Царството. За околу две и пол години целосно се ослободивме од долговите. Поминавме од поделба на еден оброк од Мекдоналдс на три деца до можност да платиме во готово за нашите нови автомобили и нашиот дом од соништата на 55 хектари. Започнавме фирми кои години подоцна сè уште носат стотици илјади долари годишно во нето профит. Потоа започнавме црква во мојот роден град за да го споделиме со луѓето она што го дознавме за Божјото Царство. И дознавме дека многу луѓе сакаат да знаат што дознавме и да го живеат добриот живот што го нуди Божјото Царство. Поради добрата вест за Царството, оттогаш црквата порасна на илјадници луѓе.

Иако речиси секој ден поучував за Царството на секој што сакаше да слуша, имав желба да допрам до луѓе што никогаш порано не слушнале поучување на таа тема како еден вид експеримент. Знаев дека за да видам промени во нечиј живот во однос на разбирањето за Царството, ќе ми треба повеќе од една сесија за да ја пренесам таа порака. Концептот за кој мислев дека ќе функционира се роди од моето искуство растејќи во методистичка црква. Кога бев млад човек, во вечерните часови имавме еднонеделни богослужби. Затоа, сонував да одржам еднонеделно предавање за финансии. Замислив да има

пет вечерни сесии. Никогаш порано не сум поучувал за Царството ред по ред и се прашував како ќе го составам тоа. Но, бев љубопитен да видам какво влијание ќе има на луѓето да слушаат пет поучувања. Почнав да се молам за одржување на таков настан и побарав од Бог можност да го сторам тоа. Мојот услов беше да поучувам луѓе што претходно не слушнале за Царството.

Едно попладне налетав на еден мој пријател кој беше мисионер во Албанија. Разговаравме за многу аспекти од црквата и службата, и, на крајот, нашиот разговор се насочи кон она што Бог ми го покажуваше. Таа есен Лери ја одржуваше својата годишна национална конференција на служители во Албанија, и ме покани да бидам еден од говорниците. Не му кажав за мојата желба да имам пет сесии, но бев воодушевен кога тој рече дека ќе водам три сесии. Тој ми рече дека ќе морам да си го платам патот до таму, како и патот за многу од пастирите што сакаат да дојдат, бидејќи Албанија во тоа време беше многу сиромашна. Се согласив и почнав да го планирам своето патување во Албанија есента 2005 година.

Конечно дојде времето да заминам, бев толку возбуден што ќе можам да поучувам за Царството луѓе што во суштина учеа само што значи да се биде христијанин. Кога пристигнав во Албанија, Лери ме пречека на аеродромот и ми рече дека еден од неговите говорници откажал и дека сега ќе имам пет сесии. Знаев дека ова е сигурно оркестрирано  од Светиот Дух! Имав белешки за три сесии, но брзо се молев и ги напишав другите две сесии. Бев малку загрижен за тоа како луѓето ќе реагираат бидејќи нивната сиромаштија беше голема, а корупцијата беше насекаде во нацијата.

Можев да кажам дека во текот на првата сесија беа малку колебливи, но кога продолжив да го поучувам она што ме научи Бог, заедно со приказните што го потврдуваа она што го учам, луѓето станаа посреќни и повозбудени. Кога стигнавме до четвртата сесија, тие се смееја и многу се радуваа на она што го слушаа што некои дури и извикуваа од возбуда. Ми беше чудно, но почувствував дека Господ бараше да собереме доброволен прилог

после петтата сесија. Велам чудно затоа што платив за многу од овие луѓе да дојдат на конференцијата и знаев дека нивната финансиска состојба беше или лоша или катастрофална. Но, откако размислив за тоа, сфатив дека луѓето ќе треба да постапат според она што го слушаат. Сепак, бев малку загрижен да му го кажам тоа на Лери, но тој брзо се согласи да собереме прилог. Се разбира, не собирав прилог за себе; прилогот би останал таму во Албанија во потребите на албанските цркви.

Дојде последната сесија, и јас поучував како да се примени верата, разјаснувајќи некои од законите што ги учев. На крајот на службата, кога го собиравме прилогот, Бог направи нешто многу невообичаено. Народот почна да вика и да игра додека Божјото помазание ја исполни салата. Четворица редари стоеја напред со корпи, а тие едвај стоеја. Редарите плачеа и се тресеа од Божјото присуство додека луѓето ги носеа своите приноси. Никогаш немав видено такво нешто, особено во контекст на давање пари!

Кога Лери и јас заминавме после богослужбата, разговаравме за тоа како бевме изненадени од моќното помазание и одзивот на народот таа вечер. Откако пристигнавме во станот на Лери, тој беше љубопитен да ги изброи парите бидејќи никогаш претходно не собрале две полни корпи со пари од прилогот. Вообичаено корпата била полна една четвртина. Додека Лери ги истураше парите на масата во дневната соба, одеднаш светло сина магла ја исполни просторијата и нѐ обзеде помазание како што никогаш порано не сум почувствувал. Не можевме да направиме ништо освен само да седнеме на нашите места. Додека гледав во купот пари на масата пред нас, забележав машки венчален прстен во центарот на купот. Знаев дека прстенот го дал некој кој немал пари, но дал сѐ што имал. Кога го видов прстенот, Господ ми зборуваше.

„Те повикувам помеѓу народите да поучуваш за Мојот завет за финансиски благослов, и каде и да те испратам, ќе се погрижам за сите потреби."

Бев шокиран. Не можев да спијам три дена. Тоа помазание се задржа на мене неколку недели потоа. Кога

ќе сретнев некој од друга држава, повторно го чувствував тоа помазание. Иако собраниот прилог остана за албанските цркви, откако стигнав дома, Лери ми се јави и рече дека Господ му кажал да ми го испрати прстенот. Бев воодушевен. Иако не му кажав ништо на Лери за мојата желба да го имам тој прстен, тој го послуша Божјиот глас и ми го испрати. Сакав да го имам тој прстен како спомен на она што ми го рече Господ, и до ден денес го чувам врамен на мојот ѕид.

Кога дојдов дома во Охајо, еден пријател на Лери, кој е пастор на една мала црква во Јута, разбрал за тоа што се случи во Албанија и ме контактираше да ме праша дали сакам да ги посетам. Тој беше пастор на индиски резерват и рече дека луѓето се многу сиромашни. Уште ми кажа дека неговата црква има само околу 60 луѓе, но јас му реков дека тоа не е проблем и дека ќе дојдам.

Ги повторивме истите пет сесии што ги одржав во Албанија. Таму не видов сина магла, но помазанието повторно беше исклучително силно.

Прилогот во овој случај беше за мојата служба, па ја затворив торбата со пари и ја понесов со мене во Охајо. Кога стигнав во мојата канцеларија, ѝ ја предадов торбата на секретарката да ги преброи парите и да ги стави на сметката, по што се упатив на ручек. Додека бев на ручек, мојот мобилен телефон заѕвони и видов дека ме бара мојата секретарка. Меѓутоа, кога одговорив на телефонот, имаше само молк од другата страна на линијата. Само што помислив да ја прекинам врската, слушнав како некој плаче. „Трејси?“, реков. Трејси одговори, обидувајќи се да ги задржи емоциите. „Пасторе“, рече таа, „што се случи во Јута со овие пари?“ „Како мислиш, што се случи со парите?“, реков. „Па“, рече таа, „кога ја отворив торбата и ги истурив парите на масата за да ги пребројам, одеднаш Божјото помазание се спушти на мене толку силно што паднав на земја. Другата секретарка кога го слушна звукот од падот излезе од нејзината канцеларија да види што се случува, а силата Божја падна и врз неа на ист начин! Што се случи со парите, пасторе?“ Објаснив што се случи во Јута и силното помазание што беше таму

додека го собиравме прилогот, но освен тоа, ништо друго навистина не се случи. Морам да признаам дека бев многу заинтригиран за тоа што се случува бидејќи никогаш порано не сум слушнал или видел нешто слично. Иако не разбирав како, беше очигледно дека врз тие пари е помазанието од богослужбата! Навистина!

Почнавме да одржуваме конференции за Финансиска Револуција низ целата земја, во големи и мали цркви, секаде каде што имаше луѓе подготвени да слушаат. Иако само во некои прилики ја видовме сината магла, помазанието секогаш беше многу силно. Како и во Албанија и со прилогот од индијанската црква во Јута, елементи од помазанието остана на самиот прилог. Забележав дека по богослужбите кога се пребројуваше прилогот оние што ќе држеа само една монета од 25 центи почнуваа да се тресат под влијание на силата на Светиот Дух . Друга интересна работа што забележавме е дека секоја банкнота или чек беа различни. Сите тие немаа исто ниво на помазание врз нив. Подоцна дознав дека тоа е резултат на верата што беше ослободена од поединецот во прилогот. Неверојатно!

Серијалот *Вашата Финансиска Револуција* од пет книги ги опфаќа петте сесии што ги одржав на првата конференцијата во Албанија. Книгите се, се разбира, малку попроширена верзија од првата конференција. Верувам дека кога ќе почнете да го проучувате Царството како што јас и Дренда го проучуваме, ќе се промени начинот на кој гледате на нештата како што се случи со нас. Оваа книга, трета од серијалот, првично беше наречена *Богатство од Светиот Дух* кога говорев во Албанија. Верувам дека таа изјава е вистинита и денес. Кога имате стратегии инспирирани од Светиот Дух тогаш ќе напредувате. Мојата надеж е дека преку оваа книга ќе научите како Светиот Дух работи на земјата за да ги оствари тие стратегии.

ПРВО ПОГЛАВЈЕ

# ШТО САКАШ ДА НАПРАВИМЕ?

Кога се вратив дома од Албанија, бев сè уште под импресии. Влијанието на она што Господ го направи во нашите животи и потоа како ми кажа дека треба да го пренесам тоа на народите беше навистина премногу. Народите? Кога се венчавме со Дренда јас ѝ кажав дека никогаш нема да патувам и никогаш не сакам да одам на мисиски патувања во други држави. Но, Бог имаше други планови, се разбира. Требаше да одам помеѓу народите, но како? Имав бизнис кој се протегаше низ поголемиот дел од Соединетите Држави, црква што требаше да ја водам, семејство што требаше да го подигнам и многу други одговорности. Едноставно не гледав како можам да одам меѓу народите. Но, Бог имаше план, план кој навистина не бараше од мене да патувам, план што никогаш не ми ни падна на ум, ниту пак сакав да размислувам за тоа – телевизија.

Дренда и јас не знаевме апсолутно ништо за телевизијата. Во тоа време, ние дури и не ги снимавме нашите богослужби. Но, Бог почна да ни покажува што ќе се случува и како да постапуваме во тие дадени ситуации, а чувствувавме и поттик да ја разгледаме таа опција. Првото нешто што го научив беше дека се потребни пари, многу пари за да имате ТВ програма. Кога пресметавме сè, видовме дека ќе ни бидат потребни околу 300.000 долари

за ТВ програмата за првата година. Морам да признаам дека бев само малку шокиран од тоа колку беше скапа телевизијата. Голем проблем беше што црквата веќе беше финансиски преоптоварена додека го градевме Нау центарот, нашиот кампус за црква, и едноставно немавме други средства за да почнеме со ТВ програма. Така Му кажав на Господа, дека немаме доволно пари за да започнеме со ТВ програма. Се сеќавам дека Тој се согласи со мене и рече: „Во ред, затоа ти и Дренда ќе платите за тоа!“

Да се каже дека бевме малку преоптоварени ќе беше недоволна изјава, особено затоа што бевме среде градежен проект за црквата што вредеше шест до седум милиони долари. Верувајте ми, Нау центарот како проект сам по себе беше огромен потфат на вера и ги црпеше сите ресурси што ги добивавме. Згора на тоа, јас и Дренда се обврзавме да дадеме 250.000 долари за тој проект, и во тоа време ние сè уште ја немавме целата сума. Се чинеше невозможно да дадеме уште 300.000 долари на таа цифра, што требаше да се доспеат во истата година.

**ЗНАЕВ ДЕКА БОГ Е ВЕРЕН НА НЕГОВИОТ ЗБОР И ЗНАЕВ ДЕКА ЌЕ МОРА ДА ИСЧЕКОРАМ ВО ВЕРА, ВЕРУВАЈЌИ ДЕКА БОГ ЌЕ МИ ПОКАЖЕ ШТО ДА ПРАВАМ.**

Знаев дека патот по кој одев е од Господа, а Неговото ветување дека ќе обезбеди пари за сè што ме повикува да го направам сè уште одекнуваше во мојот дух. Но, сепак, природно, без оглед на тоа како ги гледав бројките, не можев да видам како јас и Дренда ќе можеме да ги дадеме тие 300.000 долари, покрај сè друго што правевме.

Знаев дека Бог е верен на Неговиот Збор и знаев дека ќе морам да исчекорам во вера, верувајќи дека Бог ќе ми покаже што да правам. Би сакал да ви кажам дека

бев самоуверен и ослободен од грижи за таа одлука, но не беше така. Црквата го користеше секој денар што влегуваше во касата за зградата. Сите мои лични пари одеа кон тие 250.000 долари што се обврзав да ги дадам, а таа година моравме да инвестираме и во нашиот бизнис. Едноставно немавме на располагање 300.000 долари за почеток на телевизиска програма!

Со Дренда имавме резервирано двонеделен одмор на Хаваи, а веднаш после враќањето беше договорено да го потпишам договорот за започнување на ТВ емисијата. Уживам кога одам на Хаваи, но морам да признаам дека таа година ми беше малку тешко целосно да се опуштам бидејќи тежината на одлуката што допрва требаше да ја донесам постојано ми беше на ум. Покрај паричниот аспект на телевизиската програма, бев целосно неподготвен да водам емисии бидејќи се чувствував толку самосвесно зборувајќи пред камера. Можев да зборувам пред илјадници луѓе на конференции, но пред ТВ камера имав трема. Покрај тоа што ми поминуваше низ главата и мојот дух, се борев и со дух на страв за да ја донесам таа одлука.

Иако бев сигурен дека тоа беше од Господ, сепак се соочував со фактот дека едноставно нема пари. Мојот бизнис веќе беше оптоварен финансиски целата година, и едноставно не можев да видам како тоа би можело да се случи. Да, тоа беше страв, да, тоа беше неверување. Го знам тоа. Едноставно сакам да бидам искрен. Знаев дека морам да се држам до Зборот и да го тргнам погледот од она што ме плаши и да продолжам да гледам на наградата. Тој рече дека ќе плати за тоа! Во тој период, додека собиравме доброволен прилог на една богослужба, некој остави златна монета. Искрено, никогаш претходно немав видено златна монета. Додека ја држев во рацете, Господ зборуваше со мене. „Како што му покажав на Петар каде ќе биде паричката за да плати данок, ќе ти покажам и тебе каде ќе најдеш пари за да платиш за ТВ програма."

Ја носев таа златна монета со нас на нашиот одмор на Хаваите, и шетав по плажата и се молев држејќи ја паричката в рака за да ме потсетува дека Бог ќе се

погрижи за парите за ТВ програма. Моите молитви на плажа обично одеа вака. Откако се молев во Духот некое време, добивав мир во врска со потпишувањето на тој договор, потоа си одев дома. Меѓутоа, на само после 20 до 50 метри поминати низ нагорнината, мојот ум повторно почнуваше да ме потсетува дека нема природен начин да се дојде до тие пари. Вистината беше дека немавме пари за ТВ емисија, не знаевме како се води една ТВ емисија, и немавме опрема за ТВ емисија. Списокот продолжува понатаму. Но, во мојот дух постојано ми се вртеа зборовите што ми ги кажа Господ во Албанија, каде и да ме испрати, Тој ќе плати за сè. Веќе беше мај кога ова се случуваше, и реално, моравме да имаме 300.000 долари до крајот на годината за да успее проектот, што, пак, ја правеше задачата пред нас уште потешка.

Духот на страв исто така ми зборуваше, испитувајќи ја мојата решителност да се држам за она што ми го кажа Бог. „Ти поучуваш за финансиски интегритет, и како ќе изгледаш кога не можеш да си ги платиш сметките?“ Затоа, веднаш се упатував надолу кон плажата, молејќи се и обновувајќи го мојот ум во Божјото Слово додека не добијам мир за тоа. Околу една недела одев напред-назад, борејќи се во мојот ум и дух околу тој договор, сè додека не бев апсолутно сигурен дека сè ќе биде во ред, и стравот повеќе нема да може да ме мачи со негативните мисли. Дренда и јас немавме поим од каде ќе дојдат парите, но знаевме дека Го слушнавме Бог. Така, кога се вративме дома, го потпишав договорот и остана само да научиме како да водиме ТВ програма или телевизија.

Во однос на финансискиот дел на целиот проект, изненадувачки, неколку месеци пред да го резервираме терминот за нашиот одмор на Хаваи, ми се јави еден човек од Атланта, кој не го познавав. Тој ми кажа дека ја прочитал мојата книга за финансии и многу му се допаднала. Во тоа време, книгата беше достапна само локално, во мојот град. Но, се чини дека еден од моите вработени одејќи на одмор во Атланта започнал разговор со овој човек, кого случајно го сретнал на аеродромот, за тоа што е по професија. Во текот на разговорот му кажал

што работи, и на крај му ја дал мојата книга што ја носел со себе.

Затоа, откако ја прочитал книгата, тој ми рече дека е толку заинтересиран за тоа што го пишува во неа што едноставно морал да разговара со мене. Разговаравме долго, а тој спомна дека е евангелизатор кој патува, претежно надвор од Америка. Ме праша дали може да се сретнеме некогаш, а јас напоменав дека ќе бидам на аеродромот во Атланта за околу еден месец, што всушност беше веднаш после нашиот одмор. Се договоривме да се сретнеме. Имавме одличен разговор кога се сретнавме. Толку уживав да ги слушам сите негови приказни за чуда и опасностите со кои честопати се соочувал на своите патувања. Но, кога зборувавме за финансии најмногу се поврзавме. Изгледаше фасциниран од мојата книга и мојата приказна за ослободување од долгови.

За време на нашиот разговор, тој ми кажа дека штотуку се вратил од Шарлот, каде што бил гостин на една телевизиска емисија и мислеше дека ќе биде одлична можност да ја споделам на истата емисија. Тој ми рече дека ќе им ја даде мојата книга и ќе ги извести за мене. Бев малку шокиран од целата работа.

Немав слушнато за ТВ-програмата што ја спомна, но ете, неколку недели подоцна, ми се јави директорот на програмата и ме праша дали сакам да гостувам во емисијата. Тие само ни рекоа дека за да гостувам во емисијата треба да имам производ што ќе можат да го понудат на гледачите. Им кажав дека имам серијал од пет ЦД-а од моите предавања на тема финансиска револуција. Тие рекоа дека тоа е одлично, а потоа ја договоривме и цената за која ќе им го дадам серијалот на поуки. Се разбира, им го дадов серијалот по цена на големо, но дури и со производството на тие ЦД-а на големо, продажбата ни донесе дополнителни средства за службата. Неверојатно, емисијата беше многу успешна и продадовме илјадници ЦД комплети. Само тоа ни донесе илјадници долари во нашиот ТВ буџет од извор што беше непознат за мене кога го потпишав тој договор.

Потоа, се случи уште еден шок, еден човек од нашата

црква, кој кога почна да ја посетува црквата беше во финансиски банкрот и пред губење на својот дом, дојде кај мене и сакаше да помогне во финансирањето на телевизискиот проект. Тој го применуваше она што го слуша за Царството и повеќе не беше сиромашен. Ми даде 120.000 долари за нашата ТВ служба!

Сметајќи ја продажбата на тие ЦД-а, дарот од мојот пријател во црквата и другите дарови што дојдоа, јас и Дренда воопшто не моравме да вложуваме никакви сопствени пари во првата година за ТВ програмата! Бог беше верен на Својот збор. Тој рече дека ќе плати за сè, и го направи тоа. Добро, половина од проблемот беше решен, но имаше уште еден проблем што требаше да се реши, што беше исто толку голем. Како што реков претходно, не знаев ништо за ТВ емисии!

Таа есен, Дренда присуствуваше на една голема конференција за жени и беше поканета во зелената соба каде што сите говорници се собираа помеѓу богослужбите. За Дренда беше голема чест што беше поканета, а затоа со голема возбуда се приклучи на останатите гости зад сцената. По една од сесиите, додека ручала, покрај неа седнала жена што не ја познавала. Откако размениле малку информации една за друга, жената одеднаш прашала: „Добро, дали почнавте со емисиите?“ Дренда била малку изненадена, но одговорила: „Не, но размислуваме за тоа“. Жената потоа ѝ рекла: „Па, ако сакаш, јави се на овој човек и тој може да ви помогне“. Дренда ги запишала бројот и мејлот што жената ѝ ги дала и ги ставила во чантата.

Поминаа неколку недели, и таа заборави на ливчето со бројот и мејлот во нејзината чанта. Но, една вечер, откако го најде, таа реши да му испрати е-пошта на човекот само за да види што ќе каже. Тој звучеше заинтересирано и ја замоли да му испрати ЦД комплет од серијалот *Финансиска Револуција*, што и го направивме. По една недела отприлика, неговиот асистент ни се јави и ни кажа дека овој господин е дефинитивно заинтересиран и сака да се сретне со нас на годишната конференција на Националните религиозни радиодифузери, која требаше да се одржи за само неколку недели. Му рековме дека ќе

дојдеме.

Дренда и јас со автомобил појдовме на конференцијата и бевме малку нервозни пред состанокот. Купив нов црн костум за состанокот и навистина не знаев што да очекувам. Тој побара од нас да се сретнеме со него во неговиот хотелски апартман за да разговараме за ТВ програма. Како што се упативме кон апартманот, се сеќавам дека за да се смириме прво малку се прошетавме нагоре и надолу по ходникот пред да тропнеме на првата од двете врати на апартманот. Додека влегувавме во собата, бевме изненадени кога видовме повеќе луѓе што чекаа да разговараат со нас. Столовите беа наредени полукружно, а јас и Дренда седевме свртени кон столовите. Не познававме никој од тие луѓе, но сите беа облечени многу професионално.

Почнавме со малку муабет, но потоа почнаа да поставуваат прашања во врска со нашата желба да започнеме со ТВ програма. Сè уште можам да се сетам на првото прашање, „Па зошто сакаш да започнеш со ТВ станица?" Иако не го знаев тоа во тоа време, луѓето собрани во просторијата беа луѓе на високи позиции од областа на ТВ индустријата. Човекот со кој бевме во контакт беше таму, се разбира, но имаше луѓе и од производство, маркетинг, и други области од ТВ индустријата кои ни поставуваа тешки прашања. Сè на сè, почувствував дека состанокот помина прилично добро. Бевме искрени, не се обидувавме да импресионираме никого, едноставно само ја споделивме нашата приказна за тоа што Бог направил за нас. Сите тие изгледаа задоволни од нашата визија и страст, и ни рекоа дека ќе ни се јават за неколку недели за да разговараме за повеќе детали.

Така, за неколку недели, повторно разговаравме; и овој пат, сите решивме на следниот состанок во суштина да го планираме реализирањето на планот за ТВ програма. Во тоа време, заклучивме дека можеме да ја снимаме емисијата во нашиот дом, па господинот со кој контактираше Дренда праша дали може на следниот состанок да се сретнеме кај нас дома. Сакаше да го види нашиот дом за да види дали има услови за такво нешто.

Така, дојде денот кога тој дојде кај нас дома и сите седнавме да разговараме. До оваа посета, навистина не знаев многу за неговата историја во ТВ индустријата, освен дека една госпоѓа ја поврза Дренда со него. Но, кога седнавме, тој почна да ни раскажува за сите ТВ емисии што ги има продуцирано и ги продуцира во моментот. Сите личности со кои соработува на тие емисии беа познати луѓе! Седев таму воодушевен: „Боже, како направи овој човек од Лос Анџелес да дојде во мојата куќа на овој мал, земјен пат на село, среде никаде?“ Тој се согласи да ја продуцира целата емисија за нас, од снимање, до монтажа и продукција, и тоа за многу фер цена. Исто така, сите се договоривме дека ќе ја снимаме емисијата во нашиот дом, во нашата дневна соба, за почеток.

Дојде првиот ден за снимање и признавам дека имав голема трема. Како што кажав, немав искуство со ТВ. Не знаев како се планира ТВ емисија, никогаш порано не сум зборувал само пред камера; сето тоа беше ново. Ми беше мило што имав можност да ја објавам мојата приказна за Царството, но ТВ емисија беше уште еден страшен предизвик во мојот живот што морав да го совладам.

Работите да бидат уште полоши, на денот на снимањето се случи многу потресен настан што го направи тој ден уште потежок. Продуцентот што дојде да ја снимаме емисијата таа недела мораше да замине среде ноќта. На трагичен начин, неговиот млад син бил прегазен и убиен од соседот додека се враќал во рикверц со својот автомобил. Асистентот кој беше таму ни објасни што се случило, а ние решивме да не кажуваме за тоа никому сè додека не заврши снимањето. Но, некако го пребродивме тоа. Снимавме три емисии тој ден и официјално бевме на телевизија. Леле!

> **„А АКО НЕКОЈ ОД ВАС СТРАДА, НЕКА МУ СЕ ПОМОЛИ НА БОГА.“**
>
> **—Јаков 5:13**

Кога ги започнавме нашите телевизиски емисии, немавме идеја како да продолжиме да плаќаме за времето

за емитување. Но, Бог почна да нè учи дека не само што ќе обезбеди 300.000 долари што ни беа потребни за да започнеме со емитувањето, туку и ќе продолжи да обезбедува за времето за емитување. Имавме уште многу да учиме. Знаете, никогаш не ни мислевме дека луѓето ќе сакаат да сеат во нашата ТВ служба; толку бевме наивни.

Се сеќавам дека Трејси, мојата секретарка, ми се јави од канцеларијата набргу откако почна да се емитува нашата емисија. Кога одговорив, можев да кажам дека е потресена. Нејзиниот глас трепереше. „Пасторе", рече таа, „некој што ја гледал емисијата ни испрати чек од 500 долари. И, Пасторе, кога го зедов, истото помазание беше на тој чек што беше на парите што ги донесовте од индијанскиот резерват". „Дали си сериозна?", возвратив со пелтечење. „Некој навистина ни испрати пари?" Никогаш не ни помислував дека луѓето ќе испраќаат пари како поддршка за емисијата сè додека не го добивме тој чек. Но, фала Му на Бога, луѓето оттогаш ни испраќаат парични средства, и со тоа помагаат емисијата да се емитува ширум светот секојдневно во секоја временска зона! Сметките пораснаа на милиони годишно, но Бог секогаш е верен на Својот збор. Тој секогаш ја плаќа сметката.

Темата на оваа книга е како да Го слушаме и да бидеме водени од Божјиот Дух. Нашата ТВ приказна е добар пример за тоа како Светиот Дух ги води луѓето да прават нешта што се поголеми од сите нивни соништа. Сè што Бог направил во нашите животи потекнува од нашата способност не само да знаеме како функционира Неговото Царство, туку и да можеме да Го слушнеме како ни дава насока, мудрост и одговори што ни се потребни. Приказната што штотуку ви ја кажав никогаш немаше да се случи ако не Го знаев гласот на Светиот Дух. Понекогаш, сите ние се соочуваме со тешки ситуации што можат да изгледаат безнадежни. Но Господ го има одговорот.

*„А ако некој од вас страда, нека Му се моли на Бога."*
—Јаков 5:13

Зошто да се молиме? Затоа што треба да го слушнете одговорот, насоката и решението за проблемот. Јас и Дренда во многу наврати бевме сведоци дека Бог во нашите неволји може да направи многу повеќе отколку што ние воопшто можевме да сонуваме. Тој ќе ви помогне со уникатни, а понекогаш и чудни решенија и стратегии за да можете да ги надминете невозможните ситуации. Многупати, вашата способност да го слушнете одговорот може да биде разликата помеѓу успехот и неуспехот, животот и смртта. Ќе зборувам многу за слушањето на гласот на Светиот Дух во оваа книга, но прво, дозволете ми да ви дадам уште една илустрација за тоа како Светиот Дух може да ви помогне во тешки времиња.

Кога го започнавме нашиот проект за изградба на Нау центарот, кој беше проект вреден 6,5 милиони долари, првично собравме 2,5 милиони долари, а исто така и банката ни одобри некои средства. Ги имавме и парите што се собраа во текот на самиот градежен проект од 18 месеци. За црква од 550 луѓе тоа беше огромен градежен проект. Имавме пробив есента 2007 година, и сè одеше одлично до пролетта 2008 година. Можеби се сеќавате на рецесијата во 2008 година. Да, ние градевме токму додека траеше рецесијата. Цените драстично пораснаа! Цената на челикот беше над 300.000 долари повисока од првично понудената цена. Тоа е само еден пример. Целиот проект драстично го надмина буџетот бидејќи цените на материјалите се зголемија таа година.

Кон крајот на 2008 година, банките во нашата област, а всушност и низ целата земја, престанаа да даваат кредити, а и самите бараа заеми додека рецесијата се продлабочуваше. Нашиот градител еден ден дојде за исплата, што веќе беше однапред одобрена од нашата банка. Тој требаше да ги плати своите подизведувачи и да покрие уште неколку други неподмирени фактури за материјали што веќе беа искористени. Чекот од еден милион долари требаше да биде покриен со однапред договореното банкарско финансирање бидејќи во тој момент веќе го исцрпивме нашиот готовински дел од средствата. Но, немаше достапен чек од еден милион

долари. Бевме шокирани кога откривме дека банката ја повлекува понудата и ја повлекува кредитната линија. Повторно, не станувaше збор само за нашата банка; истото се случуваше со секоја банка во градот. Нашата банка таа недела се најде на насловната страница од локалниот весник. Тие отпуштија 550 вработени истата недела и се бореа да не доживеат финансиски колапс.

Повторно, проблемот беше што нашиот градител требаше да ги плати своите подизведувачи и да плати за залихите што веќе беа искористени. Тој чек од еден милион долари не беше за нешто што ќе им треба во иднина. Градежната фирма веќе го потроши тој милион! Сега други фирми и семејства чекаа да му платиме на нашиот градител за да можат после тие да ги добијат своите пари. Како и ние, и градежната фирма претпоставуваше дека банката ќе продолжи да постапува според првичниот договор. Сега што? Како да постапите во таква ситуација? Немавме еден милион долари при рака, а не сакав да ги молам луѓето од нашата црква за пари. Покрај ова, ТВ програмата станувaше поскапа бидејќи се проширивме на многу повеќе мрежи; нашето време за емитување сега чинеше 50.000 долари месечно. Што можевме да правиме освен да постапиме согласно пишаното во Јаков 5:13, да се молиме!

Во тоа време добивме уште едно наградно патување на Хаваи преку мојот бизнис. Дознав дека банката го блокирала кредитот само неколку дена пред да заминеме. Додека се движев низ аеродромот за да стигнеме на нашиот лет за Мауи, морам да признаам дека сè уште бев малку шокиран. Мојот ум работеше милион километри на час. Но, додека одев низ аеродромот, во искушение да се самосожалувам, го слушнав Господовиот глас. Тој рече: „Подигни го својот стап!“ Додека размислував што значи тоа што Господ се обидува да ми го каже, одеднаш сфатив.

Токму тоа Бог му го кажа на Мојсеј кога Израел немаше каде да оди бидејќи пред нив беше Црвеното море, а зад нив војската на фараонот. Бог му рече на Мојсеј да го подигне својот стап над морето, а кога го направи тоа, морето се раздели, правејќи пат за Израел да премине и

да избега. Стапот што го носеше Мојсеј ги претставуваше ветувањата што Бог му ги даде, како и авторитетот што му беше даден да ја заврши работата.

Знаев што Бог ми кажува во тој момент. Јас бев водач, пастор на оваа црква; ми беше дадено овластување да се справам со таа ситуација. Морав да дејствувам според мојот авторитет, да станам и да најдам начин. Кога стигнавме на Хаваи, сè што можев да направам е да се молам. Не можев да спијам ноќе. Мојот дух беше во немир и знаев дека се борам во Духот за одговорот што ми требаше. Конечно, Дренда имаше идеја за која веруваше дека е од Господ. Фала Му на Бог за мојата сопруга! Бог ја употреби многу пати за да ги дознаеме плановите и насоката што ни требаше во разни ситуации. Не можам да искажам колку ми значи и колку ја сакам. Таа никогаш не се откажува!

Нејзиниот план беше едноставен, но длабок. Ништо не навестуваше дека ќе функционира, но веднаш почнавме да работиме на случајот. Планот беше да составиме презентација што ќе ја дадеме на банката на нашиот градител, а не на нашата банка, барајќи од нив да ни ги позајмат парите. Нашата презентација требаше да ѝ покаже на банката кои сме ние и зошто сметаме дека заемот е најдобар и за нас и за банката. Шансите за позитивен исход беа многу мали, бидејќи како што реков, сите банки во градот престанаа да даваат кредити. Нашето размислување беше дека ако нашиот градител не биде исплатен, тогаш можеби ќе треба да прогласи банкрот, ставајќи ги на ризик сите заеми што дотогаш ги имаше земено од таа банка. Бевме сигурни дека последиците во случај на банкрот ќе донесеа големи загуби на нивната банка, а знаевме дека тие не го сакаат тоа. Да повторам, тоа не беше наша банка, и тие немаа никаква врска или историја со нас.

Така, направивме графикон со детали за демографијата на нашата област и колку брзо растеше областа. На банката ѝ ја покажавме нашата историја и очекуваниот раст. Ги опфативме и повеќекратните начини на кои нашата зграда би произведувала приходи надвор од

нашите црковни служби, како на пример колку брзо растеа приходите од ТВ програмата и многу други работи што мислевме дека ќе бидат од интерес за нив. Сакавме да ги увериме дека сме голем ризик кој би бил профитабилен за банката, дури и во овие тешки времиња. Исто така, сакавме да нагласиме дека ако градителот не биде платен, тие самите можат да бидат изложени на ризик од потенцијални загуби што сакавме да им „помогнеме“ да ги избегнат. Побаравме да се сретнеме со потпретседателот на банката кој беше одговорен за одделот за комерцијални кредити. Се молевме и се упативме кон неговата канцеларија, бидејќи бевме сигурни дека тоа е планот што ни го даде Светиот Дух, и го презентиравме нашиот предлог.

Зачудувачки, по нашата презентација, службеникот побара од својата секретарка веднаш да ни даде чек од 500.000 долари за да го земеме со нас. Тој рече дека тоа што го прави беше несекојдневно бидејќи тоа не е вообичаената процедура во такви околности. Немаше други проверка на нашата финансиска состојба, немаше формулари, само чек од 500.000 долари. Тој рече дека другите 500.000 долари ќе ги добиеме откако ќе извршат проверка на нашата банкарска историја, но нè увери дека тоа е само формалност бидејќи одлуката зависи од него, а така и се случи. На нашиот градител му плативме еден милион долари и ја завршивме зградата.

**АКО НЕКОГАШ САКАТЕ ДА ГО ИСКОРИСТИТЕ ИНЗВОНРЕДНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЦАРСТВОТО БОЖЈО, ТРЕБА САМО ДА ГО СЛУШАТЕ СВЕТИОТ ДУХ.**

Тешко е да опишам како се чувствувавме јас и Дренда на едночасовното возење назад до нашиот дом со тој

чек од 500.000 долари во џебот. Бевме пресреќни и се чувствувавме одлично! Не постои збор што може точно да опише како се чувствувавме во тој момент, но бевме воодушевени од она што штотуку го направи Светиот Дух. Првиот човек на кого се јавивме беше нашиот градител. Сè уште ја слушам радоста во неговиот глас кога му ја соопштивме добрата вест. „Што направи?", рече тој. „Ти го дадоа чекот на лице место?" И двајцата знаевме дека тоа е Божјо дело.

Како се случи тоа? Светиот Дух! Бог ги има одговорите што ви требаат, пријатели. Ако некогаш сакате да го искористите извонредниот потенцијал на Царството Божјо, треба само да научите како да Го слушате Светиот Дух. И токму за тоа е оваа книга.

Чекорењето со Светиот Дух низ животните ситуации е повозбудлив од кој било филм со Џејмс Бонд! И како и во филмот, секогаш знаете кој победува на крајот, без разлика на сите напнати моменти.

ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

# ЦАРСТВОТО

Сигурен сум дека сте слушнале дека се поднесуваат многу несериозни тужби кои не поминуваат на суд. Еве еден пример.

Еден затвореник во затворот во Колорадо поднел тужба за над 88 милијарди долари (да, *милијарди*) против Националната фудбалска лига. Тужбата произлегува од пресудата донесена од судиите за време на плеј-оф натпреварот помеѓу Далас Каубојс и Грин Беј Пакерс. Судиите не го признале фаќањето на Дез Брајант (од Каубојс). Затвореникот не се согласувал со таа одлука. Неговата тужба наведува дека судиите на натпреварот постапиле небрежно и ја прекршиле својата должност. Зошто затвореникот поднел тужба од 88 милијарди долари? Бројот на дресот на Брајант е 88.[1]

Лудо, нели? Мислам дека секој може да сфати дека од таа тужба нема да биде ништо. Но, што одредува дали една тужба е валидна или не? Па, според law.com, двете главни причини поради кои некои тужби не поминуваат на суд се прашањето на надлежност и отсуство на правна основа. Зошто покренувам правни прашања во книга за Светиот Дух? Затоа што ако сакате да видите како Светиот Дух прави нешто во вашата ситуација, треба добро да бидете запознаени со законот. Божјото Царство е токму тоа, царство кое функционира во границите на законите на Царството. Во моите претходни две

книги од овој серијал, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на верноста* и *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на починката*, ги изложив основите за тоа како функционира Царството Божјо во однос на надлежноста и законот. Но, за да разбереме што велам во контекст на Светиот Дух, можеби ќе биде добро да се вратиме и барем да се потсетиме на тие принципи. Да почнеме со квиз.

> *А Исус им рече: „Пророкот никаде не е без почест, освен во својата земја, меѓу роднините и во својот дом." **И не можеше** тука да изврши никакво чудо; освен што излекува малку болни, полагајќи ги рацете врз нив.*
>
> —Марко 6:4-6

Можете ли да ми кажете зошто Исус не можеше да ги излечи луѓето во овој пасус? Стандардниот религиозен одговор е дека сигурно не било Божја волја да ги излекува. На крајот на краиштата, Господ знае најдобро, и ако сакаше да ги излечи, ќе го стореше тоа, нели? Мислам, Тој е Бог. Дали исто така би претпоставиле дека таму имаше луѓе кои требаше да бидат излечени, но не го добија своето исцеление? Мислам дека тоа е очигледно и од текстот. Да се знае одговорот зошто Исус не можеше да ги излечи луѓето е витално прашање, на кое мора да се одговори. Ако го прочитаме заклучокот од приказната, ќе откриеме дека Исус вели дека луѓето не можеа да примат исцеление поради нивниот недостаток на вера. За да ја разбереме Исусовата опсервација и заклучокот зошто луѓето не добија исцеление, мораме добро да ја разбираме верата и зошто е потребно небото да добие правна јурисдикција овде на земјата.

Дозволете ми да го сумирам прашањето во овој случај. Не се работеше за недостаток на моќ или волја од страна на Исус. Прашањето беше прашање на јурисдикција. Во суштина, рајот немаше законска основа да интервенира во таа ситуација за повеќето луѓе таму. Сега, пред да ја фрлите оваа книга во канта велејќи дека немам поим за што зборувам, дајте ми една минута да објаснам.

Кога Адам и Ева беа поставени на Земјата, тие имаа

целосна и апсолутна власт над сè. Мислам дека следниот пасус јасно ја потврдува мојата изјава.

> *„Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сè си потчинил под нозете негови." А кога сè му потчини, ништо не му остави непотчинето.*
>
> —Евреите 2:7-8

Забележете дека Библијата вели дека Адам беше крунисан со слава и чест. Терминот крунисан овде се однесува на место на власт од кое владееше Адам, а не дека тој всушност носеше круна во градината. Но, можеме да претпоставиме дека можеби тој имаше сјај или ореол околу него. Адам ја имаше славата (помазанието и величественоста на Царството) и честа (позиција на власт) на Царството Божјо. И од тие две работи, тој владееше со Земјата, со делегирана власт, во име на Царството Божјо. Сатаната, кој веќе беше на Земјата кога човекот беше создаден, го презираше човекот и ја посакуваше неговата власт. Знаејќи дека не може едноставно да ја земе круната на власт од Адам, бидејќи Адам имаше целосна власт над него, тој мораше да смисли измама за некако да го натера доброволно да ја положи круната (власта).

Така, сатана ја измами Ева, а исто така и Адам, бунтувајќи се против Бог, што резултираше со губење на нивната позиција во Божјото Царство. Следејќи го сатаната, тие сега преминаа под јурисдикција или надлежност на неговото царство. Затоа, можеби ќе прашате: „Зошто Бог воопшто го пушти сатаната во градината?" Па, мораше. Знам дека можеби ќе бидете малку шокирани од тој одговор, но ќе сфатите дека е вистинит. Ајде брзо да погледнеме во Создавање 2:8-9.

> *„И Господ Бог насади рајска градина на исток; и таму го населува човек што го создава. И Господ Бог направи да израстат од земјата секакви дрвја, убави за гледање и добри за јадење, и дрвото на животот среде рајот, и*

*дрвото за познавањето на доброто и злото.“*

Читајќи го овој пасус, може да се запрашаме зошто Бог го стави Дрвото на познавањето на доброто и злото точно во средината на градината до Дрвото на животот. Во основа, за Бог да има легално право да ја нападне територијата на сатана, Тој мораше да му даде на човекот избор да Му служи Нему или на сатаната. Бог не можеше туку така да дојде таму каде што сатаната имаше надлежност и да постави човек таму. За да биде легално, човекот мораше да има избор на кого ќе се потчини. Сè додека човекот го избираше Бога, Дрвото на животот, човекот би владеел над сатаната. Затоа Дрвото на познавањето на доброто и злото мораше да биде поставено веднаш покрај Дрвото на животот.

Еве една важна опсервација што треба да ја направиме. Човекот не можеше да биде поставен на земјата без му биде дадена слободна волја. Знам, поголемиот дел од христијанството вели дека сме создадени со слободна волја за да може Бог да види кој навистина Го сака. Можеби ќе се согласам дека има малку вистина во таа изјава. Но, во основа, ќе беше нелегално без можност за избор. Ако на човекот не му беше дадена слободна волја, тој не можеше да биде ставен овде. Има уште многу да се каже на оваа тема, но тоа беше опфатено во моите претходни две книги.

Така, Адам ја избира измамата на сатана, го изгуби Божјото Царство и затоа Бог го укори во Создавање 3:17-19:

> *„Затоа земјата нека биде проклета за тебе; со <u>мака</u> ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот; трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. <u>Со пот на лицето</u> свое ќе јадеш леб, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш!“*

Во основа, Бог му кажува на Адам дека тој, Адам, ја проколна земјата. Поради тоа што Адам имаше апсолутна

власт над Земјата, тој е оној што ја отвори вратата за да владее сатана и во суштина го исфрли Бог. Божјите раце беа врзани, затоа Адам требаше да преживее со болен труд и пот. Има еден многу мал детаљ што сатаната заборави да ѝ го каже на Ева кога ја искуша. А тоа беше дека Бог веќе му пресуди на сатаната, го исфрли од рајот и објави дека неговиот вечен дом ќе биде место наречено пекол. Важно е да го разберете ова. Толку многу луѓе ќе речат: „Како може еден Бог полн со љубов да ги фрли луѓето во место наречено пекол?" Но тоа не го прави Бог, туку Адам. Како што гледаме во следниот пасус, пеколот не беше создаден за човекот.

> *Тогаш ќе им каже и на оние што се од левата страна: ‚Бегајте од Мене, проклети, во вечен оган,* ***приготвен за ѓаволот и за неговите ангели****!"*
>
> —Матеј 25:41

Кога Адам и Ева преминаа под јурисдикцијата на сатаната, тие исто така преминаа под сатановиот суд. Целата човечка раса премина под власт на сатаната преку Адам. Еве да земеме пример од одгледување стока. Ако една ваша крава има теле, тоа теле ќе биде означено со вашиот жиг бидејќи ви припаѓа вам, бидејќи целото стадо ви припаѓа вам.

Така, целото потомство на Адам автоматски падна под јурисдикција на сатаната. Стандардното религиозно разбирање, или треба да кажам недоволно разбирање, дека судбината на една личност, без разлика дали е рај или пекол, врз основа на тоа колку се добри или лоши, е тотално погрешен концепт. Факт е дека пресудата за нив е веќе одредена. Сите тие одат во пеколот. Не поради нешто што згрешиле, туку поради она што го направи Адам. Сега, поради Божјата љубов кон мажите и жените што ги создаде, Тој смисли план за спасување преку Исус Христос кој им овозможува на мажите и жените да го избегнат тој суд и да бидат вратени под јурисдикција на Божјото Царство.

*„Нè **избави** од власта на темнината и нè воведе во Царството на Својот возљубен Син.“*

—Колосјаните 1:13

Мора да знаеме дека Бог направи законски премин од јурисдикцијата и судот на сатаната. Но, за да го исползува тоа, секој маж, жена и дете мора лично да избере да го искористи тоа со повикување на името на Исус. Христијани, слушнете ме добро. Таа фина жена што живее близу до вас ќе заврши во пеколот, освен ако некој не ѝ каже да го повика името на Исус пред да умре. Ќе има многу фини луѓе во пеколот. Лагата на сатаната е во тоа што ги тера луѓето да мислат дека можат да го избегнат пеколот правејќи добри дела. Името на Исус е Единственото Име што им е дадено на мажите и жените за спасение и за да го избегнат судот на сатаната. Исто така, сакам да појаснам дека кога Адам падна, тој духовно умре и беше отсечен од Бог; сепак, тој сè уште го одржува своето законско право на самата Земја. Токму поради тоа, сатаната мора да користи луѓе инспирирани од демони, а Бог користи луѓе исполнети со Духот за да ги извршат работите на Земјата. Да повториме, разбираме дека одењето во рај или пекол е правно прашање и не се заснова на тоа колку сме добри, туку се заснова на правната победа што Исус ја извојува над сатаната на крстот. Иако Исус легално му овозможи на човекот да излезе од јурисдикцијата на сатаната, да повториме дека секој човек мора да го повика името на Исус со вера за да има полза од тоа.

Знам дека ја напуштивме оваа дискусија пред неколку параграфи, но сега да се вратиме на прашањето што го поставивме претходно: „Зошто Исус не можеше да ги излечи луѓето во Марко 6?“ Реков дека тоа е прашање на јурисдикција, и тоа е. Бидејќи Адам му ја предаде духовната јурисдикција на човечкото царство на сатаната, Бог не може само да дојде овде кога сака, бидејќи тоа би било незаконски. Сега, немојте да го мешате она што само што го кажав со тоа кој ја поседува самата Земја. Библијата е јасна дека Бог ја поседува Земјата и нејзината полнота.

Меѓутоа, во однос на самата Земја и на човекот, Бог нема правна јурисдикција над нив. За ова читаме во Лука 4:5–7.

*Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и Му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое."*

Овде можеме да видиме дека Адам му ја предаде на сатана правната надлежност над царствата на светот. Поради ова, Бог не може едноставно да го направи она што сака да го направи на Земјата за луѓето. Но, ако Бог може да најде маж или жена што верува во Него и е целосно убеден во небесниот авторитет, тогаш Бог може да ја примени Својата власт преку таа личност. Токму на истиот начин сатана доби пристап до земното царство на почетокот, преку оној што имаше легална власт на Земјата, преку Адам. Кога Бог го загуби Својот човек Адам, Тој мораше да најде друг влез назад на Земјата за да го спроведе Својот план за спасување, а тој човек се викаше Аврам.

*И му рече Господ на Аврам: „Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас! А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен; ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на Земјата."*

—Создавање 12:1-3

Аврам, или Авраам, беше вратата што Бог ја употреби за повторно да добие пристап во земното царство и да го донесе Својот план за спасение на човештвото.

Бог склучи завет со Авраам и неговите потомци, и

преку овој правен договор, Бог имаше можност да Го донесе Исус Христос во светот, но само преку лозата на Авраам. Ова е причината зошто Исус мораше да биде потомок на Авраам и зошто на Израелците не им беше дозволено да склопуваат бракови со соседните народи. Тоа е, исто така, причината што првата книга од Новиот Завет не е ништо друго освен родословие. Тоа докажува дека Исус е, всушност, законски потомок на Авраам, со што му докажа на сатаната дека тоа што Исус дојде и ја плати цената за гревот беше сосема легално.

Бидејќи мажите и жените легално сѐ уште имаат власт над Земјата, а тоа не е духовна контрола, Бог и сатаната мора да ги користат луѓето за да направат нешто на Земјата. Едноставно кажано, мажите и жените се единствените правни субјекти на земјата. Но, како што сатана доби пристап преку Адам и Ева верувајќи во она што тој го кажа, така Бог мора да најде луѓе кои ќе веруваат во она што Тој го кажува за да се здобие со правен израз на Земјата. Кога еден маж или жена се целосно убедени во своето срце во она што го кажува Небото наместо она што го вели сатанското царство, тоа се нарекува вера, и му дава правна надлежност на Небото да дејствува преку таа личност на Земјата и да ја спроведе Божјата волја против сатанското царство. Има уште многу да се каже, но јас подетално го опфатив ова во моите први две книги.

Вистинскиот клуч е ова. Бидејќи сатаната е овде на Земјата, тој секогаш го брани своето царство и секогаш се обидува да ги наруши Божјите планови. Поради ова, Бог работи тајно за да ги внесе Неговите планови и стратегии на Земјата. И токму во тоа што знаете како Бог работи тајно, ќе го најдете најголемиот клуч за вашиот успех и победа во животот. Јас тоа го нарекувам *Моќта на стратегијата!*

ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

# ЗАЧУДЕНИ

Телефонскиот повик дојде од еден човек што не го познавав. Тој се претстави и рече дека тој и неколку други мажи навистина уживаат во мојата книга *Лов во вера* и во учењето за Царството Божјо. Всушност, тој ме праша дали сум заинтересиран да одам во Монтана и да одржам предавања во петок навечер и во сабота наутро на група од околу 70 мажи. Пред да одговорам, тој уште рече: „После саботната утринска сесија ние би сакале да ве однесеме на лов на антилопи бидејќи сега е сезоната за лов". Па, не ми требаше многу време да одговорам на тоа прашање. Тој рече со себе можам да ги доведам и моите синови доколку тие сакаат да дојдат. Во текот на летото тие ми помогнаа да ја добијам потребната лиценца за претстојниот лов таа есен. Мојот син Тим реши да дојде исто така и тој се стекна со лиценца за лов на млади антилопи.

Подоцна дознав дека тие се дел од *Верни луѓе* мрежата, и момците беа фасцинирани од приказните за лов што ги споделувам во книгите, а посебно беа воодушевени од приказната за уловот на еленот. Сакаа да слушнат повеќе за тоа како секогаш успевав да уловам елен за само 30 или 40 минути и како Бог ме научи да бидам конкретен во однос на видот на животното што ќе го уловам како на пример полот и големината на роговите. Морам да се согласам дека приказните што ги видов со свои очи беа речиси неверојатни, и ако лично не ги бев искусил,

веројатно ќе бев исто толку љубопитен како и тие.

Конечно, дојде седмицата кога требаше да одиме во Монтана. Тим и јас полетавме и запознавме неколку од водачите на машката група, еден куп одлични момци кои вистински Го сакаа Господ. Нè однесоа на риболов на пастрмка, а исто така бевме и на стрелиште за да ги видиме пушките што ги набавиле за нас. Растејќи во Охајо, не бев навикнат да пукам со пушки на долги растојанија. Нашите закони дозволуваа пушки само за елени, а растојанието беше скоро секогаш помало од 100 метри, најчесто дури и помало од 50 метри. Така, кога ја поставија целта на 200 метри, тоа беше прилагодување за мене; но по малку вежбање, успеав да погодам во центарот, и извикав дека сега може да одиме на лов.

Таа вечер одржав предавање во локалниот училиштен аудиториум, и следното утро исто така. Сите момци беа желни да слушнат и да научат за Царството Божјо, особено како Бог ме научи на законите на Царството преку лов. По ручекот, тие рекоа: „Во ред, ајде да одиме по антилопи". Никогаш не сум ловел антилопи и мислам дека не разбрав каква ќе биде процедурата. Според моето ловечко искуство, на лов се оди со најмногу двајца или тројца ловџии. Но, овој пат беа три или четири полни автомобили. Се сеќавам дека вечерта пред да одиме на лов Тим ме праша: „Тато, зарем немаш трема во случај да не уловиш антилопа? Ќе ги учиш тие луѓе за Царството и ќе им кажеш со сигурност дека Царството функционира секој пат, но што ако не уловиш антилопа?" Му реков дека немам трема дали ќе уловам една антилопа или не. Дренда и јас веќе посеавме семе и се договоривме дека ќе уловам антилопа; сигурен сум дека ќе се случи тоа.

Додека возевме кон ранчот на кој имаа дозвола да ловат, тие ни објаснија дека антилопата е најбрзото животно во Северна Америка и второ најбрзо животно на планетата земја, веднаш после гепардот. Уште ни кажаа дека антилопата има одличен вид и нејзината главна одбрана е трчањето, па ако ве видат ќе ги снема за секунда. Мојата дозвола беше за една антилопа, а Тим имаше дозвола за лов на срни.

Нашиот план беше да стигнеме до ранчот, да се упатиме до највисоката можна точка до каде што може да се стигне со возило, а потоа да се искачиме на врвот и да гледаме надолу кон некои од плитките долини за да видиме дали ќе забележиме животни. Додека се искачувавме кон врвот, забележавме неколку антилопи оддалеку. Поради теренот, чувствувавме дека можеме да се приближиме доволно за да пукаме останувајќи во ниските клисури додека се приближуваме. Моравме многу внимателно да се прикрадеме до последниот рид, а потоа полека да се поткачиме до врвот на ридот за да пукаме ако антилопите се сè уште таму. Планиравме кога ќе стигнеме на посакуваната локација, да пукаме од околу 200 до 250 метри.

Тим и јас полека ползевме по земјата и после долго време се доближиме до работ на ридот што гледаше преку клисурата каде што ги забележавме антилопите. Планот беше откако ќе уловам антилопа, Тим да може да улови срна. Полека ползев до работ и погледнав. Секако, нашиот план успеа; малата група антилопи не нè виде. Ја кренав пушката и ми беше тешко да ја држам стабилно поради оддалеченоста и отежнатото дишење од лазење. Но, конечно, кога помислив дека имам добар нишан на едно животно го повлеков чкрапалото. Промашив. Антилопите изгледаа збунето додека пукав по втор пат. Повторно промашив. Групата антилопи почна да се движи додека јас испукав трет и потоа четврти истрел, сите ја промашија целта. Обидувајќи се да пукам по петти пат, слушнав само еден клик. Останав без муниција.

Во метежот, не забележав, но целото стадо се пушти на бегање и беше надвор од опсегот. Сите освен антилопата во која пукав. Совршено стоеше на само неколку метри од местото каде што стоеше при мојот прв истрел. Избезумено ја побарав пушката од Тим. Станав сега, и пукав стоечки, а животно падна. Бев возбуден и олеснет во исто време. Антилопата беше моја. Се свртев и погледнав назад преку моето рамо, бев изненаден кога ги видов момците како викаат и слават. Некои снимаа со своите мобилни телефони и слушнав како еден рече: „Да, тоа беше исто

како во книгата *Лов во вера*, беа потребни само околу 40 минути и животното застана, исто како во книгата". Сите дојдоа да видат како функционира Царството. На крајот на краиштата, ги поучував со часови, а тие сакаа да видат како функционира. Па, и покрај моето непрецизно пукање, сепак функционираше и додаде кредибилитет на она што го зборував. Тоа попладне, со совршен стрел Тим погоди една млада антилопа што трча. И двајцата бевме толку возбудени! Монтана е едноставно толку убава, а Тим и јас имавме прекрасно искуство во Царството. Главата на антилопата стои закачена над бирото во мојата канцеларија за да ме потсети на Царството и на Божјата верност.

**СВЕТОТ Е ГЛАДЕН ДА ЈА ВИДИ ВИСТИНСКАТА РАБОТА, А БОГ САКА ДА ГИ ВООДУШЕВУВА И НИВ.**

Зошто ви кажувам приказна за лов во оваа книга? Затоа што Бог сака да ве искористи за да им го покаже Своето Царство на сите ваши пријатели, соседи и семејство. Сите сакаат да видат како функционира Божјото Царство. Светот е гладен да ја види вистинската работа, а Бог сака да ги воодушевува и нив. За да ги воодушевите, ќе треба да научите како функционира Божјото Царство и како Светиот Дух ги носи одговорите и можностите што ви се потребни за да ги воодушевите сите, дури и самите себе. Подоцна дознав дека неколкумина од тие момци кои ја водеа машката група ме повикаа да дојдам со многу посебна цел, да го демонстрирам Царството на многу момци што беа заглавени во религија. Подоцна дознав дека многумина Му ги дале своите срца на Господ од моето учење тој ден. Светиот Дух го постави тој план, и Тој ќе ви помогне и со вашите планови за успех.

Дозволете ми да ви кажам уште една приказна, но оваа е директно од Библијата и повторно, ќе илустрира како Бог сака да ве изненади со натприродни планови и стратегии што ќе донесат докази за Неговата реалност и

љубов на оние околу вас.

*Еднаш, кога народот се притискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро. Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*

*А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“*

*Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*

*И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*

*А кога го виде тоа, Симон Петар падна пред нозете Исусови и Му рече: „Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек!“ Зашто него, и сите што беа со него, ги беше обзел страв од многуте риби, што ги уловија, а исто така и Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон.*

—Лука 5:1-10

Петар, Јаков и Јован ловеа риби цела ноќ и ништо не фатија. Тоа беа искусни рибари кои пораснаа на езерото и добро го познаваа, но останаа со празни раце. Но, се разбира, приказната не завршува тука. Исус го позајми чамецот на Петар за да проповеда, а потоа му рече да ја фрли мрежата во длабокото. Петар, малку шокиран, рече дека цела ноќ ловеле без да фатат риба, но на зборот на

Исус, сепак ќе ја фрлат мрежата во длабокото. Кога Петар ја фрли мрежата, Библијата вели дека уловиле толку многу риби што мрежата се скинала, и затоа морал да ги повика своите партнери да помогнат. Светото Писмо понатаму вели дека мрежите на неговите партнери за малку ќе се скинеа и дека двата чамци беа толку полни со риби што за малку не потонаа. Библијата вели дека овие искусни рибари беа толку зачудени од уловот на риба тој ден што се откажаа од риболов и тргнаа по Исус.

Ова е една од моите омилени приказни во Библијата бидејќи јасно покажува слика за разликите помеѓу двете царства, царството на темнината и Царството Божјо. Царството на темнината, владеењето на сатаната, е скршен, осиромашен, и празен систем, полн со мака и пот само за да преживее. Јас го нарекувам земен систем на проклетството предизвикан од бунтот на Адам, во споредба со славната слика на Царството Божјо и она што тоа го создава. Погледнете доволно долго во двете крајности и ќе сфатите дека Бог ви ја дал втората опција, Царството.

Сега, секој христијанин ќе извика и со ракоплескање ќе рече: „Да, Божјото Царство е големо; погледнете го тој улов на риба!" Но, многу малку ќе прашаат како Исус го направи тоа, а повеќето не знаат дека им е дадена истата власт и способност да уживаат во истото ниво на обезбедување како Петар, Јаков и Јован тој ден. Стандардниот одговор во врска со објаснувањето за тоа како Исус го направи тоа што го направи тој ден е дека Тој можеше да го направи тоа затоа што Тој е Исус. Но, чекајте малку; ние веќе видовме дека Исус не можеше да ги исцели сите во Марко 6 затоа што Небото немаше јурисдикција таму. Не, тој ден функционираа одредени духовни закони на Царството што овозможија да се случи тој улов на риба.

Но, еве го проблемот. Повеќето христијани што ги среќавам не ни помислуваат дека е можно да ги направат истите работи што ги правеше Исус, а ако направат нешто, не знаат како се случило тоа. Има една изрека што ја користам кога зборувам на разни конференции, а тоа е дека ако не можете да објасните нешто, тогаш не можете

да го живеете. Мислам дека ако не можете да дефинирате како се случи тој улов, никогаш нема да можете да го искусите во вашиот живот. Затоа, како се случи тој огромен улов? Можете ли да го дефинирате? Ако сакате да постигнете сличен успех, треба да знаете како се појавија тие риби. Чудно, но повеќето луѓе се шокирани кога зборувам за тоа. Но, што вели Исус?

> *„Вистина, вистина ви велам: кој верува во Мене, делата што ги вршам Јас и тој ќе ги врши, и поголеми од нив ќе врши; зашто Јас си одам кај Својот Отец.“*
>
> —Јован 14:12

Кога Исус рече дека можеме да ги правиме истите дела што Тој ги правеше затоа што заминуваше кај Својот Отец, Тој мислеше на Светиот Дух што ќе дојде врз нас по Неговата смрт и воскресение. Ова е истиот Свет Дух што дојде врз Него на реката Јордан, дозволувајќи Му да ги прави моќните Божји дела што ги гледаме кога ја следиме Неговата служба. Бидејќи знаеме дека оваа моќ беше попречена во Марко 6 поради неверувањето на луѓето, а во Лука 5 во однос на рибите не беше попречена, треба да ги проучуваме законите на Царството за да можеме да утврдиме што го попречува, а што го олеснува слободниот проток на Светиот Дух во секоја ситуација. Затоа ајде да ја погледнеме приказната и да видиме дали можеме да ги идентификуваме и научиме законите и начелата на Царството.

Сега, ако сте ја прочитале мојата прва книга, знаете што се случи духовно кога Петар го отстапи својот чамец на Исус. Чамецот на Петар, всушност и целата негова рибарска дејност, го промени царството или јурисдикцијата! Да, кога Исус го зеде под Своја служба, чамецот на Петар премина под јурисдикција на Божјото Царство. Кога веќе чамецот беше под Божјата јурисдикција, Светиот Дух имаше легално право да Му даде на Исус слово на знаење за локацијата на рибите во длабоката вода. Огромниот улов на риби беше резултат на натприродниот план и

стратегија дадена од Светиот Дух на Петар преку Исус тој ден. Јас тоа го нарекувам тајното знаење, и поради тоа, Петар, Јаков и Јован искусија лов на риби како никогаш дотогаш. Всушност, Библијата ни кажува дека овие искусни рибари беа зачудени.

Верувам дека Исус сака и вие да живеете неверојатен живот, живот кој го покажува Царството, така што луѓето околу вас ќе бидат изненадени од она што го гледаат, а исто така ќе можат и да Го запознаат Исус. Верувам дека празните чамци на религијата никогаш нема да ги намамат луѓето кон Бога. Бог сака луѓето да ја видат добрината на Неговото Царство за да искусат и да веруваат дека Тој е добар и сака да ги прими сите што Го чекаат Него. Исаија зборуваше за ова кога го објави следното пророштво, кое се однесуваше на црквата.

> *„И ќе ги наречат дабови на правда, градина на Господ за Негова слава.“*
>
> —Исаија 61:3

Значи, која е пораката што сакам да ја разберете од приказната за рибите во Лука 5? Па, има многу духовни закони што можете да ги издвоите од таа приказна, но ако можете едноставно да заминете со оваа мисла, тоа ќе ви го промени животот.

**Секој може да фати риба ако Исус точно им каже каде да ја фрлат својата мрежа!! Или со други зборови: Секој може да фати риба ако Исус им каже каде се рибите и како да ги уловат!**

Луѓето ми велат: „Па, тоа е убаво, Гери, но Исус веќе не е тука“. Не, туку истиот Свет Дух што Му кажа тогаш каде беа рибите, денес е тука и живее во вас ако сте верници. Слушнете што им рече Исус на Своите ученици додека се подготвуваше да замине.

> *„Ова ви го реков, бидејќи сум со вас. А Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал. Мир ви оставам; мирот Свој ви го*

*давам; Јас ви го давам, но не како што го дава светот. Да не се плаши срцето ваше, ниту да страхува.“*

—Јован 14:25-27

Зошто Исус имаше мир? Затоа што Светиот Дух Му кажа како да се справи со секоја ситуација со која ќе се соочи. Исус Го нарече Светиот Дух Советник. Пријатели, овој Советник живее во вас и никогаш нема да ве остави. Дали Го слушате? Ќе се согласите дека Бог веројатно го има одговорот за секоја ситуација во која може да се најдете. Исус вели дека овој Советник може да ве научи или да ве советува за сè. Според *Strong's Exhaustive Concordance of the Bible* (3875), грчкиот збор овде преведен *Советник* буквално значи: некој што е даден или повикан на нечија страна, особено повикан на помош. Исто така значи и некој кој се застапува за некој друг на суд, бранител, правен помошник или адвокат. Во својата најширока смисла, зборот значи помошник или некој кој носи помош или асистент.

**ИСУС ГО НАРЕЧЕ СВЕТИОТ ДУХ СОВЕТНИК. ПРИЈАТЕЛИ, ОВОЈ СОВЕТНИК ЖИВЕЕ ВО ВАС И НИКОГАШ НЕМА ДА ВЕ ОСТАВИ.**

Не знам за вас, но мене добро би ми дошол еден таков помошник; а на вас? Светиот Дух беше одговорот на Петар кога ловеа риба цела ноќ и ништо не фатија. А Светиот Дух беше мојот одговор кога немав идеја каде да ги најдам парите што ми беа потребни за да ги подмирам долговите. Откако го доведов моето семејство во таков финансиски хаос сите тие години, кога се обратив кон Бога за помош, Светиот Дух беше Тој што ми даде сон една ноќ покажувајќи ми да ја напуштам компанијата во која работев и да основам своја компанија.

Светиот Дух ми кажа дека мисијата на оваа нова компанија е да ја објави Божјата добрина и да им помогне

на луѓето да се ослободат од долговите, што во тоа време беше најлудата мисла што некогаш сум ја слушнал. Да им помогнам на луѓето да излезат од долгови? Бев пример за тоа што не треба да правите со вашите парите. Мојот живот беше финансиски кошмар. Но, тоа е она што Тој рече да го правиме, така што, со вера, Дренда и јас истапивме и во основа го повторивме тоа што го кажа Петар. „Господи, ова нема смисла, но на Твој збор ние ќе го направиме тоа". Следејќи го советот на Светиот Дух, таа нова компанија растеше брзо и ни овозможи целосно да се ослободиме од долговите. Таа компанија сè уште постои денес, 30 години подоцна, и сè уште носи профит стотици илјади долари годишно.

Еј, јас не сум толку паметен, ниту вие, но Бог ви Го даде Светиот Дух за да ви ги даде одговорите што ви се потребни во животот. Но, како што ќе научиме во оваа книга, ние имаме свој дел во целата приказна, работејќи заедно со Светиот Дух за да се оствари Божјата волја.

За жал, од моето искуство со луѓето, изгледа дека многу христијани немаат одговор за проблемите со кои се соочуваат во животот. Тие едноставно цела ноќ продолжуваат да ловат риби со свои сили, и постојано остануваат со празни раце или речиси со празни раце. Тие никогаш не слушнале дека Светиот Дух е овде за да им помогне во секоја ситуација. Иако повеќето христијани ќе речат: „Бог ќе ми помогне да го направам ова или она", тие не разбираат како Тој им помага или како да ги слушнат одговорите што им се потребни. Толку многу луѓе не сфаќаат дека мора да соработуваат со Бог за да го постигнат она што им е потребно, а сепак сè уште чекаат Бог да направи нешто за нивниот проблем иако одговорот е веќе таму внатре во нив.

Во однос на парите, на пример, луѓето велат дека Бог ќе ги благослови. Велам: „Одлично! Како Бог ќе ви ги донесе парите?" Отпрвин се однесуваат навредено од таквото прашање, чувствувајќи се како да ја оспорувам нивната вера. Но, јас сум упорен. „Каде ќе се појават парите? Како Бог ќе ви ги даде парите?" Кога ги притискам за одговор, појма немаат. Во ред е да не знаете одредено време, но на

крајот треба да имате одговор. Не можете да го жнеете она што не го гледате. Запомнете, Исус беше многу конкретен кога му кажа на Петар каде се рибите, па дури и му кажа како да ги фати: „Фрли ја својата мрежа". На крајот, ќе треба да знаете каде да ја фрлите вашата мрежа ако сакате да фатите риба.

Бидејќи луѓето обично имаат менталитет што јас го нарекувам поштенско сандаче, и едноставно мислат дека Небото ќе им ги даде парите, затоа нивните финансиски животи остануваат непроменети цели 10 или 20 години. Тажно е. Дали сакате да знаете зошто остануваат исти? Тоа е затоа што тие никогаш не биле научени како да ловат риба на Божјиот начин, или на начинот на Царството. Тие не знаат како Светиот Дух дејствува на Земјата за да им помогне да успеат. Не знаат каква е нивната и каква е улогата на Светиот Дух во постигнувањето на успехот што им е толку потребен.

Тоа е како човекот што го видов на ручек денес. Тој беше огромен, можеби 150 килограми. На едната нога имаше протеза и со себе имаше два бастуни. Тој едвај се движеше. Откако го изеде својот чизбургер, побара парче пита со путер од кикирики. Бев шокиран кога го слушнав како ја бара таа пита. Не сум сигурен што мислеше, но имаше доволно пита. Тоа беше очигледно и го убиваше. Тој се бореше да стане од масата и полека и болно излезе од ресторанот. Еве како ги гледам христијаните кои живеат денес – ги слушаат ветувањата, но продолжуваат да го јадат отровот и потоа се прашуваат зошто нештата не функционираат.

**СВЕТИОТ ДУХ, САМИОТ БОГ, ЖИВЕЕ ВО ВАС ЗА ДА ВИ ГО ДАДЕ ОДГОВОРОТ ШТО МОЖЕБИ ТРЕБА ДА ГО ЗНАЕТЕ.**

Пријатели, го имате одговорот! Светиот Дух, самиот Бог, живее во вас за да ви го даде одговорот што можеби треба да го знаете. Луѓе ме прашуваат дали треба да се омажат за Сузан или Сали,

дали треба да ја прифатат оваа или онаа работа, дали треба да се преселат или да останат таму каде што се, да ги продадат своите акции или да купат нови акции. Светиот Дух во вас ги има одговорите. Повторно, ова е целта на оваа книга, да научиме како Светиот Дух ни помага и како функционира Царството во однос на слушањето на гласот на Светиот Дух.

Да повториме кратко.

**Секој може да фати риба ако Исус им каже каде и како да лови, можете дури и вие!**

Карол во оваа е-пошта објаснува како нејзиниот живот се променил.

> *Минатата година, на денешниот датум, за мојата ќерка, која сѐ уште веруваше во Дедо Мраз, купив божиќни подароци со кредитна картичка бидејќи немав кеш, при што го достигнав лимитот. Живеев во постојан стрес и тага и му напишав на пасторот Гери дека тоа што го зборува за сеењето не функционира, бидејќи ништо не се случува; а тој многу трпеливо ми одговори да чекам, бидејќи потребно е време за жетвата која обично не се случува за еден ден.*
>
> *Денес, една година подоцна, купувам подароци за целото мое семејство со готовина. Купувам подароци кои чинат 300 или 400 долари и им оддавам чест на неколкуте луѓе кои ми помогнаа во тие тешки моменти. Минатата година неколку месеци живеев во подрумска соба кај мои пријатели. Немав пари ниту за храна, ниту за гориво. Но, сега живеам во прекрасен и скап стан, а фрижидерот ми е полн со храна.*
>
> *На 3 декември ѝ беше роденден на ќерка ми и ја однесовме во паркот Херши во Пенсилванија. Ја поканивме нејзината најдобра пријателка и останавме во хотелот Херши, и плативме сѐ во готово. Можев да ѝ купам одличен подарок што ме чинеше повеќе од 400 долари, додека минатата*

*година некој ме понижи давајќи ми 30 долари за да го прославам нејзиниот роденден.*

*Не можам ни да го напишам овој пост без да плачам. Многу сум благодарна на пасторот Гери и неговата сопруга Дренда. Оваа година беше најдобрата година во мојот живот. Работите што Бог ги направи во мојот живот се прекрасни. Би можела да напишам книга со сите мои приказни. Ти благодарам што ме научи дека можам да го искусам Небото на Земјата.*

Следната порака е една од најневеројатните приказни за Царството што сум ги слушнал; доаѓа од Шарон во Мичиген.

*Пастор Гери, ова го пишувам во мое и во името на мојот сопруг. Само сакам да ви кажам благодарам затоа што вие и вашата сопруга бевте целосна инспирација за нас. Слушнавме за вас од емисијата на Сид Рот пред околу три или четири години. Поминувавме низ многу тежок период. Мојот сопруг беше отпуштен од работа по 18 години, а ние штотуку изградивме куќа вредна 280.000 долари кога се случи тоа. Бевме до врат во долгови и стрес.*

*Ги нарачавме вашите ЦД-а, а тие многу ни помогнаа. Научивме дека долгот може да биде толку осакатувачки и драстично да влијае на здравјето и животот. Не гледавме излез. Иако не можевме да плаќаме рати за нашата нова куќа, живееевме во неа две години пред да мораме да си заминеме. Тоа само по себе беше благослов.*

*Но, накратко, мојот сопруг се врати на старото работно место по четири години затоа што остана во вера и веруваше во Божјите ветувања, а вие и вашата сопруга ни помагавте преку тие ЦД-а. Освен што мојот сопруг ја доби старата работа, згора на тоа му беа исплатени сите заостанати плати за*

*тие четири години! Сето тоа се случи без адвокат или било каква правна интервенција. Тој, исто така, го доби целото време за одмор од тие четири години што му беа вратени. Всушност, кога ја доби назад својата стара работа, прво нешто што му кажаа е да оди на одмор! Па, можевме да платиме во кеш за подобра куќа од онаа што ја изгубивме од заостанатите плати што ги доби. Ви благодариме за сѐ што правите.*

Од Андру од Мисури:

*Пред две години, во мај, се наоѓав во тешка ситуација. Не бев задоволен на старото работно место и затоа прифатив нова позиција како надворешен комерцијалист. Имав многу заостанати долгови, едвај имав пари за гориво и храна, а крајот на месецот за кирија доаѓаше брзо. Она што го имав, сепак, беше куп ЦД-а од Гери од серијата Револуција 2.0. Бев на богослужба еден ден и одлучив да посеам семе, но имав само 23 долари и едвај доволно гориво за да ја поминам неделата. Работата не одеше добро, и сакав да Му кажам на Бог дека сакам да сеам, но едноставно немав пари. Слушнав глас внатре во мене, велејќи дека Јас (Бог) можам да направам повеќе со тие 23 долари отколку што можеш ти. Бог ме поттикна да посеам 20 долари и да Му верувам за добра жетва.*

*Тој четврток му помагав на мој колега. Бев подготвен да помогнам, иако немаше да добијам многу од тоа, дури и ако имавме успешна продажба. По завршувањето на денот, мојот претпоставен ми рече дека го цени мојот труд и дека можам да ги имам сите продажби за тој ден (нешто што не се случува во нашиот сектор, доколку се прашувате). Знаете што? Вкупниот профит што требаше да го добијам беше... 2000 долари!!! 100-КРАТНО ВРАЌАЊЕ за помалку од една недела!*

*Бог е навистина верен и малкуто е многу кога Бог е вмешан во тоа. Оттогаш, редовно давам десетокот и прилог со радосно срце и очекувам раст.*

*Неколку месеци откако се случи ова, бев благословен со нова позиција што беше ТОКМУ она за што сеев. Порано преживував, а сега имав четирикратно зголемување на приходите за само две години. Слава на Бога и Нему Му припаѓа целата слава. Друго сведоштво: Банката повеќе не го поседува мојот автомобил, јас возам сосема нов и ЦЕЛОСНО исплатен автомобил!!!*

Еве едно сведоштво од Кореја:

*Почитуван пастор Гери,*

*Живеев живот без цел и не можев да си дозволам ништо сама. Порано живеев од добрината на другите, а кога на луѓето им здодеа да ми помагаат, мојата единствена надеж беше да купам едно пакување бисквити и шише Кока-кола. Само тоа можев да си дозволам да јадеме јас и моите две деца. Не можев да си дозволам да ја платам киријата или сметките. Сè уште можам да се сетам кога првпат ја гледав вашата црковна богослужбата во живо. Му објаснив на онлајн пасторот колку е лоша мојата ситуација, а тој ми рече дека треба да Го молам Бог да ми покаже како и каде да ловам риба како што му покажа на Петар кога требаше да плати данок. Да ја скратам приказната, сега поседувам африкански ресторан и берберница, сето тоа поради слушањето на учењата на пастор Гери. Му давам слава на Бог за тоа!*

Ова беа некои одлични приказни! Но, можеби велите: „Тоа е одлично, Гери. Секако, работите функционираат за другите луѓе, но не и за мене“. Па, вашата приказна

не е завршена! Да ве прашам нешто. Додека седите и го читате ова поглавје, дали очајно се држите за вашиот стол плашејќи се дека може да полетате во воздухот? Не. Зошто? Затоа што го разбирате законот на гравитацијата и знаете дека тој е ист за сите. Па, Царството Божјо функционира на ист начин. Можете да ги научите законите. Можете да научите да ги слушате уникатните стратегии кои ќе го претворат вашиот живот во приказна за Божјата моќ. Веќе го утврдивме фактот дека проникливоста и помошта на Светиот Дух ги овозможи овие приказни. Затоа, ајде да го започнеме нашето патување со преглед на некои основи на Светиот Дух, а потоа ќе преминеме на подетален преглед на стратегиите што ни се потребни.

ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

# ОСНОВИ: НЕ ИЗЛЕГУВАЈ ОД ДОМА БЕЗ ОВА

Ако сакате да имате живот полн со стратегии од Светиот Дух и со победи предводени од Светиот Дух, прво, треба да се новородите, а потоа да бидете крстени во Светиот Дух. Да, тоа се две сосема различни дела на истиот Дух. Ако ова е нешто непознато за вас, тоа е во ред. Ќе се обидам да ви објаснам. Но, дозволете ми да преминам веднаш на суштината, знаејќи дека е многу важно да се биде крстен во Светиот Дух Исус им кажа на учениците да не излегуваат од дома без крштевањето! Повторно, не го велам јас тоа; Исус го вели тоа во Дела 1:4-5.

*„Не оддалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот што сте го слушале од Мене: Јован крштаваше со вода, а вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух.“*

—Дела 1:4-5

*„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата.“*

—Дела 1:8

Забележете дека Исус им вели: „Не излегувајте од дома без ова – бидејќи е неопходно!“ Во основа, Тој им велеше: „Потребна ви е оваа сила за да ги вршите Божјите дела, за да бидете сведоци на Царството“. Сепак, денес, има мноштво христијани кои допрва треба да слушнат или да го доживеат крштевањето на Светиот Дух, мноштво христијани кои се воспитани во црква, но сè уште никогаш не слушнале за потребата од крштевањето на Светиот Дух. Или тие биле воспитани во црква и им било кажано дека крштевањето не е за денес и дека чудата престанале.

Јас израснав во таква црква и никогаш не бев слушнал за Крштевањето на Светиот Дух. Добивам толку многу е-пошта од луѓе ширум светот кои допрва треба да слушнат за оваа моќна вистина. Многу од пораките што ги добивам ја доведуваат во прашање валидноста на овој дар за денес, поради што одвоив време да напишам за вистината за крштевањето на Светиот Дух.

Верувам дека Библијата е многу јасна во врска со оваа тема, и ќе оставам Библијата да зборува за себе. Ќе одговори на сите ваши прашања. Но, прво, сакам да ви дадам малку позадина за тоа како ја открив вистината за крштевањето на Светиот Дух.

Кога бев помлад, бев гладен за Бога (сè ште сум, иако сум постар), и одев во црква што припаѓаше на одредена деноминација. Неделните богослужби ни поминуваа рутински. Можеби и вие имате слична позадина. Се сеќавам на неколку химни проследени со тивок момент на медитација. Секогаш ја цитиравме Господовата молитва, а потоа пасторот одржуваше проповед, и на крај имавме завршна химна и благослов. Секоја богослужба беше иста.

Луѓето таму беа прекрасни и, да, тие навистина Го сакаа Бога. Но, никогаш не ја видов реалноста на Евангелието. Не можам да кажам дека животите на тие луѓе драматично се менуваа или дека се случуваа исцеленија преку Божјата сила. Исто така можам да кажам дека не видов многу демонстрации на Царството Божјо.

Бев гладен за Бог, имав 18 години и ја водев пицеријата на татко ми. Една вечер, еден дечко влезе во пицеријата и

ме покани на богослужба. Настанот се одржуваше во мала методистичка црква во мојот град, а гостинот говорник беше евангелизатор кој зборуваше за тоа дека Исус и денес ги прави истите работи како во Библијата.

Тоа ми го привлече вниманието затоа што сакав и јас да го видам тоа. Неколку мои пријатели одеа во таа црква, па решив да одам на тие богослужби. Иако таа ноќ не се зборуваше за крштевањето на Светиот Дух, бев длабоко допрен од присуството на Бог. Моите пријатели што присуствуваа таму ме охрабрија да дојдам повторно на неделната богослужба, па јас и го направив тоа. Се заљубив во таа црква и истата стана мој нов црковен дом.

Неколку недели после богослужбите за духовна обнова, запознав група жени што одеа во црквата и исто така одржуваа библиски проучувања секоја недела. Тие зборуваа за нешто што се нарекува крштевање на Светиот Дух, за даровите на Духот и за разни други работи за што никогаш порано не бев слушнал. Бев толку желен да слушнам за оваа моќ за која зборуваат така што ги прашав дали може да дојдам на нивното женско библиско проучување. Нивното библиско проучување беше наутро, и бидејќи мојата работа во пицеријата беше навечер, решив да присуствувам.

Кога стигнав, дознав дека навистина сум единствениот дечко таму и единствениот осумнаесетгодишник, но тоа не ми беше важно. Отидов на библиското проучување затоа што бев гладен за Бог. Поставив *многу* прашања.

Дамите беа толку трпеливи со мене и ме водеа низ Светото Писмо и ми покажаа во *мојата* Библија дека крштевањето на Светиот Дух е за денес и дека Божјата сила и денес е достапна исто како што беше кога Исус одеше по Земјата. Најдобриот дел беше кога рекоа дека е за *сите* верници – или за секој што бара.

Откако присуствував на библиското проучување неколку недели, ми рекоа дека националната служба наречена *Сјајот на жената* одржува средби низ градот. *Сјајот на жената* беше и сè уште е организација која учи многу за крштевањето на Светиот Дух. Овие жени планираа да присуствуваат и ме поканија да одам со нив.

Во тие денови, луѓето од сите конфесии се собираа да слушнат и да уживаат во ова крштевање за кое дотогаш главно се зборуваше само во пентекосталните цркви. Тоа беа денови што многу луѓе ги нарекуваат Харизматично пробудување, каде што ова учење за Светиот Дух беше над сите деноминации.

Кога присуствував на тој собир, видов дека има стотици дами. Повторно, јас бев во малцинство како маж, но во таа просторија имаше присуство на Бога што беше опипливо.

Се зачудив кога луѓето зборуваа за исцеление, и се шокирав кога некои за кои се молеа паѓаа на земја. Тоа беше нешто што никогаш порано не сум го видел, и затоа бев љубопитен и малку збунет. Дознав дека луѓето таму го нарекоа тоа допрен од Духот. Иако природно ми се чинеше малку чудно, луѓето што го искусуваа тоа како да стануваа воодушевени и очигледно допрени од Бога. Подоцна, од дамите дознав дека нашето тело не може да ја содржи Божјата сила и понекогаш може да биде под силно влијание на она што тие го нарекуваа „помазание“.

Тие ми покажаа дека тоа се имаше случено и во службата на Исус. Во Јован 18:4-6 кога дојдоа војниците да го уапсат Исус, Тој ги праша:

> *„Кого барате?“ Му одговорија: „Исус од Назарет!“*
> *Исус им рече: „Јас сум...“*
> *А кога им рече: „Јас сум“ – тие се повлекоа назад и <u>паднаа на земјата</u>.*

За време на богослужбата жените беа многу возбудени и многу луѓе околу мене зборуваа и Го фалеа Бог на јазици. Целото искуство беше толку ново за мене што во поголемиот дел од службата само стоев во страв. Иако имаше многу аспекти од богослужбата кои ми беа малку чудни, не можев да го негирам неверојатното и опипливо присуство на Бога. Бев многу возбуден кога открив дека реалноста на Евангелието, Божјата сила сѐ уште дејствува на Земјата, исто како во Библијата.

Тој ден, говорникот ги повика сите што сакаат да го

примат овој дар на Светиот Дух, да излезат на молитва на крајот од богослужбата. Затоа отидов напред каде што жените се молеа за мене. Додека тие се молеа почувствував силно присуство на Бог. Кога се предадов на Неговото присуство, бев изненаден кога слушнав како всушност се молам во Светиот Дух и изговарам зборови што не ги разбирам. Долго време се молев на јазици таа вечер. Бев толку обземен од искуството, сакав на сите што ги знам да им кажам што ми се случи! Но, кога им кажав на моите пријатели во црквата за она што го доживеав, тие не беа толку возбудени. Тие вообичаено говореа дека јазиците се од ѓаволот или дека не се за денес. Ме предупредија да се држам настрана од тие луди светци!

Во тие денови, црквите не беа отворени за даровите на Духот, а преовладуваше доктрина дека чудата се завршени со апостолите. Но, сега разбрав дека Божјата сила воопшто не престанала!

Непосредно пред да се одржи тој настан, бев одговорен за младите во таа мала методистичка црква. Навистина не се бараше многу од мене, освен да ги водам младинските состаноци секоја недела навечер во црковниот подрум. Обично игравме игри, јадевме грицки и имавме кратко библиско проучување. Јас бев навистина млад, но видов дека имам ревност за Божјото дело и дека сум подготвен да помогнам.

Обично имавме околу 15 деца во групата, и после моето искуство тој ден на состанокот на *Сјајот на жената*, сакав да им кажам за крштевањето на Светиот Дух што го доживеав. Знаев дека, како мене, повеќето од нив не ни слушнале за ова искуство и знаев дека нема да слушнат за тоа за време на неделната утринска богослужба во таа црква.

Пред да ви кажам што се случи потоа, мислам дека треба да ви кажам како јас размислував во тоа време. Не побарав дозвола од пасторот да зборувам за тоа со младите. (Сега сфаќам дека требаше.) И јас не му кажав што ми се случи.

Не се обидував да се бунтувам против мојата црква и не се обидував да го заобиколам мојот пастор. Бев

само возбуден. Во тоа време, навистина не ја разбирав контроверзноста околу оваа тема и секако не мислев дека пасторот ќе биде против тоа.

Неделата вечер откако го примив крштевањето на Светиот Дух, планирав да им кажам на младите за тоа што ми се случи и да им покажам неколку стихови што зборуваа за крштевањето во книгата Дела. Бевме во црковниот подрум и седевме на подот во круг кога им кажав за моето искуство и поминав низ стиховите што го потврдуваа таквото искуство.

Таа вечер, пасторот дојде на средбата и седеше од мојата лева страна додека споделував. Не мислев дека е некаков проблем што пасторот е таму. Како мој пастор, мислев дека тој веќе знае сѐ што ќе споделам во секој случај.

Така, споделив со нив за средбата на која бев и за работите што ги видов. Навистина не навлегував во многу детали за зборувањето на јазици. Наместо тоа, се фокусирав на Дела 1:9 каде што пишува дека ќе добиеме *сила* кога Светиот Дух ќе дојде врз нас за да бидеме сведоци за Бога. На крајот од состанокот, навистина не знаев како да ја завршам лекцијата, па само ги замолив децата да кренат рака ако сакаат да го примат крштевањето на Светиот Дух.

Не знаев што да правам во тој момент. Мислам, никогаш не сум видел некој да му служи на некого за крштевањето на Светиот Дух, освен она што го видов на состанокот на *Сјајот на жената*. Мислам дека во тоа време можеби знаев само два или три стиха што се однесуваат на тоа.

Затоа, само реков: „Ако сакате да го добиете овој бесплатен дар на Светиот Дух, само кренете ја раката и да ги наведнеме главите и да се молиме“. Тоа е навистина сѐ што реков. Не ги допрев и не ги подучив како да Го примат Светиот Дух. Ги наведнавме главите и се помоливме. Се разбира, ги затворивме очите за да се молиме како што беа поучени сите „добри“ деноминациски христијани.

Додека седев таму, откако реков „Амин“, почнав да слушам некаков метеж меѓу децата.

Ги отворив очите и видов дека некои од децата плачат,

некои се тресат, а седум деца почнаа да зборуваат на јазици. Кога почнаа да зборуваат на јазици, го видов најнеобичниот сјај на нивните лица. Тие беа осветлени како светилки! Бев шокиран!

Мојот пастор, кој до тој момент не рече ништо, брзо ме потчукна по рамото и ме праша дали може веднаш да разговара со мене. Влеговме во соседната соба, а тој ме погледна во очи и рече: „Ова е од ѓаволот. Не можеш повеќе да бидеш младински водач овде. Вакво нешто нема да толерираме овде".

Си помислив, *Како можеш да кажеш дека е од ѓаволот? Мислам, погледни ги овие деца! Тие блескаат!* На нив физички можеше да се види помазанието. Се разбира, тогаш не ни знаев што значи зборот *помазание*. Само знаев дека светат а јас ниту ги допрев ниту им кажав како да постапат. За мене беше многу обесхрабрувачки и збунувачки што мојот пастор така ме прекорува, а јас не знаев што да правам. Следната недела се вратив во црквата, но наместо да седнам напред каде што обично седев, седнав одзади. Знаев дека пасторот сега на мене гледа на друг начин поради младинскиот состанок, и мислев дека е подобро да не се експонирам премногу додека нешата не ми станат појасни.

За време на неделната утринска богослужба владееше вообичаената тишина за медитација. Ова беше многу почитуван и тивок момент на молитва во мојата црква. На сите им беше наведната главата, а во црквата владееше потполна тишина. Можеше да слушнете ако падне игла. Токму во тој момент почувствував дека некој ме тапка по моето рамо. Бев на крајот од клупата, и очигледно некој стоеше покрај клупата и ме потчукна по моето рамо.

Отпрвин, бев шокиран кога помислив дека некој шеташе во текот на многу тивкиот и резервиран момент за молитва. Кога го кренав погледот, се изненадив кога видов едно од децата кои беа на состанокот за младите претходната недела. Знаев и дека тој беше еден од седумтемина кои го примија крштевањето на Светиот Дух таа ноќ. Тој ме погледна и рече: „Ајде да одиме!" Си помислив, *Да одиме? Каде да одиме?*

Неверојатно, тој блескаше исто како ноќта кога Го прими Светиот Дух, и знаев дека Бог прави нешто. Но, не бев сигурен дека ова е време или место да направам нешто, бидејќи веќе бев укорен еднаш од страна на пасторот. Знаев и дека не можеме да правиме сè што ќе ни текне во црква во недела наутро. Тогаш тој рече: „Ќе одам да се молам за мајка ми“.

Почнав да разбирам што се случува. Ја познавав неговата мајка. Таа беше мала, слаба жена и беше болна долго време. Таа имаше пет пршлени во грбот кои беа оштетени, а докторот само се надеваше дека ќе може да ги спои. Оваа операција беше многу сериозна, а мојот пријател беше нејзиното единствено дете. Се разбира, тој беше загрижен за својата мајка.

Откако го прими крштевањето на Светиот Дух, тој чувствуваше сигурност дека Исус ќе ја исцели неговата мајка. Затоа, кога рече: „Ајде да одиме“, помислив дека ќе оди таму горе и ќе ги положи рацете на мајка му и тивко ќе се моли за неа. Но, тоа не е она што тој го направи. Тој отиде кај мајка си, ја зеде веднаш од клупата и ја однесе пред црквата.

Ја седна и почна да се моли за неа колку што може погласно на јазици. Сега запомнете, сето тоа се случи во „тивкиот“ момент на медитација, кој повеќе не беше толку тивок. Бев шокиран! Потоа се сврте кон мене и ми рече: „Објасни што се случува“.

Сега сфатив зошто ме повика да дојдам. Тој мислеше дека бидејќи јас сум тој што му кажа за крштевањето на Светиот Дух, затоа ќе можам да кажам пред целата црква за тоа откако ќе го слушнат како се моли на јазици за својата мајка.

Така, јас стоев пред црквата како негов гласноговорник, и таму тој на јазици се молеше за својата мајка. Навистина не знаев што да кажам, особено што мојот пастор седеше таму и ме гледаше. Кажав само дека мајка му е болна и дека тој се моли за неа на јазици, за што пишува во Библијата. Но, знаете што? Таа веднаш оздраве тоа утро во црква!

Тоа беше верата на еден син на кој навистина не му беше важно што другите ќе мислат за него што се моли. Тој беше убеден дека Светиот Дух е жив и дека може да ја исцели мајка му.

И покрај тоа што таа веднаш беше исцелена, црквата не го прими тоа. Всушност, многумина дојдоа кај мене потоа и ми рекоа: „Па, не ми пречеше што се моли за мајка му, но јазиците, не ги сакаме јазиците". Па, можам да гарантирам дека и ѓаволот ги мрази јазиците, и се надевам дека до крајот на оваа книга ќе ви помогнам да разберете зошто е тоа така.

Можеби сте пораснале во црква каде што не се практикувал говорот во јазици и другите дарови на Духот. Или можеби израснавте во црква учејќи дека јазиците не се за денес или дека престанале. Не е тешко да се одговори на овие прашања. Библијата е многу јасна на оваа тема. Затоа, ајде внимателно да го погледнеме Словото и да ја дознаеме вистината за крштевањето на Светиот Дух. Да се вратиме на стиховите што ги прочитавме на почетокот на ова поглавје.

> *„Не оддалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот што сте го слушале од Мене: Јован крштаваше со вода, а вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух."*
>
> —Дела 1:4-5

Во овој стих има неколку важни работи што треба да ги забележиме:

1. Крштевањето на Светиот Дух е различно од крштевањето во вода.
2. Исус рече дека тоа е исклучително важно. Всушност, Тој јасно стави до знаење дека нема да можете да направите ништо без тоа.

Запомнете, Исус штотуку им рече на учениците да одат и да го проповедаат Евангелието на сите народи,

но тие нема да можат да го покажат или да го потврдат Царството Небесно без ова крштевање. Затоа, тој рече: „Останете додека не ја добиете таа сила“.

**„ЗБОРОВИТЕ ШТО ВИ ГИ КАЖУВАМ, ОД СЕБЕ НЕ ГИ ЗБОРУВАМ; ТУКУ ОД ОТЕЦОТ, КОЈ Е СЕКОГАШ ВО МЕНЕ, ТОЈ ГИ ВРШИ ДЕЛАТА.“**

**—Јован 14:10**

*„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата.“*

—Дела 1:8

*Сила*! Грчкиот збор за *сила* овде е *дунамис* и оттаму го добиваме зборот динамит. Така, гледаме дека Божјата сила доаѓа врз нас да ги вршиме Неговите дела. Претходно во службата на Исус, Тој спомна дека силата или помазанието под кое дејствува е од Неговиот Татко.

*„Зборовите што ви ги кажувам, од Себе не ги зборувам; туку од Отецот, Кој е секогаш во Мене, Тој ги врши делата.“*

—Јован 14:10

*„Вистина, вистина ви велам: Синот не може да прави ништо Сам од Себе.“*

—Јован 5:19

Знаете, на Исус му требаше таа сила од Самиот Божји Дух. Зборот *помазание* значи, „да се примени на“. Исус го прими тоа помазание на реката Јордан од Својот Татко кога Светиот Дух слезе врз Него во вид на гулаб.

Дури откако Исус го прими тоа помазание, можеше да ги врши делата на Царството. Ако на *Исус* му требаше таа

сила, ни треба и нам! Таа сила ќе сведочи (или ќе даде сведоштво) докажувајќи дека Бог е реален за оние што не Го познаваат.

Библијата, исто така, вели дека ќе добиете сила кога Светиот Дух ќе **ДОЈДЕ НА ВАС**, а не кога ќе дојде *во* вас како кога се наново раѓате.

Многумина се збунети кога зборуваме за крштевањето на Светиот Дух, мислејќи дека тие веќе Го примиле Светиот Дух кога Го прифатиле Христос. И вистината е дека тие Го примиле Светиот Дух кога Го *примиле* Христос. Светиот Дух ги оживеа нашите духови за Бога и ги направи едно со Бога.

Ние сме живи за Бога со силата на Светиот Дух во нас кога ќе се родиме повторно. Но забележете дека овој стих вели кога Светиот Дух ќе дојде *на* вас. Ова е важен факт што ќе го опфатиме подоцна во оваа книга: новораѓањето и помазанието или крштевањето од Светиот Дух се два различни настани. Можеме подобро да го разбереме ова ако погледнеме во Јован 20:21-22.

> *А Исус пак им рече: „Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам.“ И кога им го кажа ова, дувна и им рече: „Примете Дух Свети!“*

Го гледаме Исус овде после Неговото воскресение како ги поздравува Своите ученици, дува на нив, и им кажува да Го примат Светиот Дух. Ова е моментот кога тие се новородија и нивните духови станаа живи за Бог. Сепак, Исус им кажа да го чекаат Крштевањето на Светиот Дух, кое ќе <u>дојде врз</u> нив подоцна.

Ако тие Го примија Светиот Дух кога Исус вдахна врз нив, зошто Тој би им рекол да чекаат во Ерусалим додека не Го примат Светиот Дух Кој им беше ветен дека ќе дојде врз нив? Да повторам, станува збор за два различни настани и две различни функции, но Духот е ист. Исто така, како што веќе реков, сакам да истакнам дека Исус мораше да биде крстен во Светиот Дух за да започне и да биде делотворен во Неговата служба. Пред Исус да се крсти во Светиот Дух, нема запис дека Тој направил

некое чудо. Дали Исус го умножуваше лебот на трпезата кога растеше? Дали правеше чуда кога бил бебе? Дали ја умножуваше храната за бебиња кога немаше веќе доволно кога сè уште беше гладен? Не! Не. Зошто не го правеше тоа? Едноставниот и искрен одговор е: *не можеше*.

Дури *откако* Го прими Светиот Дух на реката Јордан, почна да прави чуда. Знаете, Исус дојде како човек. Тој не дојде како Божји Син во Неговата моќ и слава. Како човек, Тој беше ограничен како што секој човек е ограничен. Тој не можеше да лечи или да прави чуда, исто како што јас и ти не можеме да правиме чуда со свои сили.

Меѓутоа, за разлика од нас, Духот на Исус не беше мртов за Бог кога се роди како бебе. Неговиот дух беше секогаш жив за Бог; Тој немаше потреба да се новороди како ние. Меѓутоа, иако Неговиот дух беше жив за Бог како Син, Тој сепак требаше да биде крстен од Светиот Дух пред да може да ја започне Својата служба, исто како и ние.

> *И штом се крсти, Исус веднаш излезе од водата. Одеднаш Му се отворија небесата и Го виде Духот Божји како слегува како гулаб и се спушта над Него. И ете, глас од небесата говореше: „Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!“*
>
> —Матеј 3:16-17

Запомнете, за нас Исус е Цар на царевите и Господар над господарите, но Тој не служаше од таа позиција. Чудата започнуваат дури откако Светиот Дух дојде врз Него кај реката Јордан.

Вашата служба (бидејќи *секој* верник е повикан да ги врши делата на Исус) не може да започне додека не се крстите со Светиот Дух – потребна ви е силата на Светиот Дух за да ги вршите Божјите дела. И ви треба способност да се молите во Духот за да знаете како да ги вршите, за што всушност ќе разговараме подоцна.

Се разбира, можете да им понудите на луѓето да се новородат со тоа што ќе им кажете што вели Библијата за спасението. Многу христијани што не се крстени во Светиот Дух се ефективни во споделувањето на Добрата

вест, но немаат сила да го покажат Царството како Исус. Тоа е причината за многу неубедливо проповедање.

Кога Исус се соочи со фарисеите во врска со нивното неверување, Тој се осврна на чудата што ги правеше. Тој рече:

> *„Верувајте Ми дека Јас сум во Отецот и Отецот е во Мене. Ако ли, пак, не – тогаш верувајте во Мене <u>заради</u> делата.“*
>
> —Јован 14:11

Исус во основа вели дека оваа демонстрација на Царството става крај на сите дискусии; прашањето е решено. Сега, се разбира, секој верник има полно законско право за сѐ што плати Исус, вклучително и здравје. Сите верници може да ги добијат сите Божји ветувања со вера (договор со Небото), и не им треба Крштевањето на Светиот Дух за тоа.

Но, за таа сила да тече од вас кон другите, и да фунцкионирате во даровите на Духот и да уживате во благословот од тие Небесни тајни молејќи се на јазици, мора да ја имате силата на тоа помазание! Сфаќам дека можеби не разбирате што мислам кога велам молитва на јазици. Не дозволувајте да ве плаши тоа; подоцна целосно ќе објаснам.

Мојата ќерка Ејми води славење во нашата црква, црквата *Вера и Живот*, во Њу Албани, Охајо. Неколку години имаше состојба која сите нѐ збунуваше – нејзиниот стомак полека растеше и физички се познаваше нешто како топче. Иако бевме кај многу лекари, никој не можеше да сфати зошто се случува тоа. Сите велеа дека така е градено нејзиното тело.

Тоа продолжи сѐ додека таа не изгледаше како да е бремена околу шестиот месец. Во тоа време, Ејми направи рендген, и на снимката јасно се гледаше масивниот израсток во нејзиниот стомак. Гледајќи ја снимката, Ејми знаеше кој треба да биде следниот чекор медицински, а тоа беше операција. Таа штотуку се омажи, Ејми знаеше дека каква било операција може да

ја спречи или да оневозможи било кога да има деца. Тоа воопшто не беше опција за Ејми. Целиот живот сонуваше да биде мајка. Можевме да видиме и на снимката дека огромниот израсток ги помести нејзините органи, а тоа и предизвикуваше проблеми со варењето, како и сериозни проблеми со бубрезите. Таа реше навистина сериозно да се посвети на Божјото Слово и да одвои време да се фокусира исклучиво на она што Библијата го учи за лекувањето. Во тој временски период, јас предавав за исцелување во црквата *Вера и Живот*. На крајот од тој серијал, Ејми ги замоли старешините да положат раце врз неа и да се молат за нејзино исцелување според Јаков 5:14–15, што и го направивме.

> *„Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика свештениците црковни, та да се помолат и да извршат помазание над него со елеј во името Господово. И молитвата со вера ќе го исцели болниот, и Господ ќе го крене; и гревови, ако направил, ќе му се простат.“*
>
> —Јаков 5:14-15

Ејми, убедена во Божјото Слово, го *побара* своето исцеление кога ги положивме рацете врз неа. Иако немаше физичка манифестација на нејзиното исцеление во моментот кога се молевме за неа, таа беше убедена дека е излечена.

Две недели подоцна, таа си легнала во кревет, сè уште без физички докази дека е излечена, но утрото се разбудила во шок. Додека спиела таа изгубила 6 килограми и околу 22 сантиметри околу половината. Нејзиниот искривен и здрвен грб исто така станал сосема нормален. Таа веднаш оздравела!



ПРЕД ПОТОА

Овие слики го покажуваат неверојатното исцелување. Сликата лево е како изгледала Ејми кога си легнала. Сликата од десната страна е како изгледала кога се разбудила.




Можете да ја видите рендгенската снимка на нејзиниот

грб лево пред да се излечи и рендгенската снимка направена неделата откако беше излечена на десната страна. Забележете ја драматичната промена на ‘рбетот!

Ејми беше во тоа време и сѐ уште е водач на славење во црквата *Вера и Живот*. Па, можете да замислите што се случи следната недела кога таа дојде во црква – луѓето зјапаа во неа! Луѓето застануваа во фоајето шокирани и велеа: „Што ти се случи? Дали доби ново тело?“ Целата црква беше во шок таа недела додека Ејми водеше славење, и таа демонстрација на Божјото Царство донесе многумина кај Бог и многумина беа исцелени.

Сигурно ќе се согласите, луѓето треба да го видат Божјото Царство на дело. Во Дела 1:8, гледаме дека помазанието, ова Крштевање на Светиот Дух е од витално значење.

> *„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сѐ до крајот на земјата.“*
>
> —Дела 1:8

А според Исус, тоа е од *суштинско* значење за демонстрирање на Божјото Царство.

> *„А знаците, на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие: со Моето име ќе истеруваат демони; ќе говорат нови јазици; ќе фаќаат змии и ако нешто смртоносно испијат, нема да им наштети; на болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат.“*
>
> —Марко 16:17-18

Фаќањето змии и пиењето смртоносен отров се однесуваат на царството на сатана и го означуваат стравот. Сатановото царство е поразено. Исус не сугерира дека ние всушност фаќаме опасни змии или пиеме отров, туку ја користи оваа фраза како пример за силата што ни е дадена над непријателот. Ние треба да ја употребуваме таа власт и сила Божја таму каде што сатаната заземал место и да ги ослободуваме луѓето!

Забележете дека Исус вели „**овие знаци**“ ќе ги придружуваат оние што веруваат. Кога луѓето ги гледаат овие *знаци (*демонстрации) на Царството, тие ќе прашаат како се случиле. Знакот укажува на нешто. Само по себе, знаците не се одговорот, но укажуваат на Исус, Кој е одговорот!

Овие знаци ги запираат сите дебати за тоа дали Исус е Господ или не – ТОЈ Е! И кога луѓето ќе видат дека Тој е, ќе се покајат и ќе дојдат кај Бога. Затоа на вас и на мене ни треба крштевањето на Светиот Дух и не можеме да бидеме вистински ефективни без него!

Значи, сега кога поставивме малку основа за тоа зошто ви треба крштевањето на Светиот Дух, ајде да ги испитаме стиховите во Библијата што говорат за ова помазание.

ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ДОКАЗИ ОД СВЕТОТО ПИСМО

Еден од најдобрите начини да се стекне разбирање за крштевањето на Светиот Дух е да погледнеме на оние што го примија на Денот на Педесетница како што е запишано во книгата Дела. Додека ги проучуваме овие стихови, вашата вера и доверба дека ова крштевање е и за вас ќе растат.

> *Кога дојде денот Педесетница, сите апостоли беа заедно и на исто место. Тогаш ненадејно се создаде шум од небото, како силен ветар кога дува, и ја исполни целата куќа, каде што седеа. И им се јавија јазици како од пламен, кои се разделуваа и се спуштија по еден над секого од нив посебно. И сите се исполнија со Дух Свети, и почнаа да зборуваат на други јазици, онака како што им даваше Духот Свети да изговараат.*
>
> *Тогаш во Ерусалим имаше Јудејци, побожни луѓе, од секој народ под небото. Кога се создаде тој екот, народот кој се насобра многу се збуни, бидејќи секој ги слушаше како зборуваат на неговиот сопствен јазик.*
>
> *И сите вчашени и восхитени, говореа: „Овие што зборуваат, зар не се сите Галилејци? Па како тогаш слушаме како секој од нив зборува на нашиот мајчин јазик? Парти, Мидијци, Еламити и жителите од Месопотамија, Јудеја и Кападокија, од Понт и Азија,*

*Фригија, Памфилија, од Египет и од краиштата на Либија покрај Киринеја, па и привремено дојдените Римјани. Како ние Јудејците, така исто и придојдените, Критјани и Арапи, еве слушаме како тие зборуваат за големите дела Божји на нашите јазици?“*

*Сите се чудеа и во недоумение си зборуваа еден со друг: „Што ли ќе биде ова?“ А други, потсмевајќи се, велеа: „Се напиле со слатко вино!“*

—Дела 2:1-13

Првото нешто што сакам да го видите е дека Библијата вели дека **сите беа** исполнети со Светиот Дух! Второ, *сите* зборуваа на јазици. Можеби сте слушнале како луѓето го опишуваат денот на Педесетницата и објаснуваат зошто сите зборуваа на јазици. Некои инсистираат на тоа дека тоа беше еднократно искуство за црквата бидејќи таму беа собрани луѓе од многу народи и затоа, следствено, беа потребни јазици за да им се проповеда евангелието на сите луѓе на различни јазици

Но, ако внимателно го читаме Светото Писмо, ќе видиме дека сто и дваесетте што беа во горната соба зборуваа за прекрасните Божји дела. Тие не го проповедаа Евангелието; тие само Го фалеле Бога.

*„Еве слушаме како тие зборуваат за големите дела Божји на нашите јазици?“ Сите се чудеа и во недоумение си зборуваа еден со друг: „Што ли ќе биде ова?“*

—Дела 2:11-12

Луѓето кои стоеја наоколу слушајќи како Го фалат Бога на својот мајчин јазик беа воодушевени и збунети. Тогаш Петар стана и проповедаше порака за спасение, а тој ден во црквата беа додадени 3.000 души. Сега, ако учениците *проповедаа* на јазици, немаше да има потреба Петар да стане и да проповеда. Но, додека Петар не застана да проповеда, тие не го разбираа тоа што го слушаа. Јазиците не беа користени за проповедање на евангелието тогаш, и не се користат за проповедање на евангелието сега.

Подоцна ќе зборуваме за бенифитот од говорењето во јазици, но засега, само се осврнувам на вообичаениот аргумент што сум го слушал низ годините.

Да повторам, сакам да ја истакнам поентата дека Библијата вели дека *сите* примија и *сите* зборуваа на јазици. Сега, ако Библијата останеше на тоа, можеби ќе се сомневаме дали зборувањето на јазици е за целата црква. Но, Библијата не го прави тоа. Наместо тоа, откриваме дека овој феномен продолжи и кај *секој човек* што го прими крштевањето на Светиот Дух по денот на Педесетницата.

Дозволете ми да ви кажам за еден од тие луѓе што беше присутен на Денот на Педесетницата – неговото име беше Филип.

> *Тие што се беа распрснале, сега одеа наоколу благовестувајќи го Словото. Така Филип слезе во еден самарјански град и таму им Го проповедаше Христос. Народот еднодушно внимаваше на тоа што зборуваше Филип, слушајќи и гледајќи ги чудата што ги правеше тој.*
>
> —Дела 8:4-6

Овде гледаме како Филип го демонстрира Царството, а луѓето го слушаат. Така треба да биде и денес! Кога луѓето ќе ги *видат* знаците, кога ќе ги *видат доказите* за Царството, тие ќе обрнат внимание на она што го кажувате.

> *Зашто нечисти духови со голем вик излегуваа од оние во кои се наоѓаа, и мнозина неподвижни и сакати оздравуваа. И голема радост настана во тој град.*
>
> —Дела 8:7-8

Забележете дека Филип чекореше во силата што штотуку ја доби додека беше во Ерусалим. Знаците го следеа, бидејќи силата Божја им беше очигледна на сите. Го имаше примено тој *динамис*, (грчки збор за *сила*) затоа можеше да биде сведок на Царството Божјо.

*Кога слушнаа апостолите што беа во Ерусалим дека Самарија го примила Словото Божјо, ги пратија кај нив Петар и Јован. Тие, штом слегоа, се помолија за нив за да Го примат Духот Свети. Зашто сè уште не беше слегол ниту на еден од нив, а само беа крстени во името на Господ Исус. Тогаш апостолите положија над нив раце и тие Го примија Светиот Дух.*

—Дела 8:14-17

Кога апостолите во Ерусалим слушнаа дека луѓето во Самарија го прифатија Словото Божјо, ги испратија кај нив Петар и Јован. Кога стигнаа, се помолија за нив да Го примат Светиот Дух, бидејќи Светиот Дух *сè уште не беше слегол* на ниту еден од нив. Сепак, Библијата само ни кажува дека демоните заминаа, луѓето беа исцелени, се случија големи Божји дела, а луѓето поверуваа во Исус и се крстија во вода. Но, исто така, вели дека Светиот Дух сè уште не беше ДОШОЛ НА ниту еден од нив!

Видете, Филип проповедаше спасение и тие го прифатија и го примија, но сè уште не го добија крштевањето на Светиот Дух. Тие беа новородени, но погледнете ја формулацијата: Светиот Дух сè уште не беше „СЛЕГОЛ НА НИКОЈ ОД НИВ". Повторно ја гледаме таа разлика - Светиот Дух *во* нас (новораѓање) и Светиот Дух кој доаѓа *на* нас со таа сила.

Библијата не кажува зошто Филип не им проповедаше за крштевањето на Светиот Дух. Можно е тој да заминал од Ерусалим веднаш откако самиот бил крстен со Светиот Дух и во тоа време не знаел дека тоа е за секого. Без оглед на причината, очигледно е дека луѓето поверуваа во евангелието и беа крстени во вода, што значи дека се новородија. Но, забележете колку им беше важно на апостолите луѓето во Самарија да го примат крштевањето на Светиот Дух веднаш.

Нивната прва мисла не беше да им кажат како да се облекуваат. Тие не рекоа: „Да им кажеме како да се облекуваат побожно или кога да одат црква". Воопшто не гледаа на некои си правила. Што беше првото нешто што

им беше важно? Крштевањето на Светиот Дух! Така тие се потрудија веднаш да се упатат таму и да им кажат на овие луѓе сè за крштевањето на Светиот Дух.

Тогаш Петар и Јован ги ставија рацете врз нив и тие Го примија Светиот Дух. Токму тогаш и таму Го примија Светиот Дух. Кои беа доказите? Верувам дека тоа се случи како во сите други претходни случаи: молитва на јазици.

> *А Симон, кога виде дека Духот Свети се дава со полагање раце од апостолите, им донесе пари, и им рече: „Дајте ми ја и мене таа власт, та над кого и да ги положам рацете, да Го прими Духот Свети!“*
>
> *Но Петар му рече: „Среброто твое нека загине заедно со тебе, зашто помисли дека дарот Божји може да се стекне со пари. Ти немаш дел ниту право на таа работа, бидејќи срцето твое не е право пред Бога. Туку покај се за оваа зла намера и помоли Му се на Бога за да ти се прости помислата на срцето твое; бидејќи те гледам дека си исполнет со горчлива жолчка и во окови на беззаконие.“*
>
> *А Симон одговори: „Помолете Му се за мене на Господ вие, да не ме стигне ништо од она што рековте.“*
>
> —Дела 8:18-24

Кога Симон видел дека Духот се дава со полагање раце, им понуди на апостолите пари за да му дадат таква власт. Симон сигурно виде нешто, некаков доказ дека нешто се случува кога се прима Светиот Дух. Ја сакаше таа моќ.

Сега, не пишува дека луѓето во тој конкретен случај зборуваа на јазици, но нешто видливо се случи што можеа да го видат. Симон виде нешто што е моќно и сакаше да има способност да им го даде тоа на луѓето. Верувам дека неговите коментари покажуваат дека тие го добија тоа крштевање исто како и сите други и почнаа да зборуваат на јазици. Повторно, сакам да истакнам колку крштевањето на Светиот Дух беше важно за црквата во Ерусалим – тоа беше од витално значење!

Кога се случи обраќањето на Павле на патот за Дамаск, еден човек по име Ананија беше испратен кај Павле да се

моли за него.

> *„Брате Савле, Господ Исус, Кој ти се јави по патот, по кој доаѓаше, ме прати за да прогледаш и да се исполниш со Дух Свети.“*
>
> —Дела 9:17

Библијата не вели дека Павле зборуваше на јазици кога го прими крштевањето на Светиот Дух, но знаеме дека тој зборуваше на јазици и верувам дека го прими тој дар исто како и сите други. Можеби ќе прашате зошто верувам така. Одговорот е лесен. Тоа е поради она што самиот Павле го пишува во 1 Коринтјаните 14:18.

> *„Му благодарам на мојот Бог, зашто зборувам на други јазици повеќе од сите вас.“*
>
> —1 Коринтијаните 14:18

Значи, можеме да дојдеме до заклучок дека Павле зборуваше на јазици кога се крсти во Светиот Дух. Додека ги читате поглавјата од Дела, ќе откриете дека ова крштевање продолжува да се случува во црквата. Тоа не се случи само на Денот на Педесетницата.

Подоцна, во Дела 10, Петар е испратен во домот на неевреите и е доведен да им го проповеда евангелието. Запомнете, ова беше многу невообичаено за Петар, кој беше Евреин, да отиде во домот на неевреин. Тој отиде само затоа што доби видение за тоа од Светиот Дух.

> *Додека Петар уште ги зборуваше тие зборови, Дух Свети слезе над сите што го слушаа Словото. А обрезаните верници, што беа дојдени заедно со Петар, се изненадија што дарот на Светиот Дух се излеа и над незнабошците, зашто ги слушаа како зборуваат на разни јазици и Го возвеличуваат Бога.*
>
> *Тогаш Петар рече: „Може ли некој да ја забрани водата за да не бидат крстени оние кои Го примија Духот Свети како и ние?“ И им заповеда да бидат крстени во името на Исус Христос. Потоа тие го*

*замолија да остане кај нив неколку дена.*

—Дела 10:44-48

Додека Петар го проповедаше евангелието Христово во овој нееврејски дом, Светиот Дух дојде на сите што ја слушнаа пораката. Бидејќи Светиот Дух не може да се види, како знаеја дека Светиот Дух беше се спуштил врз нив? Текстот вели дека обрежаните верници кои дојдоа со Петар беа вчудовидени што дарот на Светиот Дух беше излеан дури и врз незнабошците, <u>бидејќи ги слушаа како зборуваат на јазици и Го фалат Бога</u>.

Значи, кој беше доказот дека Светиот Дух беше таму? Петар мораше да го препознае она што му беше очигледно, дека Бог ги прифаќа овие луѓе. Фактот што ги виде како зборуваат на јазици кога тој воопшто не им зборуваше ништо за крштевањето на Светиот Дух беше доволен доказ за него. Петар *знаеше* дека тие го примија крштевањето затоа што Го примија Светиот Дух исто како и тој – и тие се молеа на јазици.

Ќе забележите огромна разлика помеѓу она што модерната црква мисли дека е важно и она што првата црквата мислеше дека е важно. Еден од моите омилени стихови што толку јасно укажува дека секој треба да се крсти во Светиот Дух, и без сомнение потврдува дека тоа е дело на Светиот Дух што не е поврзано со новораѓањето, е во Дела 19:1-2.

*Додека Аполос беше во Коринт, Павле откако мина низ горните земји, дојде до Ефес. Таму сретна некои ученици, и им рече: „Кога поверувавте, примивте ли Дух Свети?“ А тие му одговорија: „Ние не сме ни слушнале дека има Дух Свети.“*

—Дела 19:1-2

Кога Павле влезе во градот Ефес, најде некои ученици и ги праша: „Дали Го примивте Светиот Дух кога поверувавте?“ Ова беше првата мисла на Павле кога наиде на овие верници.

Павле знаеше дека новоаѓањето е различно искуство

од крштевањето на Светиот Дух бидејќи крштевањето се манифестира со зборување на јазици.

Зошто ова беше првото нешто што Павле им го рече? Затоа што тоа беше истото што Исус го кажа во Дела 1:4! Тој во основа рече: „Не го напуштајте градот без тоа!“ Што направија апостолите во Ерусалим кога дознаа дека луѓето во Самарија го слушнаа Словото? Тие рекоа: „Момци, појдете таму веднаш. Мораме да се увериме дека тие нема да пропуштат нешто што Бог сака да им даде. Станете и појдете таму и погрижете се да го добијат крштевањето на Светиот Дух“. Кога Павле, минувајќи низ Ефес, се сретна со некои ученици, првото нешто што ги праша беше: „Дали Го примивте Светиот Дух откако поверувавте?“

**ВЕРУВАМ ДЕКА ОВА Е КОНТРОВЕРЗНА ТЕМА ВО МНОГУ ЦРКВИ НЕ ЗАТОА ШТО ЈА НЕМА ВО БИБЛИЈАТА, ТУКУ ЗАТОА ШТО ЃАВОЛОТ ТОЛКУ МНОГУ ЈА МРАЗИ.**

Кога тие одговорија: „Не, не сме ни слушнале дека има Свети Дух“, Павле ги праша како беа крстени. Тие одговорија: „Со Јовановото крштевање“. Павле им кажа дека крштевањето на Јован е крштевање на покајание бидејќи тој потоа им рече на луѓето да веруваат во Оној што доаѓа по него. Тоа значи да веруваат во Исус.

Кога го слушнаа ова, тие се крстија во името на Господ Исус (водено крштевање). Потоа, кога Павле ги положи рацете на нив, Светиот Дух слезе врз нив и тие зборуваа на јазици. Забележете дека кога Павле го постави прашањето, тој претпоставуваше дека тие веруваат во Исус. Затоа тој праша: „Дали Го примивте Светиот Дух откако поверувавте?“ Тој знаеше дека крштевањето на Светиот Дух и новораѓањето се две различни искуства.

Верувам дека ова е контроверзна тема во многу цркви не затоа што ја нема во Библијата, туку затоа што ѓаволот

толку многу ја мрази.

Затоа што, ако ова е силата, ако ова е вратата што води кон способноста да се менуваат животите и да се биде сведок на светот, тогаш тоа значи дека се дигаме против богот на овој свет, а знаеме што мисли тој за тоа. Крштевањето на Светиот Дух ни дава резервоар на сила, Божја сила, да ги вршиме делата на Исус за да се прослави Бог!

ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ

# ДАЛИ СИТЕ СЕ МОЛАТ НА ЈАЗИЦИ?

Можеби сте слушнале како луѓе велат дека тие не зборуваат на јазици и дека не веруваат дека секој може или треба да зборува. Тие потоа го цитираат 1 Коринтјаните 12:27-30 како причина зошто веруваат така. Тие потоа истакнуваат дека самиот Павле вели дека сите не зборуваат на јазици. Па, ајде да го погледнеме текстот и да видиме дали тоа навистина го вели Павле.

> *„Вие сте телото Христово, а поодделно – членови. И некои од вас Бог постави во Црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па за помагање, за управување и за зборување на разни јазици. Та сите ли се апостоли? Сите ли се пророци? Сите ли се учители? Сите ли се чудотворци? Сите ли имаат дарба да лекуваат? Сите ли зборуваат на разни јазици? Сите ли се толкувачи?“*
>
> —1 Коринтјаните 12:27-30

Во овие стихови, Павле ѝ кажува на црквата во Коринт како да ги организираат богослужбите на начин на кој секој ќе има можност да биде благословен на тие собири. Во тоа време, сите тие сакаа да се истакнат со своите

духовни дарови и нивните омилени проповедници. Павле ги учеше како да дејствуваат како едно тело во единство и во љубов. Ајде сега подетално да ги разгледаме овие стихови во 1 Коринтјаните 12:27-28:

> *„Вие сте телото Христово, а поодделно – членови. И некои од вас Бог постави во Црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па за помагање, за управување и за зборување на разни јазици. Та сите ли се апостоли? Сите ли се пророци? Сите ли се учители? Сите ли се чудотворци? Сите ли имаат дарба да лекуваат? Сите ли зборуваат на разни јазици? Сите ли се толкувачи?“*

Павле продолжува со својата мисла, но јас ќе престанам затоа што сакам да зборувам малку за фразата, „во црквата“. Тој зборува за вистинскиот црковен собир. Тоа можеме да го потврдиме во 1 Коринтјаните 14:18-19 каде Павле ја користи истата фраза:

> *„Му благодарам на Мојот Бог, зашто зборувам на други јазици повеќе од сите вас; но ВО ЦРКВА повеќе сакам да кажам пет зборови разбирливи, за да поучам и други, отколку илјадници зборови на непознат јазик.“*
>
> —1 Коринтјаните 14:18-19

Павле вели: „Му благодарам на мојот Бог, зашто зборувам на други јазици повеќе од сите вас, „**но во црквата...**“ Повторно ја има таа фраза, и овој пат е јасно дека Павле зборува за редовните неделни собирања во црква, а не за целото тело Христово. Сите ќе се согласат дека Павле е дел од целото Христово тело, „црквата“. Секако дека е. И вели дека му е мило што зборува на јазици повеќе од сите верници во Коринт. Тој го кажа ова затоа што тамошната црква се радуваше во нивната нова способност да зборуваат на јазици, а во сето тоа немаше ред туку само конфузија.

Тој во основа вели: „Еј луѓе, јас зборувам на јазици повеќе од сите вас, но постои начин како тоа треба да

изгледа „во црквата", без конфузија и во ред". Понатаму, тој вели дека во црквата (собирот на верниците) повеќе сака да зборува со разбирање (на нивниот заеднички јазик) за да можат другите да се изградат.

На самата црковна богослужба, некои луѓе ќе служат во дарот на јазици и толкување за изградба на телото, како што е запишано во 1 Коринтјаните 12, но сите нема или не треба да дејствуваат во тој дар. Павле дури вели да се ограничи бројот на најмногу три лица што ќе зборуваат на јазици и ќе толкуваат на една богослужба.

> *„Ако некои зборуваат на непознат јазик, двајца или најмногу тројца, нека зборуваат по ред, а еден да толкува."*
>
> —1 Коринтјаните 14:27

Значи, кога Павле вели дека сите не зборуваат на јазици, тој мисли „во црквата" или на црковните собири.

Треба да разберете дека секој верник има можност да се моли на јазици, но не сите се надахнати да служат со дарот на јазици и толкување на црковните богослужби. Ако навистина го имате тој повик да го користите тој дар на богослуслужбите, Библијата вели дека треба да се молите и за дарот на толкување.

> *„Затоа, оној што зборува на друг јазик, нека се моли за дар да може да го толкува."*
>
> —1 Коринтјаните 14:13

Верувам дека личноста која зборува на јазици е најверојатниот кандидат за толкување на богослужбата бидејќи пораката веќе тече низ неа.

Зошто треба да се молите на јазици? Ѓаволот ги мрази верници што знаат да се молат во Духот (на јазици), и навистина сакам да разберете зошто е тоа така.

Кога Павле вели дека му е мило што се моли на јазици повеќе од другите, мора да има причина зошто вели така. Павле кажува нешто во 1 Коринтјаните 14 што треба да го прочитаме.

*„Кој зборува на друг јазик, тој се **надградува** сам себе; а кој пророкува, тој ја **надградува** Црквата.“*
—1 Коринтјаните 14:4

Ајде да навлеземе малку подлабоко. Што значи зборот надградба? Зборот надградба значи, „да се поучи или да се има корист, особено морално или духовно; да се подигне“. [2]

Сигурно ќе се согласите дека има многу моменти кога ви треба насока за да знаете по кој пат да одите, да ја разберете ситуацијата во која се наоѓате или да ја донесете вистинската одлука. Молитвата на јазици може да ви помогне во тоа: да ве изгради или да ве поучи. Павле ја разјаснува оваа вистина во Римјаните 8:26-27:

**„ИСТО ТАКА И ДУХОТ НÈ ПОТКРЕПУВА ВО НАШАТА НЕМОЌ; БИДЕЈЌИ НИЕ НЕ ЗНАЕМЕ КАКО ТРЕБА ДА СЕ МОЛИМЕ.“**

**—Римјаните 8:26-27**

*„Исто така и Духот нè поткрепува во <u>нашата немоќ</u>; бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување. А Оној Кој ги истражувал срцата, знае каква е мислата на Духот, бидејќи Тој по волјата на Бога посредува за светиите.“*

Павле ни кажува дека имаме проблем и слабост: „Не знаеме за што да се молиме“. Може да прашате: „Зошто е ова слабост?“ Можеме да разбереме зошто ова е слабост ако го прочитаме 1 Јован 5:14-15.

*„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нè услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме, знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*

Без да ја знаеме или да бидеме уверени во волјата Божја, не можеме да дејствуваме во вера (да бидеме во согласност со Бог), а ако не можеме да дејствуваме во вера, тогаш сигурно сме во слаба состојба затоа што без вера нема да можеме да се допреме до благодатта или силата Божја. Затоа, Павле вели дека незнаењето како да се молиме е состојба на слабост што може да се надмине со молитва на јазици. Да го прочитаме нашиот текст уште еднаш.

> *„Исто така и Духот нѐ поткрепува во нашата немоќ; <u>бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме</u>.“*
>
> —Римјаните 8:26

Нашата слабост е што не знаеме да се молиме! Библијата не ни кажува со кого да стапиме во брак, каде да живееме или каква работа да прифатиме. Без да ја знаеме Божјата волја, не можеме да знаеме и да веруваме дека добиваме од Бога кога се молиме. Повторно, ова е огромна слабост! Немаме доверба во Бога кога не знаеме која е Неговата волја. Но, постои начин како да ја препознаеме Божјата волја во секоја ситуација во животот. Постои начин како да бидеме сигурни во Божјата волја за да можеме да дејствуваме со вера и доверба.

Токму за тоа зборува Павле. Изградувањето за кое тој зборува значи да се има пристап до тоа знаење – знаењето што доаѓа од Божјиот Дух. И ние можеме да Го слушнеме Бог кога се молиме во Духот или на јазици. Ако понатаму го следиме советот на Павле во Римјаните 8:26-27, го читаме следново:

> *„Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување. А Оној Кој ги истражувал срцата, знае каква е мислата на Духот, бидејќи Тој по волјата на Бога посредува за светиите.“*

Павле овде не говори дека воздивнуваме кога се молиме во Духот, напротив, неговите зборови се однесуваат на претходните стихови.

*„Зашто знаеме дека целото создание заедно со нас стенка како во породилни болки. И не само тоа, туку и ние самите, кои ги имаме првините на Духот, воздивнуваме во себе, очекувајќи посинување и откупување на нашето тело. Зашто со таа надеж бевме спасени. А надежта што се гледа не е вистинска надеж. Зашто, кој би се надевал во тоа што го гледа? Кога се надеваме, пак, на она што не го гледаме, со трпение го очекуваме.*

*Исто така и Духот нè поткрепува во нашата немоќ; бидејќи ние не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување. А Оној Кој ги истражувал срцата, знае каква е мислата на Духот, бидејќи Тој по волјата на Бога посредува за светиите.“*

—Римјаните 8:22-27

Павле овде го користи зборот воздивнување како илустрација или аналогија на она што се случува во нас. Ние воздивнуваме во себе, како жена што се пораѓа. Односно, ние раѓаме нешто од Божјиот Дух во нас, добиваме нешто ново, нешто што никогаш порано не постоело; или нешто што не е од нас самите. Така, ние го „раѓаме“ знаењето за она што не го знаеме, нешто ново, од нашите сопствени духови преку процесот на молитва во Духот. Библијата ни кажува дека Божјиот Дух се моли за совршената Божја волја во секоја ситуација преку нашите духови. Таа вели дека Самиот Бог се моли за нас, преку нашите човечки духови, со офкања што не можат да се изговорат (артикулирани преку јазик што е разбирлив).

Значи, она што го откриваме овде е дека Светиот Дух ќе посредува за нас со воздивнување (раѓање) користејќи неартикулирани зборови, зборови што не ги разбираме (или јазици). А оној што ги испитува нашите срца, го познава умот на Духот затоа што Духот (Божјиот Дух) посредува за светиите во согласност со Божјата совршена волја. Божјиот дух се моли за совршената Божја волја во секоја ситуација **преку вашиот дух кога се молите на јазици**.

Ние сме несигурни кога не ја знаеме Божјата волја. Верата не може да се ослободи додека не ја знаеме Неговата волја. Павле вели дека ако се молиме во Духот, самиот Божји Дух преку нас ќе се моли за Неговата совршена волја во нашите животи во секоја ситуација.

Кога Божјиот Дух се моли преку нас на јазици, како ние се изградуваме ако не знаеме што зборуваме? Одговорот се наоѓа во следните зборови на Павле.

*„Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат.*

*А нам, пак, ни го откри тоа Бог преку Својот Дух, зашто Духот продира во сѐ, па дури и во длабочините Божји. Бидејќи, кој човек знае што има во човекот, освен човечкиот дух кој живее во него? Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух. Но ние не го примивме духот од овој свет, туку Духот Кој доаѓа од Бога, за да го знаеме она што ни е дарувано од Бога; па тоа и го проповедаме не со зборови научени од човечка мудрост, туку научени од Светиот Дух: толкувајќи го она што е духовно со духовни поими.“*

—1 Коринтјаните 2:9-13

Како прво, Павле вели дека имаме пристап до работите што никогаш не сме ги слушнале, виделе или помислиле, како што и досега ви кажував јас. Но, тој продолжува и ни кажува како функционира сето тоа:

*„Бидејќи, кој човек знае што има во човекот, освен човечкиот дух кој живее во него? Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух.“*

—1 Коринтјаните 2:11

Пред да го опфатам овој аспект од Светото Писмо, прво треба да ја разбереме основата. Според 1 Солунјаните 5:23, ние сме составени од три дела: дух, душа и тело.

*„А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сѐ, и*

*целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок за доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!“*
—1 Солуњаните 5:23

Нашиот дух е она што се однесува на Божјото во нас; нашата душа е нашиот ум, волја и емоции; а нашето тело е наше тело. Павле вели дека нашата душа (ум, волја и емоции) и дух се толку тесно поврзани што нашиот дух ги знае нашите мисли.

Обратно е исто така точно. Нашиот ум може да ги знае мислите од нашите духови. Павле вели дека Божјиот Дух ги знае Божјите мисли и дека ние Го примивме Божјиот Дух за **да ги знаеме** нештата што Бог ни ги даде бесплатно.

*„Но ние не го примивме духот од овој свет, туку Духот Кој доаѓа од Бога, за да го знаеме она што ни е дарувано од Бога; па тоа и го проповедаме не со зборови научени од човечка мудрост, туку научени од Светиот Дух: толкувајќи го она што е духовно со духовни поими.“*
—1 Коринтјаните 2:12-13

Павле понатаму вели дека ова непознато знаење, знаење сокриено за нас, но откриено од Духот Божји, е она што го изговараме со зборови научени од Духот, а не со зборови што ги разбираме туку духовни зборови. Знаеме дека Павле зборува за молитвата на јазици кога вели дека се молиме со духовни зборови, бидејќи ја користи истата дефиниција за да го опише зборувањето на јазици во 1 Коринтјаните 14:14-15:

*„Зашто, ако се молам на друг јазик, се моли мојот дух; умот, пак, мој останува бесплоден. Па што да се прави? Ќе Му се молам со дух, ќе се молам и со ум; ќе Го воспевам Бога со дух, ќе Му пеам со ум.“*

Павле ја користи фразата „молитва во духот“ мислејќи на зборувањето на јазици. Можеме да претпоставиме дека Павле се осврнува на истото говорење на јазици

кога вели дека зборуваме со зборови научени од Духот.

> *„Зашто оној, кој зборува на друг јазик, тој не им зборува на луѓе, туку на Бога; бидејќи никој не го разбира, а со Духот кажува тајни.“*
>
> —1 Коринтјаните 14:2

Повторно, Павле зборува за нашиот дух дека има способност да зборува за работи што никогаш не сме ги виделе, слушнале или знаеле, или како што вели Павле, „тајни“. Исто така, забележете во овој стих како Павле вели дека кажуваме или се молиме тајни со нашиот, а не со Божјиот дух. Како нешто што не сме го знаеле влегува во нашиот дух? Одговорот е лесен! Преку Божјиот Дух, кој сега е едно со нашиот дух.

**КРШТЕВАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ Е БОЖЈОТО ТАЈНО ОРУЖЈЕ! ТОЈ МОЖЕ ДА ЈА ОБЈАВИ НЕГОВАТА ВОЛЈА НА ЗЕМЈАТА БЕЗ ЃАВОЛОТ ДА ЗНАЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА.**

> *„Бидејќи, кој човек знае што има во човекот, освен човечкиот дух кој живее во него? Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух.“*
>
> —1 Коринтјаните 2:11

Кога нашиот дух ги прима мислите Божји, нашиот ум исто така ги добива тие мисли. Кога нашите умови ги примаат Божјите мисли, ние тоа го нарекуваме „откровение“, „просветлување“ или, како што вели Павле, „изградување“. Сега знаете зошто Павле вели дека му е мило што се молел на јазици повеќе од другите; тој имаше полза од тоа да ја знае Божјата волја во секоја ситуација.

Павле всушност говори за тоа во 1 Коринтјаните 2:15-16.

*„Духовниот, пак, човек испитува сè, а него никој не може да го испитува. Зашто, кој го спознал умот Господов, та да го објасни? А ние имаме ум Христов.“*

Ние не сме ограничени само на човечко расудување, но можеме да судиме за сè со Божја помош. Ова е одлична вест! Имаме способност, молејќи се во Духот (јазици), да примаме тајни, работи што не ги знаеме; и со тоа знаење, ние сме во состојба да донесуваме правилни пресуди или одлуки за сите работи!

Крштевањето на Светиот Дух е Божјото тајно оружје! Преку крштевањето Тој може да ја објави Неговата волја на Земјата без ѓаволот да знае што се случува. Всушност, молитвата во Духот е наведена како дел од нашиот духовен оклоп во Ефесјаните 6:18:

*„Со секаква молитва и молба во секоја пригода молете се во духот.“*

Молитвата во Духот ни помага да преземеме стратегии што ќе ни овозможат да го заобиколиме непријателот и да напредуваме со единствени и невообичаени тактики добиени од Бог.

Имплицираната придобивка е тоа што можеме да донесуваме правилни одлуки во животот преку пристапот до Христовиот ум. Мислам дека ќе се согласите дека ова е од витално значење! Ја сфатив дека е така!

Како пример, можам да се сетам дека морав да донесам огромна одлука во однос на мојот бизнис. Еден претставник за продажба со кој соработував, кој работеше за еден од моите добавувачи, се закануваше дека ќе ја тужи нашата компанија затоа што не сакав да почнам соработка со новата компанија за која тој почна да работи. Сакаше да продолжам да соработувам со него, а не со добавувачот со кој секогаш работев. Ми се допаѓаше тој претставник за продажба, но чувствував дека мојата лојалност треба да остане кон компанијата за која тој претходно работеше, а не кон него. Меѓутоа, компанијата во која работеше претходно, всушност, му

кажала дека сите негови клиенти можат да се префрлат со него во неговата нова компанија. Затоа, јас немаше да направам ништо лошо доколку започнев соработка со неговата нова компанија, но сепак не ми се допаѓаше тоа што ме принудуваше да соработувам со него. Неговата сегашна компанија отсекогаш беше фер кон мене.

Ми се закануваше дека ќе ме тужи затоа што неколку месеци претходно спомна дека ќе премине во нова компанија и ме праша дали сакам да продолжам да соработувам лично со него. Без да размислувам за тоа, реков дека ќе го сторам тоа. Тој ми кажа дека сметал на мојот бизнис кога ја донел одлуката да ја смени компанијата. Но, сега кога всушност се приближуваше датумот на заминување, имав непријатно чувство за тоа. Затоа се молев во Духот неколку дена. Но, сè уште не можев да го слушнам одговорот што ми требаше.

Дренда и јас често ги носиме нашите деца во еден одличен забавен парк кој е оддалечен неколку часа од нас, наречен Седар Поинт. Таму всушност се наоѓа најголемиот луд воз во Соединетите Држави, а ние обично одиме таму неколку пати годишно. Беше петок навечер и морав да го имам одговорот до понеделник наутро. Решив дека ќе биде добро да ги насочам моите мисли на нешто друго и решив да ја однесам Дренда во забавниот парк. Додека стоев во редот, не размислувајќи за одлуката што требаше да ја донесам до понеделник наутро, одеднаш, точно знаев што да правам. Ми беше јасно како ден. Светиот Дух ми зборуваше, а јас останав со матичната компанија. Новата компанија на претставникот за продажба се распадна за неколку месеци.

Значи, молитвата е главниот клуч за успехот! Молете се често во Духот, така што сè ќе оди добро со вас и ќе донесувате правилни одлуки, и исто така ќе можете да ги примите тајните на стратегијата што ви требаат за да победите.

*„Молете се постојано."*
—1 Солуњаните 5:17

СЕДМО ПОГЛАВЈЕ

# КОВЧЕГОТ СО БОГАТСТВО

Се сеќавам на денот кога првпат го запознав Ден. Стоеше во задниот дел од црквата, во последниот ред, со мојата братучетка Џенифер. Подоцна дознав дека биле во врска. Меѓутоа, по изразот на Ден можев да забележам дека се чувствува како да не припаѓа таму. Всушност, ми се чинеше дека му е повеќе од непријатно. Подоцна дознав дека нашата црква е малку поинаква од неговата деноминационална црква каде што тој одеше. Но, кога почна да слуша за Царството, почна да се опушта и, на крајот, се ожени со мојата братучетка.

Во тоа време, Ден обработуваше околу 1.400 хектари земјиште во централниот дел на Охајо, и не му одеше баш најдобро. Всушност, тој немаше никаква заработка и тоа многу го загрижуваше. Но, слушајќи за Царството и за тоа како Светиот Дух може да помогне, еден ден дојде кај Џенифер и рече: „Сакам да даваме двојно повеќе“. Џенифер беше шокирана, но истовремено и возбудена. Така и направија.

Таа година, нивната жетва на истите 1.400 хектари беше за 128% поголема од претходната година. Всушност, зголемувањето на нивниот приход им овозможи да платат готовински за нов автомобил и да купат, исто така готовински, друга фарма, што значеше повеќе површини за садење следната година. Ден беше многу возбуден! Тој

ми кажа дека на татко му би му биле потребни 10 години да го исплати новото земјиште, а тој само што плати во кеш. Затоа го замолив да ми ја раскаже целата приказна.

Кога Ден и Џенифер почнале да даваат двојно повеќе од претходно, тие исто така се моледе и барале од Бога да им покаже што да прават. Ден вели дека еден ден, додека ја прегледувал поштата што вообичаено ја добивал секој ден, поголемиот дел рекламни флаери за земјоделци, во корпата за отпадоци фрлил еден флаер, за што веднаш почувствувал дека треба да го земе. Немало ништо посебно на тој флаер, само уште една реклама за некаква земјоделска опрема. Флаерот всушност бил покана на презентација на одредена земјоделска опрема.

Ден почувствувал чуден нагон да појде на тој состанок, и откако ја слушнал презентацијата, ја купил алатката што била рекламирана. Алатката била нов производ на пазарот што го олеснува процесот на садење, поврзано со поставувањето на семето и подготовката на почвата. Ден се обиде да ми ги објасни научните причини како тоа придонесува за зголемување на приносот, но јас воопшто не можев да разберам што ми зборува. Но, тој ја разбираше таа проблематика, и тоа беше најважно. Ден ми кажа дека тој бил само вториот земјоделец во Охајо во тоа време што ја купил алатката. Па, таа мала алатка навистина била ефикасна, а како резултат на тоа нивната жетва пораснала за 128%.

Ден продолжил да купува повеќе земјиште, и денес тој обработува илјадници хектари. Тој сега има многу приказни за тоа како Светиот Дух му помогнал да донесува одлуки што придонеле да напредува повеќе од сите очекувања.

Но, како Ден ја трансформирал својата фарма со слаби перформанси во фарма која остварува големи приходи? Тој го следел советот на својот Советник, Светиот Дух. Тажно е што многу христијани ја слушаат оваа приказна и не разбираат како е можно таков исход, и токму поради тоа сметав дека е многу важно да ја напишам оваа книга. Не, повеќето христијани признаваат дека тоа е Божјо дело, Го слават Бог за Неговата големина, но не знаат како

да го применат истиот принцип во својот живот. Затоа на крајот имаме мноштво христијани кои се разочарани и Го обвинуваат Бог за нивните неволји. „Каде е Бог? Не знам зошто Бог не ми помогна", е фразата што многу често ја слушам.

Се надевам дека веќе го знаете ова, но Царството функционира според закони, а не со врски. Бог не избира кого ќе благослови а кого не. Бог нема посебна наклонетост кон Ден и не го гледа на поинаков начин. Во Божјото Царство имате исти законски права како Ден. Исто како што секој има право да сее семе и да одгледува култура, така и Божјото Царство функционира за секој што знае како да ги користи законите на Царството. Вие сте член на Божјото семејство и граѓани на Неговото големо Царство и имате пристап до сè што има Тој.

**Затоа, дозволете ми да ви кажам зошто толку многу Божји луѓе потфрлуваат во животот. Тие не знаат како функционира Царството Божјо, и не знаат како да Го слушаат Светиот Дух.**

> *„Вака вели Господ,* ***твојот*** *Искупител, Светецот Израелов: Јас сум Господ, Бог* ***твој****, Кој* ***те учи на добро****, Кој* ***те води*** *по оној пат, по кој треба да одиш."*
>
> —Исаија 48:17

Ден не го смислил својот успех. Кучот е во уникатна стратегија на Светиот Дух што Ден можеше да ја види и примени затоа што тој веќе ги применуваше принципите на Царството, а тој и неговата сопруга го слушаа водството на Светиот Дух. Сакам да го запишете ова.

## СВЕТИОТ ДУХ ГО ИМА ПЛАНОТ!

**<u>Нема ништо помоќно од тоа да се има план. Без план, сликата е само сон, но кога имаме план, сонот може да се реализира.</u>**

Едно семејство може да замисли да има одличен дом, многу спални соби, простарни простории за живеење, голема модерна кујна и убава декорација. Но, во тој

момент, тоа е само сон или слика. Таа слика треба да се нацрта и потоа да прерасне во нацрт план или скица. Градбата започнува кога архитектот ќе го заврши проектот. Не знам зошто, но мнозинството христијани го имаат она што јас го нарекувам менталитет на поштенско сандаче. Кога се молат и ги бараат од Бог парите што им се потребни, како што тоа го правеше Ден, тие само очекуваат да ги добијат парите во поштенското сандаче, или уште полошо, очекуваат некој да им ги даде. Тие не го разбираат процесот.

Да, прво, треба да го имате планот. Но, ако сакате на крај да уживате во посакуваниот дом мора да поминете низ процес. Планот или стратегијата прават да се оствари замислата. Дозволете ми да ви дадам еден пример. Ако ви кажам дека можам многу брзо да ги решам вашите финансиски проблеми, и уште ви речам да се подготвите да ги запишете моите инструкции, ќе извадите хартија и пенкало и ќе го очекувате мојот одговор. Можам да кажам дека самото читање на оваа книга на многумина ќе им помогне во отстранување на стресот предизвикан од финансиските проблеми, и ќе помогне во подмирување на долговите уште пред да заврши годината. Сега, вашата рака уште поцврсто го држи пенкалото, додека потполно внимавате да не пропуштите ниту збор од она што ќе го кажам.

Одговорот е навистина многу едноставен, објаснувам. Оваа година треба да имате нето добивка од десет милиони долари. Веројатно ќе се загледате во мене за момент, а потоа само ќе почнете да се смеете. Од вашето смеење, претпоставувам дека десетте милиони долари не ви се доволни, па додавам: „Но, ако тоа не е доволно, тогаш заработите 25 милиони долари“. На ова, вие не само што се смеете, туку и почнувате да го правите тоа уште погласно. Зошто? Дозволете ми да ви кажам што претставува ова сценарио. За повеќето луѓе, десет милиони долари навистина се доволни за покривање на сите долгови, но смеењето се случува затоа што тие едноставно не можат да замислат дека некогаш ќе заработат десет милиони долари во една година.

Опцијата од дваесет и пет милиони долари само носи дополнителна смеа затоа што тоа е толку далечно за нив што не може, а да не предизвика само смеење.

Но, да речеме дека сум сопственик на компанија за извоз и ви нудам 1.000 долари за секоја топка што ќе ја спакувате во кутија, и ќе ја подготвите за испорака. Ајде, исто така, да претпоставиме дека можете да спакувате околу 500 такви кутии дневно, а работниот договор е склучен на 12 месеци. Знам дека примерот е премногу нереален, но истиот служи да ја докаже мојата мисла.

Сега, да претпоставиме дека навистина имате таков договор, мојот совет е ист како и претходно, вашиот финансиски излез е остварување десет милиони долари нето-приход во текот на следната година. Каков би бил вашиот одговор? Во таков случај нема да се смеете. Наместо тоа, ќе се радувате и извикувате од возбуда. Зошто? Затоа што со таков договор лесно ќе заработите десет милиони долари. Всушност, лесно ќе заработите дваесет и пет милиони долари, а сосема е возможно да заработите и 100 милиони долари. Што е променето? Само една работа – имате план. Како што кажав претходно, секој може да фати риба ако Исус му покаже каде и како да лови, така е сега за вас. Кога имате план и верувате дека сте способни да го материјализирате, тогаш вашиот проблем е решен.

**ДОЗВОЛЕТЕ МИ ДА ПОВТОРАМ - МИСЛАМ ДЕКА ТРЕБА УШТЕ ЕДНАШ ДА ГО СЛУШНЕТЕ ОВА - БОГ ИМА ПЛАН ЗА <u>ВАШАТА</u> СИТУАЦИЈА!**

*„Зашто само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замислите за добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж.“*

—Еремија 29:11

Дозволете ми да повторам - мислам дека треба уште

еднаш да го слушнете ова - Бог има план за **ВАШАТА** ситуација!

Пред неколку месеци, имав привилегија да запознам еден од моите партнери во црквата каде што поучував. Тие дојдоа на крајот на службата со прашање, или да кажам со изјава. „Не функционира! Посеавме семе, се согласивме со сопругот дека ќе уловиме голем елен, а тоа не се случи.“ Таа ми кажа дека посеале семе за елен, мажјак, и за лесен улов. Почнав да поставувам повеќе прашања и на крајот ја прашав дали можеби видела елен на денот кога ловеле. Таа рече: „Да, баш како еленот што го посакував и очекував. Еленот стоеше на совршено растојание и можев непречено да пукам“.

Бев малку шокиран од одговорот, па ја прашав што се случи потоа. Таа рече дека имала совршена можност да пука, но побарала од пријателот да ја адаптира пушката согласно растојанието на животното и, мислејќи дека пријателот го сторил тоа, без самата да провери, пукала и промашила. Сè ми беше јасно, но чудно, нејзе не ѝ беше.

Мислам дека ова опишува многу верници. Не знам зошто, но тие не го разбираат процесот и нивната улога во жетвата. Морав да ѝ објаснам дека Бог го направил Својот дел, но таа го пропуштила својот. Знаете, Бог може да ви даде план, но треба да го направите вашиот дел за тој да успее. Вие и Бог сте партнери!

> *„Царството небесно прилега уште и на богатство* ***СОКРИЕНО*** *во нива, кое го нашол човек и прикрил, па, од радост за него, отишол и продал сè што имал, и ја купил таа нива.“*
>
> —Матеј 13:44

Има толку многу вистина за Царството во овој стих! Пред сè, да дефинираме што е богатство. Зборот богатство е дефиниран како вредно или скапоцено поседување од секаков вид. Значи, богатство не мора да биде парче злато; може да биде сè што ви треба во дадениот момент. Значи, овој стих вели дека Царството небесно е како богатство, или може да се каже дека сè што ви треба во

животот е во тоа Царство. Па каде е Царството? Во овој стих, Исус вели дека е сокриено во поле. Леле, зарем не сакате да знаете каде е тоа поле? Па, добрата вест е што Исус ни кажува каде е тоа поле и исто така како да го најдеме богатството скриено во него.

Ако ја прочитаме параболата за сејачот во Марко 4, ќе видиме дека Исус поучува за тоа како верата се создава во срцето на човекот. Таму Тој користи аналогија споредувајќи го духот на човекот со земјата и Божјото Слово со семето посеано во земјата. Користејќи ја истата аналогија, можам да претпоставам дека земјата наведена овде во Матеј 13 ја има истата дефиниција, бидејќи е духот на човекот. Сакам да одвојам малку време за да ве потсетам на она што го научивме во шестото поглавје, дека кога се новораѓаме, нашиот човечки дух станува едно со Божјиот Дух, при што добиваме пристап до Божјите мисли. Значи, богатството што се наоѓа на полето воопшто не е ограничено на нас, туку го вклучува и сето она што Бог е бидејќи ние сме едно со Него во духот.

> *Но, како што е напишано: „Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат. А нам, пак, ни го откри тоа Бог преку Својот Дух, зашто Духот продира во сè, па дури и во длабочините Божји. Бидејќи, кој човек знае што има во човекот, освен човечкиот дух кој живее во него? Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух. Но ние не го примивме духот од овој свет, туку Духот Кој доаѓа од Бога, за да го знаеме она што ни е дарувано од Бога.“*
>
> —1 Коринтјаните 2:9-12

А потоа 1 Коринтјаните 2:16 додава дека *ние го имаме Христовиот ум*! Исус потврдува каде се наоѓа ова богатство во Лука 17:20-21.

> *„Царството Божјо нема да дојде преку нешто што може да се забележи... затоа што Царството* ***<u>Божјо е во вас</u>****.“*

—Лука 17:20-21

*„Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји.“*

—1 Коринтјаните 6:19-20

Дозволете ми да го сумирам она што се обидувам да ви го кажам.

**ВО ВАС ИМА БОГАТСТВО!**

Колкаво богатство? Поголемо од сите ваши најголеми соништа! Неизмерно богатство!

*„А на Оној Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сѐ што ќе побараме или помислиме.“*

—Ефесјаните 3:20

**ВЕЌЕ Е ВАШЕ ПРИЈАТЕЛИ, ЦЕЛОТО ЦАРСТВО. БОГ НЕ МОЖЕ ДА ДОДАДЕ НЕШТО НА ОНА ШТО ВЕЌЕ ВИ ГО ДАЛ. ВЕЌЕ ИМАТЕ СЀ!**

Ова е област каде што треба да се учиме да размислуваме поинаку. Ова богатство е поголемо отколку што можеме да замислиме! Вообичаено, кога ни треба нешто или ни е потребна помош, ние сме научени да го бараме одговорот надвор од себе. Но сега, Светиот Дух, Самиот Бог, живее во нас и Тој е наша помош. Веќе разговаравме за тоа како молитвата во Духот или на јазици ни носи поука и ни открива тајни. Но, на толку многу луѓе им е тешко да сфатат дека ова навистина може да

биде непроценлива помош или дека Бог навистина сака да им даде одговор за секоја област од животот.

Но, кога се новородивте, станавте член на Божјото семејство и граѓани на Неговото големо Царство. Тој веќе ви даде сè што има! Всушност, Лука 12:32 вели дека нема причина да се плашите или да треперите бидејќи вашиот Татко со задоволство ви го дава Царството. Кое царство? Неговото Царство!

> *„Не плаши се, мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде Царството."*
>
> —Лука 12:32

Веќе е ваше, пријатели, целото Царство. Бог не може да додаде нешто на она што веќе ви го дал. Веќе имате сè! Многу луѓе се однесуваат како да Му пречат на Бог ако Го инволвираат во секојдневниот живот. Но, тоа е така поради незнаење. Ако ви кажам дека сте државјани на Соединетите Држави, а вие речете: „Па, не сум сигурен. Ако отворам продавница овде, ако постапам согласно законите за започнување на свој бизнис во Америка, се плашам дека ќе сметам некому со тоа". Како граѓани, на ваша страна се сите закони и привилегии што ги нуди државата. Сите тие се веќе ваши! Не се колебајте. Исползувајте ги сите поволности што легално се веќе ваши!

## Зошто Царството Божјо се споредува со богатство?

Затоа што ако имате пристап до знаењето што постои на небото, ќе знаете како да постапите во секоја ситуација разбирајќи ги сите уникатни и необични стратегии што Бог сака да ви ги даде. Дозволете ми да ви дадам уште еден пример како илустрација на функционалноста на ова што го говорам.

Кога Дренда и јас почнавме да учиме за Царството, нашите животи драстично се променија. За нас беше огромно освежување тоа што повеќе немавме никакви долгови; нашиот живот доби сосема нова арома. Тоа

што можевме да платиме готовински за земјиштето беше како сон, навистина неверојатно, но сепак требаше да изградиме куќа на тоа земјиште. Немавме никакво искуство во таа област и не знаевме од каде да почнеме. Но, почнавме да се молиме за тоа КАКО да ја добиеме куќата што ни требаше на тој имот. Верувавме дека Светиот Дух ќе ни помогне.

Бидејќи не сакавме да имаме нови долгови, почнавме да истражуваме неконвенционални начини за изградба на дом. Една можност за изградба на дом со намалена цена беше изградба на модуларна куќа. Тоа не е приколка, туку дом кој е веќе изграден во делови во фабрика, а потоа тие делови се составуваат на имотот. Овие домови се со ист квалитет како оние изградени на класичен начин, но чинат помалку поради ефикасните методи на градење што се користат во фабриката. Така, разгледавме две или три модуларни градежни компании и моделите што тие ги нудеа. Откако разгледавме и истраживме неколку опции, чувствувавме дека знаеме по кај пат треба да одиме и избравме компанија и модел за кој мислевме дека ќе биде одличен дом на нашиот имот. Бевме поканети да говориме на еден конгрес за домашно образование во Вирџинија. Решивме да ги понесеме плановите со нас на тоа патување за да можеме да разговараме за сите детали што можеби сме ги пропуштиле со цел да бидеме сигурни дека тоа е правиот избор пред да го потпишеме договорот кога ќе се вратиме.

Не се сеќавам како дојде до тоа да бидеме поканети да зборуваме на конференцијата во Вирџинија, но бевме поканети да спиеме кај едно од семејствата додека бевме таму. По пристигнувањето во нивниот прекрасен дом изграден во јужначки стил и откако се запознавме со нашите нови пријатели, почнавме да коментираме за тоа колку е прекрасен нивниот дом. Во разговорот дознавме дека тие сами го изградиле. На почетокот бев шокиран. „Дали имате градежна фирма?“, прашав. „Не“, рекоа тие. Таткото ни кажа дека е сметководител во голема локална компанија. „Па, како успеавте да ја изградите куќата?“, прашав.

Разговараравме за разни работи и им кажавме дека и ние планираме да градиме куќа и дека ќе потпишеме договор штом ќе се вратиме дома. Тие беа возбудени кога го слушнаа тоа и почнаа да нè прашуваат за нашиот нов дом. Почнавме да им кажуваме за Царството и за тоа како нашите животи се променија. Споделивме дека купивме 55 хектари земјиште и дека со нетрпение чекаме да се иселиме од старата фарма.

Спомнавме дека го носиме планот за новиот дом со нас, а тие нè прашаа дали можат да го видат, што, се разбира, со задоволство им го покажавме бидејќи сакавме да го слушнеме нивното мислење. Така, го извадивме планот и го поставивме на нивната кујнска маса. Не ѝ требаше многу време на жената да почне да кажува работи како: „Не, овој дел е премногу мал“ или „ви треба поголема кујна“ или „дали размислувате за тоа дека вашите деца ќе пораснат? Како пастори, навистина ви треба поголем простор за забава“. Во суштина, тие ни покажаа зошто не треба да ја градиме оваа куќа, а ние моравме да се согласиме со секоја нивна забелешка. „Па, како можеме да изградиме поголема куќа со парите што ги имаме на располагање?“ „Тоа е лесно“, рекоа тие. „Изградете ја куќата сами!“ Кога ги слушнав тие зборови, речиси се насмеав. „Јас да градам куќа?“ Како што реков, не знаев ништо за градење! Но, тие почнаа да нè охрабруваат, велејќи дека не е толку тешко. Ни кажаа за книгата насловена *„Заштедете до 50.000 долари или повеќе како свој генерален изведувач: Како да планирате, договорите, и да ја изградите вашата куќа од соништата“*, од Ворен В. Јегер.

Така, кога дојдовме дома, одлучивме да не го потпишеме договорот за изградба на модуларниот дом. Ја нарачавме книгата и ја прочитавме, размислувајќи за сето она што го читавме. Почнавме да разгледуваме и разни други планови за градење. Конечно, најдовме план што ни се допаѓа и почнавме да го расчленуваме во план чекор по чекор. Разговаравме со повеќе пријатели и со луѓе што ги познававме и кои исто така сами си изградија домови. Конечно, решивме дека можеме да го направиме тоа! Го

погледнавме планот за градба и се запрашавме: „Што можеме сами да направиме за да ја изградиме куќата со буџетот што го имаме?“ Неверојатно, решив дека можам сам да ја инсталирам електричната инсталација во целата куќа, иако никогаш во животот не сум поврзувал кабли сам. Еден пријател кој се разбираше од струја ми рече дека е лесно и дека ќе ми покаже како се прави тоа.

Бидејќи бев зафатен со мојот бизнис, Дренда одлучи дека таа ќе биде генерален изведувач што ќе работи со подизведувачите. Се договоривме со изведувач што ќе ја изгради конструкцијата, а останатото требаше ние да го средиме. Следуваа некои од најинтензивните, но и највозбудливите денови во нашите животи. За да не должам многу, нашиот нов дом имаше двојно поголема квадратура од домот што првично сакавме да го градиме. Имавме врати од цврсто дрво; паркет; декоративна круна од цврсто дрво на рабовите од ѕидовите; и убава кујна исполнета со нови кујнски апарати од нерѓосувачки челик. Сфативме дека заштедивме над 200.000 долари со тоа што сами градевме!

**СЕКОГАШ ВЕЛАМ ДЕКА БОЖЈИТЕ ТАЈНИ СЕ СКРИЕНИ ЗА ВАС, НЕ ОД ВАС! САТАНАТА ЖИВЕЕ ВО ТЕМНИНА И НЕ ГИ ЗНАЕ БОЖЈИТЕ ПЛАНОВИ.**

Денес, јас сум толку среќен што се молевме Светиот Дух да ни го покаже планот. Сите Божји дела во нашиот живот ги надминуваат сите наши соништа и очекувања. Сè уште сум воодушевен од тоа како Бог го организираше нашето патување во Вирџинија и нè спои со луѓе кои штотуку изградиле свој дом. Убеден сум ако тоа не се случеше, ние најверојатно ќе го изградевме планираниот модуларен дом. Не велам дека модуларниот дом немаше да биде добар некое време, но наскоро ќе го надраснevме. Домот што го изградивме сè уште ми е сведоштво за тоа како Светиот Дух ќе ви помогне во

секоја ситуација, давајќи ви план и насока што ќе ги надмине вашите очекувања!

Да повторам уште еднаш...

**Бог го има планот што ВИ треба!**

Можеби ќе речете: „Гери, сето ова е добро, но Матеј 13:44 вели дека планот е скриен!" Да, тоа е така, и тоа е во ваша полза. Погледнете што вели Исус во Матеј 13:10-11.

> *И кога се приближија до Него учениците, Му рекоа: „Зошто им зборуваш во парабола?" А Тој им одговори и рече: „Зашто* ***вам ви е дадено*** *да ги знаете тајните на Царството ебесно, а ним не им е дадено."*
>
> —Матеј 13:10-11

Ова скриено знаење е за вас, а не за ѓаволот или злите луѓе кои би ги злоупотребиле или би ги попречиле Божјите планови. Библијата вели дека сатаната ќе ја смени тактиката ако може да сфати што прави Бог.

> *„Туку ја проповедаме Божјата мудрост, сокриена во таинство, која Бог ја предодредил уште пред вековите за наша слава, која никој од владетелите на овој свет не ја спознал; зашто, ако ја беа спознале, тогаш немаше да Го распнат Господ на славата."*
>
> —1 Коринтјаните 2:7-8

Секогаш велам дека Божјите тајни се скриени за вас, не од вас! Сатаната живее во темнина и не ги знае Божјите планови. Тој може да реагира само на она што го прави Бог. Додека да дознае што се случува, веќе е доцна! Затоа, следниот пат кога ќе станете малку нервозни кога се наближува полноќниот час, а сè уште немате одговор, знајте дека Бог никогаш не доцни и она што можеби за вас изгледа како доцнење всушност работи во ваша полза со тоа што го задржува одговорот скриен додека не дојде времето да се открие.

> *„Царството Небесно прилега уште и на богатство* ***СОКРИЕНО*** *во нива, кое го нашол човек и* ***прикрил****, па,*

*од радост за него, отишол и продал сè што имал, и ја купил таа нива.“*

—Матеј 13:44

Разговаравме што и каде е полето и зошто е скриено богатството. Разговаравме и за тоа како да ги слушнеме тие скриени работи од Царството Божјо преку молитва во Духот и слушање на гласот на Светиот Дух. Но, постои уште еден витален принцип во овој процес наведен во нашиот стих што мора да го знаете. Игнорирањето на овој принцип е причина зошто многу добри и благородни планови не успеваат и причина зошто многу луѓе искусуваат страшна пропаст. Ако забележавте во горенаведениот стих, штом човекот ќе ги открие богатството, идејата, насоката или планот од Бога, тој повторно ги крие. ТОЈ НЕ ГИ СТАВА ВЕДНАШ ВО ФУНКЦИЈА! Тој не почнува да им кажува на сите свои пријатели и соседи за она што го слушнал од Господ или за неговите нови и возбудливи планови, барем не веднаш. Библијата вели дека тој повторно го крие, оди и продава сè што има, а потоа ја купува нивата. Просто кажано, тој не сака да ја открие локацијата на богатството на некој друг додека не го поседува лично. Додека чека да го присвои, тој добива уверување дека никој не може да му го украде.

Стихот исто така, открива дека во моментот кога го наоѓа богатството, тој всушност не е во состојба да го плати и затоа мора да помине низ процес на подготовка за да може да го купи. Овој принцип не се однесува само на пари и трговија. Нè учи дека доколку сакаме да успееме во животот треба да постапуваме според она што ни го покажува Светиот Дух.

Стихот вели дека штом ќе ја слушнете идејата или насоката, не смеете да преземате ништо сè додека не се стекнете со капацитет да го поседувате. Мислам дека сите лесно можеме да видиме како ова функционира со пари. Ако немате доволно пари да го купите земјиштето, сигурно не би му кажале на некого дека на него има богатство. Ако се дознае дека на земјиштето има богатство, можете да бидете сигурни дека некој друг прв

ќе го купи. Наместо тоа, ќе направите сè што е потребно за да ги добиете парите за да ја купите земјата, истовремено чувајќи ја вистината за скриеното богатство за себе.

Истиот принцип важи за секоја насока или инструкција што Бог може да ви ја даде. Многупати, христијаните го пропуштаат почетокот оти гледаат на крајот. Многупати, Светиот Дух ни открива некоја идеја, но не за веднаш да дејствуваме, туку да ни даде можност да се подготвиме за да можеме целосно да ја реализираме истата. Периодот на подготовка на секој потфат е најважниот дел од процесот. Во спортот, натпреварите се губат или добиваат врз основа на тоа колку добро се подготвуваат екипите за време на тренинзите, кога никој не гледа. Но, треба да се согласиме дека тренирањето не е најпријатно; тренинзите предизвикуваат замор и исцрпеност. Како споредба, сите ја сакаат возбудата што ја носат натпреварите, публиката, светлата и вкусот на победата.

За жал, тие соништа се претвораат во болка и тага кога подготовката не се сфаќа сериозно. Познавам премногу луѓе што доживеале колапс во своите животи само затоа што не го знаеле овој принцип. Сум видел луѓе кои навистина биле повикани од Бога, луѓе кои биле помазани, започнуваат со нова црква иако сè уште не се подготвени емоционално или финансиски, и завршуваат со катастрофа наместо со исполнување на својот сон. Познавам луѓе кои примиле од Бог идеја за бизнис и бидејќи биле убедени дека ќе успеат ја напуштиле својата работа без претходно соодветно да се подготват и да направат анализа за тој бизнис и на крај банкротирале. Тажниот дел од овие приказни е што луѓето Го обвинуваат Бог, и се разочарани не само од себе, туку и од Бог. Не знам зошто толку многу луѓе сметаат дека успехот доаѓа преку ноќ. Затоа мислам дека треба да се поучува за процесот што води до успех, што всушност ни кажува и овој стих.

Често пати луѓето ми велат: „Еј, пасторе, Бог ми кажа дека треба да бидам дел од оваа црква“. На крајот никаде ги нема. „Еј, пасторе, Бог ми даде голема идеја за бизнис“. Потоа дознавате дека домот и автомобилот им се одземени. Ова НЕ е она што Бог го има за вас.

Кога Светиот Дух ќе ни даде некоја идеја, тоа не значи дека треба веднаш да преземеме нешто во врска со истата. Најчесто Духот нѐ води да го скриеме тој сон и да се подготвиме добро пред да почнеме да работиме на неговото остварување. Обично, немаме сѐ што ни е потребно за успешно да ја реализираме таа визија. Подготовката може да потрае една недела, а може и неколку години, во зависност од тоа што ви покажал Бог да правите. Мора да разберете дека подготовката и правото време се исто толку важни или поважни од самата идеја!

Знам дека во мојот случај, бев повикан да го проповедам евангелието кога имав 19 години. Имав визија во која се видов себеси како држам Библија и Господ како ми вели: „Те повикувам да го проповедаш Моето Слово". Три пати. Тоа беше многу реално и моќно искуство. Но Господ не ми рече да одам и да почнам да проповедам во тој момент. Наместо тоа, Тој ми рече да одам на факултет. Знаете, јас го завршив средно училиште со слаб просек. Бев исто така многу срамежлив и избегнував да бидам со луѓе. Дозволете ми да бидам многу јасен. Сѐ уште не бев зрел за да бидам пастор! Така, се запишав на факултет, и ми беше тешко, многу тешко – но после четири години дипломирав.

Кога го напуштив факултетот, се прашував дали е дојдено времето да проповедам. Но, Господ ми рече дека сака да се вработам во една локална осигурителна компанија како агент за осигурителни полиси и хартии од вредност. Иако тоа ми немаше смисла, знаев дека е од Бог и затоа се вработив на таа позиција. Работата беше уште потешка од факултетот. Секој ден вршев многу телефонски повици, и морав да научам како да го надминам стравот од луѓето. Ми беше тешко што живеев од процент, и, да бидам искрен, секој ден сакав да се откажам, но знаев дека не можам. Конечно, после неколку години, станав добар во тоа што го правам. Всушност, филијалата за која работевме со Дренда стана најдобра од сите 5.000 филијали од нашата фирма во целата држава.

Во тој период Бог ми кажа дека сега е време да основам

нова црква. Тогаш имав 40 години. Беа потребни 21 година за Бог да ме подготви за визијата што ми ја даде кога имав 19 години. Кога станав пастор, сфатив зошто е потребна толку многу подготовка. Да се биде пастор беше потешко отколку што претпоставував. Но, затоа што бев обучен во работа со луѓе, и навикнат на негативни одговори и отфрлање во бизнисот, можев да бидам верен на Божјиот повик во мојот живот. За секоја задача нема да бидат потребни 21 година на подготовка, но принципот е секогаш ист.

Поради овој принцип на подготовка, ова е моја парафразирана верзија на Матеј 13:44:

> *„Царството Небесно во вас ви го дава знаењето или пристап до знаењето за тајните или скриените работи што Бог ги знае. Ова знаење е достапно преку Духот Божји, Кој е во вас. Кога човек ќе го пронајде или слушне тоа тајно знаење што за него е како богатство или одговор, повторно го крие во своето срце и ум. И тогаш во неговата радост, со внимателна подготовка се стреми да дејствува согласно насоката и поуката што му се откриени, при што го зграпчува неговиот одговор."*

ОСМО ПОГЛАВЈЕ

# ТЕШКОТО МЕСТО НА ИЗДИГАЊЕ

Мојот пријател пастор Питер и неговата сопруга Бев, пастор на голема црква во Нов Зеланд, доаѓаа во САД на кратка посета. Беше период на Божиќ и тие планираа да поминат неколку денови во Колорадо Спрингс во хотелот Бродмур за да се релаксираат и да уживаат во божиќниот амбиент. Ако не сте биле во Бродмур, тоа е едно од најдобрите американски одморалишта и се наоѓа наспроти Карпестите Планини; и тие се познати по прекрасната божиќна декорација. Пастор Питер ни се јави да ни каже дека ќе бидат таму и праша дали сакаме да им се придружиме. Ние ја прифативме понудата и поминавме прекрасни три денови заедно.

Кога сум со Пастор Питер, обично разговараме многу за службата бидејќи тој е член на мојот одбор. И двајцата разговаравме за нашите планови за претстојната година и само споделувавме идеи. На крајот дојде време да се збогуваме, што е секогаш тажно бидејќи тие ни се толку драги пријатели. Дренда и јас обично ги посетуваме во Нов Зеланд еднаш годишно, или барем секоја втора година, но таа година веќе бев многу зафатен и не планирав да го направам тоа.

Така, дојдовме дома подготвени да ја дочекаме Новата година со големо исчекување. Интересно, сепак, на 9

јануари, сонував сон во кој ми беше кажано дека Пастор Питер ќе ме покани да проповедам во неговата црква во февруари. Се сеќавам дека мислев дека тоа е многу необично бидејќи штотуку поминав три дена со него, тој не го спомна тоа, а февруари веќе се ближеше. Одејќи кон кујната да си приготвам појадок ѝ кажав на Дренда што ми кажа Господ додека спиев таа ноќ.

Мојот компјутерот стоеше на масата во кујната и лежерно го вклучив. Додека седев таму и пиев кафе, забележав дека стигна е-пошта од Пастор Питер. Кога ја отворив пораката, бев изненаден кога прочитав дека Пастор Питер ме кани да дојдам и да проповедам на нивната годишна конференција за финансии, која требаше да се случи за само три недели. Бев изненаден, се разбира, но поради сонот не бев шокиран. Набрзина погледнав во мојот распоред за да видам дали тоа е воопшто возможно бидејќи имав многу патувања во текот на месецот кога Питер ме покани да бидам во Нов Зеланд. Дренда и јас веќе требаше да летаме за Буенос Ариес, Аргентина, неколку дена пред да бидам во Австралија. Единствениот начин да стигнам таму на време беше веднаш по конференцијата во Буенос Ариес да фатам лет за Сиднеј, Австралија, а потоа да фатам лет за Оукленд. Никогаш немаше да се согласам на тоа, но бидејќи Господ претходно ми зборуваше, знаев дека треба да одиме.

Нашето патување во Аргентина беше службено патување спонзорирано од еден од моите клиенти со кој работи мојата компанија. Тоа беше добро патување и одлично време да се сретнам со пријатели кои отприлика ги гледам еднаш годишно. Аргентина во тоа време се соочуваше со сериозни финансиски проблеми, и имаше немири во градот, но генерално, имавме одлично патување бидејќи никогаш порано не сум бил таму. Нашиот лет до Сиднеј траеше 16 часа, најдолг лет за мене до тогаш. Го поминавме врвот на Јужниот пол, што мислев дека е прекрасно бидејќи се надевав дека ќе го видам тој дел од светот од воздух.

За време на нашиот лет, гледајќи низ прозорецот надоле во ништо друго освен мраз и снег, се сетив дека

летам со аргентинска авиокомпанија, авиокомпанија која исто така има финансиски проблеми во земја која се бори финансиски да остане во живот. За момент ми дојде мисла дека ако оваа компанија штеди пари за одржување на своите авиони и ако нашиот авион се сруши на тоа подрачје, нема да биде убава слика. Но, знаев дека сум во многу сигурни раце бидејќи лично Господ ме упати да одам на тоа патување.

По пристигнувањето во Сиднеј, веднаш се јавивме на Пастор Питер и Бев, и бевме шокирани кога дознавме дека Питер е во болница бидејќи штотуку имал масивен срцев удар. Тој воопшто немаше да може да проповеда на конференцијата и ме прашаа дали можам јас да говорам на целиот настан. Сега знаев зошто Господ ми кажа да дојдам во Нов Зеланд и бев воодушевен од тоа како Светиот Дух ги насочува нашите чекори. За мене тоа беше големо потсетување на она што го пишува во Римјаните 8:14.

**„СИТЕ ОНИЕ ШТО СЕ УПРАВУВААТ ПО ДУХОТ БОЖЈИ, СЕ СИНОВИ БОЖЈИ.“**

**—Римјаните 8:14**

*„Сите оние што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји.“*

—Римјаните 8:14

Повторно, зборуваме за способноста да се слушне насока, идеи и концепти од Светиот Дух. Не постои подобра приказна во Библијата што ќе ја илустрира следната лекција за тоа како слушањето на Светиот Дух може да ви ги даде одговорите што ви се потребни од приказната на Даниел. Да ја следиме приказната што започнува во Даниел 2:1–6.

*Во втората година од царувањето свое Навуходоносор сони сон, од кој духот му се вознемири и не можеше да спие. Па заповеда царот да ги повикаат*

*гатачите и гледачите, маѓесниците и волшебниците за да му го протолкуваат сонот. Тие дојдоа и застанаа пред царот. И им рече царот: „Сонив сон и духот ми се вознемири – сакам да знам што значи тој сон.“*

*Тогаш Халдејците му рекоа на царот на арамејски јазик: „Царе, да си жив довека, кажи им го на слугите својот сон и ние ќе ти објасниме што значи тој.“*

*Одговори царот и им рече на Халдејците: „Сонот го заборавив; ако не ми го кажете сонот и што означува тој, ќе бидете исечени на парчиња, и куќите ваши ќе бидат претворени во урнатини; ако, пак, ми го кажете сонот и што означува тој, од мене ќе добиете дарови, награда и голема чест; па кажете ми го сонот и што значи тој!“*

—Даниел 2:1-6

*Халдејците му одговорија на царот и рекоа: „На земјата нема човек што може да му го открие на царот сонот, и затоа ниеден цар, колку и да е голем и силен, не побарал нешто слично од ниеден маѓесник, гледач или волшебник; сонот, што го бара царот, е толку тежок, што никој друг не може да му го открие на царот, освен боговите, кои не живеат со смртниците.“*

*Царот се разгневи и збесна многу поради тој одговор, па заповеда да ги истребат сите вавилонски советници. Кога излезе таа заповед да се убиваат советниците, го побараа Даниел и другарите негови за да ги убијат.*

—Даниел 2:10-13

*Даниел отиде дома и им ја кажа работата на своите другари Ананија, Мисаил и Азарија, за да измолат милост од Небесниот Бог за таа тајна, па Даниел и другарите негови да не загинат заедно со другите вавилонски советници. И тогаш тајната му беше откриена на Даниел во ноќно видение, и Даниел Го благослови Небесниот Бог. И рече тогаш Даниел:*

*„Нека е благословено името на Господ од века и довека, зашто во Него има мудрост и сила. Тој ги контролира времињата и годините, соборува цареви и поставува цареви, дава мудрост на мудри и знаење на разумни.* ***Тој открива што е длабоко и сокриено, знае што има во темнината и светлината живее со Него****.“*

—Даниел 2:17-22

Даниел се наоѓаше помеѓу животот и смртта, страшно место. Меѓутоа, еве ја клучната работа од која зависи вашето издигнување. Бог ја искористи таа ситуација да го издигне а не да го сруши. Даниел можеше, преку тајното знаење на Светиот Дух, да го каже сонот и толкувањето на царот Навуходоносор. Царот беше многу задоволен, како што впрочем и можеме да видиме во следниот текст.

*Тогаш царот Навуходоносор падна ничкум и се поклони пред Даниел, па заповеда да му донесат дарови и благопријатни кадива; и му рече царот на Даниел: „Навистина вашиот Бог е Бог над боговите и Господар на царевите, Кој открива тајни, штом ти можеше да ја откриеш оваа тајна!“*

***Тогаш царот го возвиши Даниел, му даде многу големи дарови и го постави над целата област вавилонска, како главен началник над сите вавилонски советници****. На молба на Даниел, царот ги постави Седрах, Мисах и Авденаго над работите од земјата вавилонска, а Даниел остана во царскиот двор.*

—Даниел 2:46–49

Каков беше резултатот од тоа што Даниел можеше да го слушне Божјиот глас? Промоција и богатство!

Истиот резултат го гледаме и во една друга приказна во Библијата, приказната за Јосиф. Соочен со слична ситуација, Јосиф доби шанса да го протолкува сонот на фараонот. Откако Јосиф успешно го протолкува сонот и го презентираше планот со кој ќе го спаси Египет од претстојната суша што ја најави сонот, Фараонот на

Египет го кажа следното:

> *И му рече фараонот на Јосиф: „Бидејќи Бог тебе ти го откри сево ова, значи дека нема човек толку мудар и разумен како што си ти. Ти ќе бидеш над домот мој, и целиот народ мој ќе го слуша твојот збор; само со престолот ќе бидам поголем од тебе.“*
>
> —Создавање 41:39–40

Во двете приказни, безнадежноста беше вистинско искушение на почетокот, но сепак резултатот беше издигнување и богатство. Едноставно кажано, светот е подготвен да плати големи пари на они кои решаваат големи проблеми. Светиот Дух во вас сака да ве постави токму среде големи проблеми! Не плашете се кога тоа ќе се случи, туку почнете да Го славите Господа, бидејќи Тој ќе ви помогне исто како што им помогна на Даниел и Јосиф! Секогаш велам дека Бог ја добива славата, а јас ја добивам платата! Го сакам она што Даниел го вели за Господ: „**<u>Тој открива што е длабоко и сокриено, знае што има во темнината и светлината живее со Него</u>**.“ Даниел вели дека светлината живее со Него. Како кога излегувате во темна ноќ, кога ќе го вклучите светлото, можете да видите каде одите! Стравот е совладан од светлината и знаете каде да се движите. Павле во следниот стих имплицира дека Бог ни зборува и помага кога се соочуваме со неволја.

> *„Знаете дека, кога бевте незнабошци, се влечевте кај **<u>немите</u>** идоли, како да ве водеа.“*
>
> —1 Коринтјаните 12:2

Павле вели дека идолите не зборуваат, но Бог зборува!

Сега, можеби се прашувате зошто го насловив ова поглавје, „Тешкото место на издигнување“. Затоа што Светиот Дух во вас ги има одговорите на тешкото место. Тешкото место ви дава совршена можност да го донесете решението. Тешкото место е совршено сценарио за вашето следно издигнување! За жал, многу верници

бегаат од тешките места.

Всушност, многумина мислат дека ако се најдат на тешко место, сигурно не се во Божјата волја.

Се сеќавам кога првпат почнавме да правиме ТВ емисии, и трошоците ни беа околу 9.000 долари месечно. Леле, мислев дека тоа е голема сума што треба да ја најдеме секој месец, потоа трошоците се зголемија на повеќе од 20.000 долари месечно, а потоа и до 50.000 долари месечно. Еден ден, додека сите бевме во молитва, Ејми, мојата ќерка, почна да зборува преку дарот на пророштвото:

„Жетвата е преголема за вас. Ве растегнувам. Само преку Мојот Дух можете да разберете што ќе се случи! Дали ќе истапите, и ќе Ми дозволите да ве одведам до тешките места што не ги разбирате, до невозможното?“

Пред да ви раскажам што се случи, врз основа на она што сега го знаете, можете ли да ми кажете како треба да го толкуваме тоа? ИЗДИГНУВАЊЕ! Го сакам тоа што Бог ми даде избор. Тој ме прашуваше дали сум подготвен да го одам патот со Него. Јас се согласив. Да кажев не, сигурен сум дека ќе најдеше некој друг. Но, јас би сакал да бидам издигнат, зарем не сакате и вие?

Па, реков: „Да, Господи, знаеш дека сум подготвен“. Неколку недели после тоа, Дејстар Нетворк ни понуди да емитуваме една емисија дневно, а ние до тогаш одевме со една емисија неделно. Ако ја прифативме понудата, нашите трошоци за ТВ ќе станеа околу 200.000 долари месечно. Па, врз основа на тој пророчки збор и помазанието на Светиот Дух, реков да. Сите ми велеа дека во наредните неколку месеци, додека луѓето не научат за нашата емисија, можеби ќе ни се насоберат долгови кон телевизијата. Токму тоа се случи, но можеби беше и малку полошо отколку што сите очекувавме. За пет месеци ни се насобра долг од 500.000 долари за ТВ емисијата. Всушност, нашиот партнер ми испрати е-пошта во која се наведува дека неговите адвокати се малку нервозни поради доцнењето на исплатата.

Почнав навистина да се борам со Бога за ова бидејќи мојата емисија се вика *Решавање на проблемот со парите!*

Почнав малку да се обесхрабрувам и ѝ реков на Дренда дека можеби ќе треба да го намалиме времето на ТВ. Но, таа одговори: „Што рече Бог? Тој рече дека ќе плати за тоа, нели?“ Таа ми го повторуваше истото секогаш кога зборувавме за тоа во наредните неколку денови. Се молевме, и иако немав никаков одговор во тоа време, го почувствував Божјиот мир. Таа недела во сон видов многу чекови. Чудната работа во овој сон не беше само тоа што видов куп чекови, туку ги видов и износите на чековите и кој ги издал. Кога се разбудив знаев дека сметките за ТВ се платени и имав мир. Па, тој викенд, тој нормален викенд, би кажал, добивме 500.000 долари исто како што видов во сонот. Сè како што видов во сонот, износите и луѓето што ќе ги дадат тие чекови, сè се случи токму така.

Знаете, тешките места не се лоша работа! Тие се место на издигнување, пријатели. Луѓето ми велат дека се плашат да истапат кон тешки места затоа што се плашат да направат грешка. Но, Светиот Дух може да ве предупреди и за потенцијална грешка ако Го слушате.

**МОЖЕТЕ ДА МУ ВЕРУВАТЕ НА СВЕТИОТ ДУХ ДЕКА ЌЕ ВИ ПОМОГНЕ И ЌЕ ВЕ ВОДИ НИЗ СЕКАКВИ СИТУАЦИИ.**

Се сеќавам, кога ја водев мојата хипотекарна фирма пред неколку години, еден клиент сакаше да ја заложи неговата куќа за да инвестира во компанија за која немав добро претчувство. Додека одев по скалите кон канцеларијата, се сеќавам дека разговарав за тој случај со еден од моите вработени. Одеднаш, почувствував дека Светиот Дух ми кажува што да направам. Му реков на мојот претставник: „Можеш да го склучиш договорот, но клиентот нека потпише писмо што ќе биде дел од пакетот за заем, во кое се наведува дека не сме дел од инвестициската компанија, туку само даваме заем на барање на клиентот“. Понатаму потенциравме дека не преземаме никаква одговорност во

однос на безбедноста или извршувањето на наведената инвестиција, и дека инвестицијата во таа компанија не е наш предлог. Па, околу шест месеци подоцна, целата работа пропадна. Инвестициската компанија ги загуби сите пари на клиентот. Против инвестициската компанија и мојата компанија беше поднесена тужба. Меѓутоа, кога нивниот адвокат го виде писмото што го потпиша нашиот клиент, нѐ изостави нас од тужбата.

Заслугата е на Светиот Дух Кој ме запре тој ден на тие скали и ме поттикна да му кажам на мојот претставник да ја стави таа точка во договорот со клиентот. Можете да Му верувате на Светиот Дух дека ќе ви помогне и ќе ве води низ секакви ситуации. Како што вели Исус: „Не плаши се".

Ја имам напишано оваа приказна во една од моите други книги, но добро е да се повтори и во оваа дискусија. Еден ден, со целото семејство се подготвуваме да заминеме на тридневен викенд. Сите беа во комбето, и токму пред да тргнеме, наеднаш, Светиот Дух ми рече да го поместам автомобилот. Имав уште еден автомобил веднаш до комбето на патеката пред нашиот дом. Светиот Дух ми рече да го преместам автомобилот на тревата. Тоа беше толку чудно. Си помислив: „Зошто Светиот Дух би ми рекол да го преместам автомобилот од патеката на тревата?" Немав поим. Но, поттикот беше силен! Затоа ѝ кажав на Дренда што планирам да направам и излегов и го преместив автомобилот од влезната патека во дворот на тревата. Не размислував многу за тоа додека не се вративме дома во неделата навечер. На местото каде што претходно стоеше автомобилот сега имаше паднато големо јаворово дрво. Да не го преместев автомобилот ќе беше целосно оштетен од падот на дрвото. Меѓутоа, кога се вративме автомобилот беше целосно здрав.

Јас и Дренда, се разбира, добро знаевме што не треба да се прави со парите. Но, ни требаше пристап до тајните стратегии и тајната мудрост за да бидеме уште повисоко над нашите околности. Сега, со насмевка можам да кажам дека нашата телевизиска програма, која се гледа низ целиот свет, се вика *Решавање на проблемот со парите*!

Пријатели, еве ја вашата иднина денес.

*„Од немоќни станаа крепки, станаа силни во војна, прогонија туѓи војски.“*

—Евреите 11:3

Тешките и невозможни места не се тешки и невозможни кога го знаете одговорот!

ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ТИВОК, МАЛ ГЛАС

Кога поучувам за гласот на Светиот Дух, многу луѓе ми велат дека никогаш не го слушнале Божјиот глас. Но, јас секогаш им велам: „Да, сте го слушнале!“ Ако се чувствувате како многумина христијани, и мислите дека никогаш не сте го слушнале Божјиот глас, тогаш ве молам отворете во 1 Царевите 19:11–12.

*Тогаш Бог му рече: „Излези и застани на горaта пред лицето Господово; и, ете, Господ ќе мине, и голем и силен ветар кој ридови урива и соборува карпи пред Господ; но не е Господ во ветрот; по ветер – земјотрес, но не е Господ во земјотресот; по земјотресот – оган, но не е Господ во огнот; по огнот – здив од тих ветар, и таму е Господ.“*

—1 Царевите 19:11–12

Иако го слушам гласот на Светиот Дух со различен степен на интензитет, нормалниот глас на Светиот Дух е нежен шепот. Тоа е тивок, благ глас. Како што реков претходно во книгата, вообичаено, Божјиот глас звучи како мисла која доаѓа во различни облици. Исто како што можете да го препознаете гласот на вашето дете во

толпата, можете да Го познавате Светиот Дух доволно добро за да го знаете и Неговиот глас кога Тој зборува. Но, во ова поглавје сакам да ви зборувам за Божјиот глас за кој никој не размислува, но сите го слушнале.

Додека студирав на Универзитетот Орал Робертс, се запишав на неколку предмети по општа теологија бидејќи мојата главна насока беше Стариот Завет. Имаше многу работи што не ги знаев; всушност, поголемиот дел од тоа никогаш порано не сум го учел. Поради недостатокот на навики за учење затоа што не одев во средно училиште, ми беше премногу тешко да бидам во тек со предавањата, а особено кога беа завршните испити. За овој конкретен предмет, требаше да напишам семинарска работа на некоја старозаветна тема, меѓутоа во овој момент не можам да се сетам за што точно станувашe збор. Но, пишувањето семинарски ме плашеше. Всушност, кога бев прва година на факултет, кога ја напишав првата семинарска, добив огромна петка на првата страна од семинарската напишана со црвено мастило заедно со зборовите: „Дали е воопшто можно да си одел во средно училиште?", напишани под оцената. Толку бев ужасен по англиски јазик и граматика што професорот се чудеше како воопшто сум примен во ОРУ. Морав да имам ментор по англиски јазик за да ја поминам првата година.

Сега, со притисокот од испитната недела, имав уште една семинарска. О, колку се плашев од тој проект. Ќе напишев сам семинарска, но никогаш не сум учел како се прави тоа; и затоа барав материјали на слична тема и само ги копирав зборовите со малку прилагодувања за никој да не може да препознае дека најголемиот дел од семинарската е преземена од различни извори. Срцето ми беше чисто бидејќи не сметав дека правам нешто погрешно, бидејќи она што го читав го прераскажував со свои зборови; но беше факт дека навистина не знаев како да пишувам.

Меѓутоа, овој пат немав време. Еден мој пријател, неколку соби подолу во ходникот, го имаше истиот предмет, но на предавањата одевме во различни групи. Сите во класот требаше да пишуваат на иста тема, па го

прашав пријателот дали може да ја видам структурата на неговата семинарска. Сега, не знам зошто, откако ми ја даде семинарската да ја видам, знаев дека не можам да напишам толку добар труд како неговиот и решив да ја препишам. Знам, знам, шокирани сте. Запомнете, јас бев навистина нов христијанин во тој момент. Добро, не ја препишав целата негова семинарска, туку само околу половина. На крајот од таа испитна недела, ја предадов семинарската кај мојот професор, олеснет што пишувањето заврши. Но, потоа се случи нешто што ме научи една вредна лекција за слушање на Божјиот глас.

Кога легнав таа вечер, не можев да спијам. Совеста ми зборуваше толку гласно што не можев да спијам. Сфатив дека тоа што го направив е погрешно и дека тоа е кражба, а згора на тоа и излажав. Исто така не покажав почитување кон мојот пријател и го обесчестив. Бев мизерен! Во 3:00 часот наутро, отидов низ ходникот во собата на мојот пријател и го разбудив, кажувајќи му што направив и му се извинив. Ме погледна со заспани очи и рече: „Врати се во кревет, Гери“. Потоа се преврте и продолжи да спие.

Следниот ден отидов кај мојот професор и признав што сум направил. Се разбира, мораше да ми даде петка за семинарската, но ми се насмевна и рече дека го цени тоа што бев искрен. Потоа ми рече дека бидејќи признав што сум направил, сепак ќе ми даде деветка како конечна оцена за тој предмет. Какво олеснување, колку подобро се чувствував кога тој глас на осуда беше замолчен и наместо тоа чувствував слобода и мир.

Затоа, дозволете ми да ви поставам едно прашање: „Зошто мојот пријател можеше да се сврти и да продолжи да спие додека јас бев во таква емоционална агонија? Зошто и тој не беше во таква агонија? Зошто не можев да спијам и зошто бев толку мизерен?“ Еден глас ми зборуваше секој пат кога се обидував да заспијам. Тој глас ме осудуваше – тоа беше мојата совест! Дефиниција за совест е: инстинктивно познавање на доброто и погрешното. Зборот буквално значи „да се знае“ или „да се има познавање на“.

Како свеќа, светлината на совеста свети за да ја открие

темнината. Води совршена евиденција за секоја мисла и секое дело што некогаш сте го направиле. Како сведок во судница, сведочи за она што е најскриено. Зборува и ве потсетува да го правите она што е правилно и да го избегнувате она што е погрешно. Совеста е внатрешниот глас на Бога во секоја личност. Совеста го повикува секој човек на одговорност за своите постапки. Совеста го повикува секој човек, како во судница, да даде сметка пред Бога. Како што сведокот е повикан да даде докази, така и нашата совест или зборува во наше име (брани) или нè осудува (обвинува).

Една студија објавена од Medical Xpress ги потврдува овие факти:

„Сегашна теорија, што преовладува, за човековиот развој е дека човекот го започнува својот живот со „морална празна состојба“, но новото истражување е во спротивност со ова гледиште. Истражувачите открија дека бебињата на возраст од шест месеци веќе донесуваат морални проценки што, пак, води кон заклучок дека можеби сме родени со морален кодекс вметнат во нашиот мозок.“[3]

**СОВЕСТА Е БОЖЈИОТ ГЛАС ВО СЕКОЈ МАЖ И ЖЕНА, ОТПЕЧАТОК НА СОЗДАТЕЛОТ И НЕГОВИТЕ БАРАЊА ДА ГО ЖИВЕЕМЕ ЖИВОТОТ ЗА КОЈ СМЕ СОЗДАДЕНИ ДА ГО ЖИВЕЕМЕ.**

*„И по тоа ќе знаеме дека сме од вистината, и пред Него ќе го увериме своето срце; бидејќи, ако срцето наше нè осуди, Бог е поголем од нашето срце и знае сè. Возљубени, кога нашето срце не нè осудува, тогаш ние имаме слобода пред Бога, и што и да побараме, добиваме од Него, бидејќи ги чуваме Неговите заповеди и правиме што е благоугодно пред Него.“*

—1 Јован 3:19-22

Совеста е Божјиот глас во

секој маж и жена, отпечаток на Создателот и Неговите барања да го живееме животот за кој сме создадени да го живееме. Никој не може да избега од својата совест. Порано се чудев кога ќе слушнев дека некој убиец или некој што ограбил банка без да биде фатен, наеднаш сам се предал. Но сега знам дека нема поголема мака од совеста што го осудува човекот! Павле вели во 2 Коринтјаните 1:12 дека совеста сведочи, таа зборува.

*„Бидејќи нашата пофалба е оваа: сведоштво на нашата совест дека со простодушност и искреност пред Бога, а не со телесна мудрост, туку со Божја благодат живееме на светот, особено, пак, меѓу вас.“*

—2 Коринтјаните 1:12

Може ќе прашате: „Од каде доаѓа авторитетот на совеста? Зошто нејзиното сведочење е валидно пред духовниот суд?“ Затоа што таа е гласот Божји. Павле, повторно, во Римјаните 2:14-15, ни кажува дека совеста активно ни зборува.

*„Зашто секогаш кога незнабошците, кои немаат Закон, природно ги извршуваат одредбите на Законот, тогаш тие, иако немаат Закон, се Закон на самите себе; тие докажуваат дека делото на Законот е запишано во нивните срца, за што сведочи и нивната совест, а и нивните внатрешни размислувања, со кои меѓусебно се обвинуваат или одбрануваат.“*

—Римјаните 2:14-15

Секој има совест. Можеби не се согласувате. Можеби знаете за луѓе кои изгледаат дека немаат чувства. Но, гарантирам дека тие не започнале така. Ако некое лице продолжи да се спротивставува на гласот на својата совест, тој глас ќе станува сè потивок и потивок.

*„Преку лицемерството на оние што зборуваат лага и имаат догорена совест.“*

—1 Тимотеј 4:2

Павле вели дека овие луѓе ја догориле својата совест или се онеспособиле да ја почувствуваат или слушнат својата совест со тоа што ги закоравуваат своите срца против неа. Да ја земеме за пример кожата. Ако ја изложите на пламен, што значи дека ја горите, таа нема да може да чувствува сè додека не порасне нова кожа додека старата, тврда кожа не отпадне. Истото важи и за нашата совест. Совеста не може да ве натера да направите нешто – таа зборува. Можете да ја игнорирате или да одите против неа. Но, Павле предупредува дека ако ја игнорирате својата совест, тоа може да ви направи големи неволји; или, како што вели Павле, да ви го потопи животот.

> *„Чедо Тимотеј, оваа заповед ти ја предавам според пророштвата кои прво тебе те посочија да се бориш како добар војник потпирајќи се на нив, имајќи вера и добра совест, која некои ја отфрлија и претрпеа* ***бродолом*** *во верата.“*
>
> —1 Тимотеј 1:18-19

Во основа, луѓето кои се закоравуваат против гласот на нивната совест ја изгубиле способноста да управуваат со својот живот. Нивниот компас е оштетен и повеќе не функционира. Тие не можат да кажат по кој пат одат. Павле вели дека треба да одржуваме чиста и добра совест, за да бидеме сигурни дека се движиме на правилниот пат. Бидејќи можеме да ги закоравиме нашите срца и да ја оштетиме нашата способност да разликуваме меѓу она што е правилно и погрешно, Павле вели дека е важно да го следиме законот и да го правиме она што е правилно.

> *„Затоа е нужно да се покорувате, и тоа не само поради страв, туку и поради совеста своја.“*
>
> —Римјаните 13:5

Ако не го почитувате законот, вашата совест ќе ве осуди. Така, Павле вели да го почитувате законот, да го правите она што е правилно за вашата совест да остане мека и нежна и да може да функционира онака како

што Бог ја создал да функционира, да ве заштитува од опасност.

Во однос на совеста, можам да се сетам на уште една глупава работа што ја направив што ќе го илустрира овој принцип. Овој настан се случи пред да станам пастор. Штом ќе ја слушнете приказната ќе сфатите зошто Бог не ме постави да бидам пастор порано. Се работи за автомобил што некогаш го поседував. Станува збор за Пежо 505 што многу го сакав. Еден ден додека стоев на семафор еден дечко ме удри во задниот дел. Багажникот беше скршен, а рамката свиткана, плус имаше и други оштетувања на каросеријата како резултат на несреќата. Агентот за осигурување на момчето што ме удри дојде на фармата за да ја види колата и да направи проценка.

Пред да ви кажам што се случи откако тој пристигна, треба да ви кажам дека неколку недели пред да се случи таа несреќа, ауспухот на автомобилот се измести од својата позиција. Моторот на подвижниот покрив, што беше поставен во багажникот, исто така престана да работи неколку недели пред агентот да дојде да го обработи барањето за оштета. Кога агентот за осигурување дојде да го прегледа автомобилот, ме праша дали ауспухот, кој можеше да го види, поставен на земја покрај автомобилот (зашто јас го ставив таму за да може да го види) беше оштетен во несреќата. Почувствував голема вина кога му реков: „Да, господине“. Потоа ме праша дали и моторот на подвижниот покрив, за кој му реков дека не работи, исто така е настрадан во несреќата. Повторно, реков: „Да“.

Во мојот дух, ја слушав мојата совест како вреска: „Гери, што правиш? Лажеш!“ Сега слушнете како се измамив себеси. Навистина можам да се сетам дека помислив во себе да го игнорирам тој глас, верејќи си дека ќе исчезне. Денес, не ми се верува дека тогаш размислував така. Леле, зарем не ви е мило што во тоа време сè уште не бев пастор на црква? Сигурен сум дека на Бог Му беше!

Како и да е, ја однесов колата во работилница и за една недела ми се јавија да дојдам да ја земам. Кога ја видов каросеријата на мојот автомобил, бев многу среќен. Беше совршена! Возејќи се кон дома, ми беше многу мило што

сè беше поправено. Отприлика една недела подоцна, решив за паузата за ручек да појдам дома и да јадам со Дренда и децата. Куќата на фармата беше само околу три километри оддалечена од канцеларијата што ја изнајмив за мојата финансиска компанија. Паркирав на влезната патека во близина на влезната врата, влегов дома и имав одличен ручек.

Кога излегував од куќата низ влезната врата, забележав дека мојот автомобил не е таму. Бев збунет. Каде беше мојот автомобил? Погледнав наоколу и потоа го видов. Нашата куќа беше на врвот на еден рид и, очигледно, заборавив да ја подигнам рачната сопирачка. Иако тоа ми се немаше случено никогаш претходно, сигурно сум заборавил тогаш да ја активирам сопирачката, затоа што автомобилот се спуштил низ надолнината по долгата патека и со задниот дел удрил во дрво. Додека одев кон автомобилот, бев во шок. Багажникот беше скршен, а штетата беше идентична со штетата што беше направена во сударот пред да го поправам автомобилот. Рамката беше свиткана исто како и претходно, ауспухот беше паднат, а не работеше ниту моторот на подвижниот покрив. Сè беше исто како пред да го однесам автомобилот на сервис поради несреќата.

Додека стоев таму, одеднаш сфатив и само почнав да се смеам. Бог ми одржа лекција, лекција што тоа момче проповедник требаше да ја научи пред да може да ги води луѓето. Никогаш повеќе не го поправив автомобилот. Наместо тоа, ја продадов таква каква што беше за делови. Можам да се сетам само на уште еден случај во мојот живот кога совеста ми врескаше многу гласно да престанам. Ја нарекувам приказна за велосипедистот.

Се надевам дека имате полза од ова што го кажувам. Знам, тешко е да замислите дека сум можел да паднам толку ниско да правам такви работи, тоа е вистината. Мило ми е што Бог ме спаси затоа што имам чувство дека мојот живот ќе се движеше во сосема поинаква насока ако не бев христијанин.

Приказната за велосипедистот се случи неколку години после инцидентот со автомобилот, и да, во тоа

време само што станав пастор на една нова црква. Бев кај татко ми едно саботно попладне и на заминување со нашиот сребрен Доџ караван морав да излезам во рикверц на главниот пат со две ленти покрај патот каде што живееше татко ми. Куќата на татко ми беше на подножјето на еден низок рид. Не знам како, но не го забележав велосипедистот што се спушташе по надолнината. Кога почнав да се враќам наназад, велосипедистот не беше зад мене, но бидејќи се движеше премногу брзо, ме стигна токму кога излегов на патот и почнав да се движам напред.

Сето ова време не бев свесен за велосипедистот, но одеднаш слушнав три силни удари на задниот дел од автомобилот. Погледнав во ретровизорот и го видов велосипедистот како ми покажува среден прст со двете раце, истовремено пцуејќи ме на цел глас. Бев изненаден и целосно навреден од однесувањето на овој човек. Знаев дека можеше лесно да забави додека возеше по надолнината гледајќи ме како се враќам во рикверц. Знаев и дека ако сакаше, можеше само да ме заобиколи и иако возеше брзо. Но наместо тоа, тој избра да застане и да ми одржи лекција.

Бев тотално шокиран што мислеше дека може да влезе во дуел со автомобил. Мислев дека некој треба да му одржи лекција на овој дигнат човек, затоа ја намалив брзината и се движев полека чекајќи го да се доближи до мене, а потоа наеднаш згазнав на сопирачките. Добив одредено задоволство гледајќи како изненадено се обидуваше да закочи со цел да избегне удар во задниот дел од мојот автомобил. Но, тоа го предизвика на уште посочни пцовки какви што никогаш претходно не сум видел или слушнал. Тој не престануваше да пцуе.

Продолжив да возам полека по патот и застанав пред влезот на една куќа. Се паркирав во рикверц така што автомобилот беше свртен кон патот. Бев насочен кон велосипедистот кој возеше во мојот правец. Кога забележа дека го чекам свртен кон него, наеднаш престана да пцуе. Мислам дека конечно се сети дека тој вози велосипед и дека автомобилите се многу поголеми

од велосипедите. Го спуштив прозорецот и чекав да се доближи до караванот. Додека се приближуваше кон мене, му викнав дека ако некогаш повторно го видам на овој пат, ќе го прегазам. Потоа удрив по автомобилот што во тој момент беше насочен токму кон него на растојание од околу 5 метри. Имав впечаток дека автомобилот и велосипедот се допреа, но за малку не се судрија. Се чувствував донекаде оправдано. *Му покажав кој е кој*, си помислив, но не за долго.

Од мојот дух, го слушнав Светиот Дух како вели со силен, авторитативен глас: „Гери, што правиш?“ Читањето на овие зборови во печатена форма ни од близу не можат да го доловат чувството како тие звучеа кога ги слушнав во тој момент. Одеднаш, сфатив дека можев да го убијам човекот. Погледнав во ретровизорот и тој беше таму, се движеше многу бавно, со главата надолу и изгледаше или повреден или едноставно изненаден што е сè уште жив. Не сум сигурен. Возев по патот, но мојата совест не ме остави на мира. Како нов пастор, сфатив што можеше да се случи. Можев да ги видам весниците: „Пасторот на црквата *Вера и Живот* прегази велосипедист после жолчна расправија на патот“. Светиот Дух ме потсети дека токму за луѓе како него ме повика да основам црква во таа заедница. Јас всушност бев шокиран од моите постапки и се покајав пред Господа со солзи.

Значи, да се согласиме дека, всушност, претходно сте го слушнале Божјиот глас. Но, сакате да ја задржите таа совест чувствителна и да не дозволите да се закоравува за да можете секогаш да Го слушате Бог. Библијата вели дека Израелците ги закоравија своите срца против Бог и никогаш не можеа да влезат во ветената земја. Писателот на Евреите нè предупредува нас, новозаветните верници, да не го следиме нивниот пример.

> *Поради тоа, како што вели Светиот Дух: „Денес, ако го чуете гласот Негов, не жесточете ги срцата свои како во огорченоста на денот на искушувањето во пустината.“*
>
> —Евреите 3:7-8

Ова предупредување се повторува најмалку три пати во третото и четвртото поглавје. Зошто такво предупредување? Затоа што Бог сака да ве благослови и сака да го имате сето она за што плати Исус.

Тврдоглавоста ме потсетува на едно коњче што го имав кога бев момче. Тоа беше најзлобното животно што сум го видел, а беше и паметно. Јас бев единствениот кој можеше да го јава, или да кажам што се осмелува да го јава. Се сеќавам еден ден на гости имав еден пријател што тврдеше дека сака коњи и дека може да се справи со секој коњ. Тој инсистираше да го јава Тони, понито (така се викаше малото коњче). По некое време, тој ме убеди да му дозволам да се обиде, па го оседлав Тони. Џеки беше името на мојот пријател и никогаш нема да заборавам што се случи кога седна на тоа седло. Кога го јавна Тони, полетаа. Итајќи, Тони веднаш се упати кон езерцето што беше на околу 50 метри од куќата. Џеки се обидуваше да го успори Тони со уздите и викаше кон понито да застане, но Тони не му обрнуваше внимание. Наместо тоа, Тони трчаше директно кон езерцето, а кога стигна до работ на водата наеднаш застана. Се разбира, Џеки летна директно преку коњчето во езерцето. Тони потоа се сврте и само почна да пасе трева како ништо да не се случило.

**ПОРАДИ ТОА, КАКО ШТО ВЕЛИ СВЕТИОТ ДУХ: „ДЕНЕС АКО ГО ЧУЕТЕ ГЛАСОТ НЕГОВ, НЕ ЖЕСТОЧЕТЕ ГИ СРЦАТА СВОИ КАКО ВО ОГОРЧЕНОСТА НА ДЕНОТ НА ИСКУШУВАЊЕТО ВО ПУСТИНАТА.“**

**—Евреите 3:7-8**

Знаете, Тони беше толку многу јаван што јаремот повеќе не му предизвикуваше болка во устата. Тој стана бесчувствителен и затоа не обрнуваше внимание на тоа.

Како пони, Тони немаше никаква вредност освен за мене. Зошто? Затоа што, како што реков, тој беше умен. Јас бев тој што го хранеше. И научи дека единствениот начин да излезе од шталата на свеж воздух и зелената трева што многу сакаше да ја јаде, беше да ми дозволи да го јавам. Но, морав да внимавам на него. Одеше со наведната глава на едната страна за да може да ме гледа додека го јавам. Чекаше да ја свртам главата во спротивна насока. Тогаш тој брзо ќе се завртеше и ме каснуваше по ногата. И да ви кажам дека тоа ме болеше, затоа секогаш внимавав на него. Но, од тоа пони немавме никаква полза.

Ако дозволиме нашите срца да станат закоравени, стануваме неупотребливи за Бог, исто како што беше Тони. Еднаш, го врзавме Тони надвор на синџир. Татко ми сипуваше вода во кофа за Тони. Кога татко ми се сврте да си оди, Тони го гризна за задникот. Но, татко ми не беше верник и брзо се лутеше. Веднаш до кофата со вода имаше голема коцка сол, а татко ми ја зеде таа сол и ја фрли колку што можеше посилно кон понито. Но, Тони преживеа. Дали му верував на Тони? Никогаш!

Така е и во животот на луѓето. Тие мислат дека можат да бидат непослушни, и да одат против својата совест само еднаш, но она што не го сфаќаат е дека развиваат лузни секогаш кога го прават тоа. Еден ден, доколку одлучат да не бидат послушни на Бог тие ќе станат исто како Тони и нема да чувствуваат никаква болка или каење. Кога ќе сфатите дека сте тргнале против совеста лекот е брзо да се покаете.

Псалм 51 е напишан од цар Давид откако згреши со Витсавеа. Тоа е покајнички псалм.

> *„Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои. Измиј ме темелно од моето беззаконие и очисти ме од мојот грев, Зашто престапите мои ги знам и мојот грев е секогаш пред мене. Против Тебе, само против Тебе згрешив и пред Тебе зло извршив, така што Ти си праведен кога ќе пресудуваш и беспрекорен кога ќе судиш. Ете, грешен*

*сум роден, грешник уште од кога ме зачна мајка ми. Ти ја сакаш вистината во срцето, и внатре во мене ме учиш на мудроста Твоја. Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист; измиј ме и ќе бидам побел од снег. Дај ми да чујам радост и веселба, нека се зарадуваат коските што Ти ми ги здроби. Одврати го лицето Свое од гревовите мои и избриши ги сите мои беззаконија.* ***Создај чисто срце во мене****, Боже, и нов и прав дух стави во мене. Не отфрлај ме од лицето Свое и Светиот Дух Твој не одземај Го од мене. Врати ми ја радоста на спасението од Тебе и благороден дух зацврсти во мене.“*

—Псалми 51:1-12

*„Зашто, жртви не ти се мили, кога би ти принел сепаленици, Ти не би ги примил. Жртвата пред Бога е срушен дух; срце понизно и смирено Ти, Боже, не отфрлуваш.“*

—Псалми 51:16-17

Давид се моли на Бога за чисто срце, скрушен дух, и покајничко срце. Во основа, Давид вели дека сака срце што може повторно да чувствува. Но, Давид никогаш немаше да го направи она што го направи доколку ја слушаше својата совест. Затоа, запомнете, ако ја игнорирате вашата совест, ќе го стврднете своето срце и секој нареден пат ќе ви биде полесно да го повторите истото, сѐ додека воопшто не можете да Го слушнете Бог.

Совеста е само еден од начините на кои Го слушаме Бог. Се разбира, Светиот Дух ни зборува директно со упатства и насоки. И како што реков, Светиот Дух ме има коригирано со силен, авторитативен глас, но и со тивок, благ глас. Ми говорел и преку соништа и визии, за што ќе зборувам повеќе во следното поглавје. Но, во ова поглавје, научивме дека ако сакаме да Го слушаме Бога, треба да ја чуваме нашата совест чиста од осуда и брзо да се покаеме за да остане мека и нежна за да го слушаме гласот на Духот!

ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ВИЗИИ И СОНОВИ

Наеднаш седнав на креветот и ѝ реков на Дренда: „Ти си бремена со девојче!“

Од сите пет деца што ги имавме, само еднаш Бог ни го кажа полот на детето – Поли, нашето четврто дете. Верувам дека тоа беше за да можеме да се бориме за неа бидејќи како семејство имавме сообраќајна незгода кога Дренда беше во шестиот месец од бременоста со Поли. Возејќи 80 километри на час по пат со две ленти, еден млад човек наеднаш излезе пред нас. Немаше време да застанеме и се удривме во неговиот автомобил. Никој не беше сериозно повреден, но сите моравме да одиме во болница. Дренда, бидејќи беше бремена, имаше модринки по стомакот од појасот. Таа беше загрижена за Поли. Бидејќи Бог ни зборуваше за Поли, имавме чувство на мир и знаевме дека Поли е добро, а така и беше.

Зборувајќи за Поли, можам да се сетам кога таа, како сопруга, беше бремена со своето прво дете. Дренда и јас моравме да одиме надвор од државата на службено патување. За жал, датумот на породување на Поли се совпаѓаше со тоа службено патување. Сега, ако ја знаете

мојата сопруга Дренда, таа не сака да биде отсутна кога некоја од нејзините ќерки се пораѓа. Затоа се прашувавме дали да го откажеме патувањето. Поминав извесно време во молитва за тоа, а Светиот Дух ми зборуваше дека датумот на породување е погрешен, и дека бебето ќе се роди еден ден по нашето враќање. Ѝ кажав на Дренда што ми рече Господ во врска со датумот и отидовме на патувањето. Кога дојдовме дома, Поли се породи на точниот датум што Господ ми го кажа. Ајвори, нашата нова внука, се роди точно на време.

Ова се примери за тоа како Светиот Дух ни зборува за некои секојдневни нешта од животот, при што зборовите на Светиот Дух излегуваат од нашиот дух. Но, постојат и други начини на кои Светиот Дух ни зборува за кои треба да бидеме свесни.

> *„По ова ќе го излеам Мојот Дух на секое тело, и вашите синови и ќерки ќе пророкуваат, вашите старци ќе сонуваат соништа, а вашите момчиња ќе гледаат виденија. Па и на слугите и на слугинките ќе го излеам Мојот Дух во оние денови.“*
>
> —Јоел 2:28–29

Пророкот Јоил пишува дека ќе дојде ден кога Бог ќе Го излее Својот Дух врз целото човештво. Сега живееме во тој ден. На денот на Педесетница, Светиот Дух слезе врз оние што чекаа во горната соба. Луѓето, кога видоа дека сите што беа во горната соба зборуваат на јазици и Го фалат Бога, помислија дека можеби се пијани и прашаа: „Што е ова?“ Петар стана да се обрати на толпата.

> *Тогаш Петар стана со единаесетте, го подигна гласот свој и им рече: „Луѓе Јудејци и вие сите што живеете во Ерусалим, знајте го ова и внимателно слушнете ги моите зборови; овие луѓе не се пијани, како што мислите вие, зашто е третиот час од денот: но ова е претскажаното преку пророкот Јоил: И ете во последните дни, рече Бог, ќе излеам од Мојот Дух на секое тело и ќе пророкуваат синовите ваши и ќерките*

*ваши, и младичите ваши ќе имаат виденија и старците ваши ќе сонуваат соништа. И во тие дни, врз слугите Мои и слугинките Мои ќе излеам од Мојот Дух, и тие ќе пророкуваат.“*

—Дела 2:14-18

Соновите и визиите се многу голем дел од тоа како ни зборува Светиот Дух. Не сум сигурен зошто Светиот Дух понекогаш зборува со тивок, благ глас, а понекогаш ни зборува преку сон. Мислам дека дел од одговорот е дека сите сме многу зафатени. Кога сме тивки, Тој може да ни го привлече вниманието. Или можеби затоа што сме во таква состојба на конфузија или околностите се такви што е тешко да го слушнеме тој тивок, благ глас. Светиот Дух сака само да ја добиеме пораката. На крајот на краиштата, една слика вреди илјада зборови. Без оглед на причината, Му благодарам на Бога за соновите и визиите. Соновите и визиите се слични. И во двата случаи гледаме слики, но разликата е во тоа што визиите ги гледаме во будна состојба, а соновите се слики што ги гледаме кога спиеме.

Во однос на визиите, сум имал неколку што би ги нарекол отворени визии, визии кога сте будни и кои се многу реални. Најзначајната визија во мојот живот ја имав кога бев повикан да проповедам на деветнаесетгодишна возраст. Отприлика еден месец пред да се случи тоа бев крстен во Светиот Дух. Се разбира, сето ова беше ново за мене бидејќи црквата во која одев не поучуваше многу за Светиот Дух.

Но, ми беше роденден и едни мои пријатели ме поканија кај нив на вечера. Кога седнавме да јадеме, се заблагодаривме за храната и одеднаш почувствував дека Светиот Дух силно доаѓа врз мене. Да повторам, јас бев нов во овие работи, но знаев од крштевањето во Светиот Дух какво е чувството кога Светиот Дух доаѓа врз една личност. Не знаев што да правам во тој момент, па се извинив и излегов надвор бидејќи веднаш зад мене имаше врата.

Кога излегов надвор, присуството на Бог стана уште

посилно, и имав отворена визија, што значи дека всушност ги видов овие работи исто како што денес гледам во физичкиот свет. Видов како стојам зад една говорница и проповедам пред луѓе. Во собата имаше околу 35 до 40 луѓе, сите седеа на столчиња што се преклопуваат. Можев да забележам дека беше ноќ бидејќи кога погледнав низ прозорците, надвор беше темно. Потоа слушнав глас кој рече: „Те повикувам да го проповедаш Моето Слово“. Ова беше повторено три пати, потоа сликата исчезна и помазанието се крена. Кога се вратив во куќата, моите пријатели ме прашаа дали е сè во ред, а јас реков: „Мислам дека штотуку добив повик да проповедам!“

Се сеќавам дека таа вечер отидов дома и му кажав на татко ми што се случи. Тој ми рече дека проповедниците не заработуваат многу пари. Тоа е сè што рече. Тој не беше христијанин во тој момент, но, фала Му на Бога, го предаде своето срце на Исус кога имаше 80 години и сега е на Небото.

Во овој случај, верувам дека Светиот Дух ми зборуваше преку отворена визија затоа што, пред сè, бев млад. Знаеше дека ќе се соочам со многу прогонство во моето семејство затоа што Му служам и дека ми треба тоа сидро за патешествието што ми претстои. И навистина таа визија продолжи да ми зборува сите овие години.

Имав уште една отворена визија на старата фарма во која живеевме. Живеевме во стара и трошна куќа на фармата речиси девет години, најголем дел од тоа време во голема сиромаштија. Но, кога почнавме да учиме како функционира Божјото Царство, почнавме да напредуваме и целосно се ослободивме од долговите.

Токму во тој период Бог всушност ја исполни визијата што ја имав на 19 години кога ме повика да проповедам. Токму во тој момент, 21 година откако го добив тој повик да проповедам, Бог ми рече да основам црква. До тогаш бев на факултет и работев во финансискиот сектор 21 година. Но, сега на четириесетгодишна возраст, Бог ми даде зелено светло да започнам нова црква.

Започнавме со црквата во подрумот на една христијанска радио станица, и нашиот прв собир таа

вечер се совпадна со визијата што Бог ми ја даде 21 година претходно. Таму на првата служба, ги видов истите луѓе како седат на столчиња што се преклопуваат и истите прозорци низ кои можев да ја видам ноќта надвор. Го видов истиот мал подиум.

Дренда и јас ја основавме нашата црква и бевме многу возбудени за Царството што навистина не се грижевме за тоа каде живееме. Знаевме дека на крајот мораме да ја напуштиме фармата бидејќи нашето семејство порасна бидејќи имавме пет деца, а ние бевме без соба. Сепак, бевме среќни затоа што бевме зафатени со нашиот просперитетен бизнис и црквата.

Но, еден ден кога се вратив дома од црква, влегов во дневната соба и седнав на каучот. Како што седнав, наеднаш, собата околу мене исчезна, и ја видов истата просторија во која што седнав, но сега без ниту едно парче мебел во неа. Вратата низ која штотуку поминав се отвори кон трпезаријата, а каучот на кој седев беше свртен кон таа врата. Од местото каде што седев во дневната соба гледав кон трпезаријата. Така, не само што дневната соба беше целосно празна, туку и трпезаријата беше целосно празна. Визијата траеше само околу пет секунди, и гледајќи, знаев дека е време да ја напуштаме фармата. Кога визијата заврши, веднаш ѝ кажав на Дренда што се случи и реков дека е време да си одиме.

Повторно, верувам дека во овој случај Бог ми даде визија за да ми го каже Неговиот план и истиот да биде јасен. Бевме зафатени и лесно беше да не реагираме на време. Но, визијата имаше итност во себе, „Време е да заминете!!!“ Дури подоцна ја сфативме итноста. Живеевме под кирија на таа фарма цели девет години и знаевме дека ќе мора да заминеме кога ќе започне планираната изградба на станови на таа локација, но никој не знаеше точно кога ќе биде тоа.

Така, за да не должам многу, Бог нè водеше на друга прекрасна земја каде што го градевме нашиот нов дом. Нашиот план беше да градиме полека бидејќи имавме време да работиме на куќата, можеби една или две години. Меѓутоа, околу шест месеци откако почнавме да

ја градиме нашата нова куќа, ни се јави сопственикот на фармата каде што живеевме и ни рече дека треба да се отселиме од малата куќарка за еден месец. Му рековме дека градиме нов дом и замоливме да ни го продолжат рокот за два или три месеци, на што се согласија, но без дополнителен грејс период после тоа.

Така, ја забрзавме градбата на новиот дом и се преселивме на крајот од нивниот грејс период. Ако Бог не ни кажеше да се преселиме, ќе требаше да се селиме уште неколку пати во тој временски период; а бидејќи бевме многу зафатени, тоа ќе беше проблем.

Се разбира, приказната за сината магла што ја раскажав на почетокот на оваа книга, настан што ми го промени животот, беше навистина отворена визија. Беше малку поразлична, во смисла дека всушност не гледав слика од мојата иднина, туку седев таму во таа сина магла и јасно ги слушав зборовите на Светиот Дух како ме повикува помеѓу народите.

Сигурен сум дека имав уште неколку визии, но мислам дека почесто имав сонови. Кога одев во Албанија, околу една недела пред да заминам, сонував за претстојното патување. Во тој период од мојот живот, воопшто не патував како сега; и пред Бог да зборува со мене тој ден, никогаш немав интерес да го правам тоа.

Но, една недела пред да заминам, имав еден сон. Во сонот, бев во лекарска ординација и лежев на креветот за преглед, а медицинската сестра влезе во собата и ми рече дека треба да ми земе крв. Така, таа ме фати за рака, земајќи ми го средниот прст за да земе крв, што мислев дека е чудно. Но, знаете како е се соновите; има работи што ги знаете само во сонот.

И во овој сон, едноставно знаев дека пред да ја напуштам планетата секој прст ќе ми биде боцкан за крв. Ова ми зборуваше затоа што во библиското училиште научив дека раката може да се користи за да ве потсети на петте служби во црквата: палецот е апостолот, показалецот е пророкот, средниот прст е евангелизаторот, прстот на кој се носи прстен е пасторот, а малиот прст е учителот кој работи заедно со пасторот.

Така, разбрав што ми кажува медицинската сестра. Знаев дека во текот на мојот живот, барем во одреден момент од животот, ќе функционирам во сите служби во црквата. Јас сум пастор и учител, се разбира, но знам и дека носам и пророчки збор за црквата во однос на Царството и финансиите. На тоа ме повика Исус додека бев во Албанија. Сонот ја покажа медицинската сестра како ми го боцка средниот прст, па знаев дека сум испратен како евангелизатор во државата Албанија со Радосната вест на евангелието. Што се однесува до апостолската служба, дури сега почнувам да функционирам и да чекорам во неа.

Како и да е, во тој сон, откако го боцна средниот прст, сестрата ги зеде рацете и ги склопи како дете кога се моли, и ме погледна и ги изговори зборовите моли се. Таа не ги кажа зборовите моли се гласно; тивко ги прошепоти како на место каде што не смее да се говори. Од сонот разбрав дека сум испратен како евангелизатор во Албанија и треба да се молам за тоа патување.

Сум имал многу сонови, премногу за да ги избројам или изнесам овде, но соновите се глас на Светиот Дух. Но, сум сретнал луѓе кои се чини дека сонуваат секоја вечер и за нив сѐ е „духовно“. Верувам дека треба да ги препознавате соновите, се разбира, а некои луѓе кои се желни да бидат препознаени како духовни се дуат со духовна гордост и гледаат работи што не се од Бога. Сепак, не сонувам толку често. Можеби годишно имам од четири до десет сонови за кои знам дека се од Бога и тие секогаш имаат да ми пренесат важна порака. Таа бројка варира во текот на една година, се разбира. Мислам дека нема никакво значење колку сонувате, важно е што учите од соновите.

Имав еден сон што буквално ми го промени животот, во кој Бог ми кажа да ја напуштам мојата финансиска компанија каде што работев осум години и да основам своја консултантска компанија за подмирување на долговите. Тоа сигурно беше значајно.

Сум имал и сонови на предупредување. Можам да се сетам на еден навистина чуден сон што служеше како предупредување. Се случи во време кога финансиите на

нашата служба беа ниски и чувствувавме финансиски притисок. Во сонот лежев во кревет и бев пред заспивање. Вратата од спалната соба беше отворена, и слушнав благ шум во ходникот (во мојот сон) и погледнав кон вратата. Таму видов мал демон, висок околу еден метар, како влече зад себе платнена торба полна со пари. Торбата личеше на торба што ја користи Дедо Мраз. Торбата беше полна и затоа се влечеше по земјата зад демонот. Демонот не излегуваше од куќата, и можев да го слушнам како се движи и се качува на третиот кат од куќата. Кога се разбудив и размислував за сонот, сфатив дека Господ ми покажува дека сме ограбени или дека губиме средства.

Интересно е што во сонот имав претстава за сумата на пари што се наоѓа во торбата. Се сеќавам дека мислев дека има околу 25.000 долари. Исто така, бидејќи демонот не ја напушти куќата туку едноставно ги однесе парите горе, чувствував дека лицето или лицата што крадеа или дозволуваа парите да бидат употребени за погрешни цели се дел од куќата, или во превод, дел од нашата служба. Затоа, следниот ден веднаш се јавив на нашиот постар старешина и го замолив да ги провери финансиските извештаи. Притоа, најдовме многу непотребни трошоци кои беа занемарени. Кога ги собравме овие непотребни месечни трошоци, збирот беше речиси 25.000 долари. Утврдивме дека никој не краде, но поради неодговорност, непотребно се трошат пари, и со мудро раководење ќе можеме да заштедиме пари што ќе ги употребиме за нешто што е повеќе потребно. Ни требаа тие пари во тој период бидејќи имавме ограничен буџет.

Бог преку сон може да ви даде и стратегија. Минатата година, 2018 година, сонував многу едноставен сон каде што само ги слушнав зборовите: „Испратете ги бродовите“. Го напишав тоа, но не знаев што значи. Постојано Го прашував Господа за значењето, и никој освен Дренда не знаеше за сонот. На нашиот јануарски состанок за мажи, ја изложив агендата за наредната година. Една цел беше да имаме мали групи низ целата земја, за што размислував многу години, но чувствував дека ова е годината кога треба да ја

**БОГ ПРЕКУ СОН МОЖЕ ДА ВИ ДАДЕ СТРАТЕГИЈА.**

реализираме таа замисла. По состанокот, еден човек дојде и ми рече дека малку му е непријатно, но едноставно мора да ми каже нешто: „Господ ми кажа дека си како Елена од Троја“. Немав поим за што зборува, па почна да ми објаснува што сака да каже. Го замолив да ми испрати порака во која ќе го повтори тоа што ми го кажа лично. Еве што напиша.

*Кралот на Спарта, Менелај испратил 1000 бродови да ја спасат неговата сопруга Елена од Тројанците. „Лицето што испрати илјада бродови“ е добро позната стилска фигура на изразување и се однесува на Елена од Троја.*

*Во среда, 30 јануари 2019 година, додека Пасторот зборуваше на средбата за мажи во Апекс, Господ ми кажа дека Тој е цар кој испраќа 1000 бродови за да ги спаси изгубените, изгубените во верата, изгубените во семејството и изгубените во финансиите.*

*Во Негова служба,*
*Арон*

Еден ден подоцна ми испрати уште една порака.

Пасторе,

*Сакам да ви дадам воена позадина на Елена од Троја. За повеќето луѓе, тоа е приказна за еден цар кој испратил 1000 бродови за да ја спаси својата изгубена сопруга од Тројанците. Но, за луѓето што имаат познавање од областа на војувањето, тоа било воено распоредување наречено Операција Елена од Троја. Секое воено распоредување добива оперативно име. На пример, распоредувањето на Фоките кои извршија рација во комплексот на Осама Бин Ладен беше наречено операција Нептун копје. Бев распореден на мисии со разни имиња како што се Операција Напред Мајк, Елвис Маршал и Дедо Мраз.*

*Воените операции добиваат називи за да бидат попрепознатливи или да се разјасни за типот на*

*операцијата и кој ја презема или спроведува истата. Кога Господ ми кажа дека си како Елена од Троја, за мојот воен ум тоа значеше дека пастор Гери ја распоредува операцијата Елена од Троја, испраќање на 1000 бродови за да ги спаси изгубените, изгубените во верата, изгубените во семејството и изгубените во финансиите.*

*Понатаму, кога слушам за распоредување на 1000 бродови, размислувам и за бројот на воини, помошен персонал, обука, логистика и административни процеси потребни за распоредување на секој брод. Нема никој поспособен да командува со оваа сила и да ја распореди оваа војска за Царството Божјо од вас. Со години нè подготвувавте за овој момент. Моето семејство, и сигурен сум дека остатокот од Телото, радосно го чека распоредувањето.*

*Во НЕГОВАТА служба,*
*Арон*

Арон беше дел од воената единица фоки и во својата дваесет и едногодишна служба бил дел од 9 специјални воени операции. Тој има одлично сведоштво како искусил радикална промена преку силата на Крстот. Тој не знаеше ништо за она што Господ ми го кажа во сон, да ги испратам бродовите. Но, неговиот „збор на знаење" беше потврда дека навистина сонот бил од Бог и ми помогна да се движам по патот што Бог го поставил пред мене. Нашата цел е да подигнеме 1000 мали групи низ целата земја што ќе ја споделуваат добрата вест за Царството. Ако сакате да бидете дел од таа армија, контактирајте ме преку мојата веб-страница, Garykeesee.com.

Мислам дека ја разбирате поентата. Сонoвите се моќен начин преку кој Бог зборува со Својот народ, давајќи насока, стратегија, предупредување и утеха.

Пред да заврши ова поглавје, би сакал да додадам уште еден начин што Бог го користи за да ни даде насока во стратегијата, а тоа е дарот на пророштво. Арон го доби она што се нарекува збор на знаење во врска со моите планови да покренам нова иницијатива. Збор на знаење е токму тоа, збор на знаење. Тоа е знаење дадено од

Божјиот Дух, нешто што не можете сами да го знаете. Зборот на знаење е наведен во 1 Коринтјаните 12 како еден од деветте дарови на Светиот Дух. Мојата намера не е да поучувам за сите тие духовни дарови во оваа книга, но сакам да споменам еден од нив, а тоа е дарот на пророштво.

Многу луѓе ги комплицираат своите животи бидејќи погрешно го разбираат овој дар, и затоа сметам дека потребно е добро да објасниме за дарот на пророштво. Кога луѓето размислуваат за пророштва, мислат на пророк кој покажува со прст кон нив и ги повикува велејќи им: „Треба да одиш во Африка“ или „Бог те повикува да бидеш пастор“. Овие две изјави може да бидат точна претстава за тоа како изгледа едно вистинско пророштво, но и двете можат да бидат целосно погрешни. Зависи како ги читате. Ако овие изјави се читаат како насока, тогаш може да бидат погрешни, но ако се читаат како потврда, може да бидат точни. Павле ја објаснува целта на пророштвото.

> *„Кој, пак, пророкува, тој им зборува на луѓето за надградување, охрабрување и утешување.“*
>
> —1 Коринтјаните 14:3

Јасно како бел ден. Ниту еден збор во овој стих не укажува на тоа дека пророштвото дава насока, а сепак многумина гледаат така на пророштвото, дека тоа дава насока. Но, според Павле, пророштвото може само да ја потврди насоката, а не да ја даде. Знаете, кога се новораѓате, Светиот Дух во вашата внатрешност ќе ви каже што да правите. Не треба некој маж или жена да ви каже за што ве повикува Исус. Но, пророчкиот збор може да потврди нешто што веќе го знаете.

**„КОЈ ПАК, ПРОРОКУВА, ТОЈ ИМ ЗБОРУВА НА ЛУЃЕТО ЗА НАДОГРАДУВАЊЕ, ОХРАБРУВАЊЕ И УТЕШУВАЊЕ.**

**—1 Коринтјаните 14:3**

Така, во примерот што го дадов, „Треба да одиш во Африка“, реков дека тоа може да биде вистински

пророчки збор, ако Светиот Дух веќе ви го кажал тоа и сега само го потврдува преку тој збор. Но, ако никогаш не сте размислувале за да одите во Африка и преку пророштвото прв пат се сретнувате со таа мисла, тоа не е вистински пример за пророштво во новозаветната црква.

Луѓето кажуваат чудни работи. Не мал број на христијани ми пристапуваат и ми велат: „На една богослужба Бог ми кажа дека треба да напредувам“. Па, да, не треба некој да ти даде слово од Бог за да ти каже дека ќе напредуваш; Библијата ни го кажува тоа. Многу христијани одат барајќи некој да им дадат збор од Бог. Не ви треба некој да ви даде збор! Светиот Дух во вас ќе ви зборува и, да, Бог може да испрати пророчки потврден збор за да ве охрабри, но не за да ве води.

Најдраматичниот пример за тоа во мојот живот беше кога се забавував со Дренда. Бев да се видам со нејзиното семејство во Џорџија за да ја побарам нејзината рака. Додека бев таму, заедно бевме на богослужба во нејзината домашна црква. Во тоа време, ми беше понудена работа во финансиски сектор, област во која лично имав проблеми. Бев повикан да проповедам на 19 години и штотуку го завршив факултетот со диплома од Стариот Завет, но сепак се чувствував принуден да ја прифатам оваа работа во финансии. Бев збунет и не знаев што да правам.

По неделната утринска богослужба во домашната црква на Дренда, една жена што не ја познавав, но Дренда сигурно ја познаваше, дојде до мене и ми рече дека има збор за мене. Таа рече: „Разгледуваш една понуда за работа. Работата се состои од следните 10 аспекти...“, и таа совршено го наведе сето она што требаше да го правам на новото работно место. Таа ми рече: „Треба да ја прифатиш таа работа, бидејќи е од Господ“. Во тој случај, јас веќе чувствував дека треба да ја прифатам работата, но бев збунет зошто се чувствував така. Нејзиниот пророчки збор ми донесе утеха и охрабрување и го потврди правецот по кој треба да одам. Да повторам, Светиот Дух во вас ќе ве води и ќе ви биде Советник.

ЕДИНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# СВЕТИОТ ДУХ ЗВУЧИ КАКО МОЈОТ ШЕФ

Во нашата црква имаше едно мало семејство што имаа потреба од работа. Навистина прекрасно семејство, секогаш подготвени да помогнат околу црквата. Но, тие секогаш имаа финансиски проблеми. Така, таткото повторно беше без работа, па решив да им помогнам. Во тоа време, ја градевме нашата куќа и сам ја поврзував струјата. Дознав дека таткото има познавање од електрика и му понудив да работи скратено работно време, неколку часови на ден, бидејќи немаа храна. Тој почна и заврши пристојна работа околу поврзувањето на струјата.

Не размислував многу за тоа, но околу еден месец подоцна, човекот ми се јави на телефон. Ми рече дека неколкумина од нив се собраа да се молат за мене. Реков: „За што точно се молите?“ Тој ми рече дека во црквата постојат работи што треба да се променат и ми кажа дека има список од 10 точки за кои тие разговарале. Првата точка на списокот беше мојата преголема куќа. Отворено

ме праша колку ми плаќа црквата за да си дозволам толку голема куќа. Набрзина му реков дека не добивам плата од црквата. Кога го кажав тоа, настана молк извесно време. Потоа рече: „Не добиваш плата од црквата?" „Точно", одговорив. Повторно молчеше додека конечно не рече: „Па, веројатно треба да добиваш плата". И тоа беше крајот на разговорот.

Отприлика една недела подоцна дознав дека во компанијата има отворена работна позиција за која мислев дека е од негов домен, па му кажав за тоа. Отиде, аплицираше и ја доби работата. Сега запомнете, во тој период неговото семејство беше во опасност да го изгуби својот дом. Така, неделата кога се вработи, дојде во црква и ми кажа дека дал отказ, бев во шок. „Даде отказ? Зошто?" Тој ми кажа дека по долгата седмица, во петокот попладне го замолиле да го измети подот. Ми кажа дека веднаш дал отказ, велејќи им дека не е негова работа да чисти подови. Не можев да поверувам во тоа што го слушам. Знаев дека овој млад човек треба многу да се менува ако сака да успее во животот. Навистина ми беше жал за сопругата на тој човек. Набргу потоа ја напуштија црквата и не знам што се случи со нив. Сепак, мислам дека не е тешко да се претпостави. Врз основа на неговиот арогантен однос и неподготвеност да работи, можам само да претпоставам дека неговото CV е навистина долго со многу променети работи, повеќето од нив за кратко време. Наместо да просперира во животот, тој само ќе преживува. Сега, не ме сфаќајте погрешно. Луѓето се менуваат, и јас секако се надевам дека за негово добро тој е променет. Но, знам едно, дека кога го познавав, тој се движеше во погрешна насока. Знаете, тој го занемаруваше Божјиот глас.

Можеби ќе прашате: „За каков глас Божји зборуваш?" Сигурен сум дека тој би го кажал тоа ако го прашате, бидејќи тогаш немаше поим. Меѓутоа, човекот занемаруваше еден од основните Божји методи на обука и подготовка на луѓето за нивниот повик: учење на покорност. Знам дека насловот на ова поглавје можеби ве збуни. Каква врска има мојот шеф со Светиот Дух? Во ова поглавје ќе дознаете дека вашиот шеф на работа има

голема поврзаност со вашата способност да Го слушате Светиот Дух!

Сакам да го започнеме нашето проучување на оваа важна тема во Матеј 8:5-10.

> *А кога влезе Исус во Капернаум, се приближи до Него еден стотник и Го молеше говорејќи: „Господи, слугата мој лежи дома фатен и многу страда.“*
>
> *Исус му рече: „Ќе дојдам и ќе го излекувам.“*
>
> *А стотникот одговори и рече: „Господи, не сум достоен да влезеш под мојот покрив; но кажи само збор и слугата мој ќе оздрави; <u>зашто и јас сум човек подвластен, а имам и потчинети војници; па кога ќе му речам на еден од нив: ‚Оди!‘ и тој оди; на другиот: ‚Дојди!‘ и тој доаѓа; и на слугата: ‚Направи тоа!‘ и тој прави.</u>“*
>
> *Кога го чу тоа, Исус се восхити и им рече на оние што врвеа по Него: „Вистина ви велам: ни во Израел не најдов толку голема вера.“*
>
> —Матеј 8:5-10

Зошто овој човек толку лесно поверува дека Исус може да го излечи неговиот слуга? Самиот го одговори тоа прашање. *„Зашто и јас сум човек подвластен, а имам и потчинети војници; па кога ќе му речам на еден од нив: ‚Оди!‘ и тој оди; на другиот: ‚Дојди!‘ и тој доаѓа; и на слугата: ‚Направи тоа!‘ и тој прави.“* Тоа беше така затоа што знаеше како функционира авторитетот. Како што тој беше под авторитет, така и неговите луѓе беа под негов авторитет. Тој знаеше дека зборот на неговиот шеф звучи исто како гласот на Цезарот. Всушност, вистината е дека гласот на неговиот шеф беше гласот на Цезарот. Тој, исто така, знаеше дека и неговиот глас за неговите слуги звучи како гласот на Цезарот. Така функционира авторитетот. Затоа, бидејќи знаеше што значи да се биде под авторитет, брзо разбра дека Исус може да го примени Својот авторитет над таа ситуација само со еден збор. Тоа беше сè што требаше да направи. Кога ќе им заповедаше нешто на слугите, тие веднаш слушаа. Беше толку

едноставно. Еве една вистина што мора да ја научите:

**СЕКОЈ ЧОВЕК ИМА ТОЛКУ АВТОРИТЕТ КОЛКУ ШТО САМИОТ Е ПОДГОТВЕН ДА СЕ ПОКОРИ НА АВТОРИТЕТ!**

Ако сатаната може да направи луѓето да немаат почит кон авторитетите и да ги убеди сите дека можат да прават што сакаат и кога сакаат, тогаш светот ќе пропадне во хаос и пропаст. Токму со таа мисла тој ја предизвика Ева во градината: „Дали Бог навистина рече...?“ Слушнете ме, секој човек на оваа планета е под авторитет или под повеќе авторитети. Препознавањето на авторитетот ќе ви помогне да знаете кого треба да слушате, а кого не. Но, денес секој сака да има авторитет без да биде под авторитет, а тоа е невозможно.

Неодамна, разговарав со еден човек кој е сопственик на градежна фирма кој ми кажа дека своите работници ги плаќа во готово за да го избегне данокот и другите обврски кон државата за вработените. Но, веќе го знам крајот на тоа. Еден ден, некој ќе се повреди на работа и ќе поднесе барање за надомест од фондот, и во тој процес ќе дознае дека газдата никогаш не плаќал пари во фондот за обештетување на работниците при случај на повреди и ќе ја тужи фирмата бидејќи законот налага да се исплати надоместокот на работниците. Само од нашата црква знам неколку примери за такви пропусти во градежништвото.

Минатата недела разговарав со една жена која ми рече дека не ѝ треба пастор; за неа беше доволно да има заедништво само со Светиот Дух. Навистина? Мислам дека таа жена треба да разговара со Исус затоа што во Ефесјаните, глава 4, Бог назначи пастори и ги постави основите за тоа како треба да изгледа една локална црква. Ако таа жена беше покорна на Исус, тогаш ќе беше покорна и на авторитетите поставени од Бог. Факт е дека таа не беше покорна на Исус и беше своеволна. Најверојатно поради тоа ќе западне во измама и тешки времиња.

Не толку одамна, разговарав со еден комерцијалист кој започна своја фирма за продажба и ги повлече сите негови клиенти од фирмата каде што работеше претходно, иако сите тие имаа потпишано договор со кој се обврзуваат дека нема да направат такво нешто. И после луѓето мислат дека ќе напредуваат во бизнисот? Просто кажано, тоа е крадење!

Знам дека ова поглавје можеби нема да ви се допадне толку многу како другите каде што зборував за натприродните и неверојатни работи што ги прави Светиот Дух, но ако не го сфатите правилно ова поглавје, можете слободно да заборавите сè друго затоа што издигнувањето доаѓа од Бог.

Во една прилика, после молитвениот состанок една жена дојде кај мене во солзи, прашувајќи ме зошто не ја повикав да се моли. Бев шокиран! Зошто беше толку голем проблем дали е повикана да се моли или не, освен ако, се разбира, нејзиниот идентитет се засноваше на тоа да биде видена од луѓето?

**ПРЕПОЗНАВАЊЕТО НА АВТОРИТЕТОТ ЌЕ ВИ ПОМОГНЕ ДА ЗНАЕТЕ КОГО ТРЕБА ДА СЛУШАТЕ А КОГО НЕ.**

И, се разбира, можев да ѝ кажам зошто не ја повикав да се моли, меѓутоа не можев да дојдам до збор. Оваа жена не го почитуваше својот сопруг и постојано го озборуваше поради тоа што тој не беше многу духовен човек. Затоа не ја повикав да се моли. Фактот дека таа се расплака затоа што не ѝ дадов можност да ја покаже својата духовност пред другите во групата, а таа се сметаше себеси за духовна жена, покажа дека таа не почитува авторитети и, поради тоа, е опасна жена.

Да ви поставам едно прашање. Дали сте квалификувани да одите таму каде што сакате да одите, таму каде што вашите соништа сакаат да одат? Ако го прашам вашиот пастор или вашиот шеф какво е нивното искрено мислење за вас, што ќе ми кажат? Знаете, не можете да имате авторитет додека не го положите тестот на покорноста.

Јас не го кажувам тоа; Исус го кажува.

*„Верниот во малку и во многу е верен, а неправедливиот и во многу и во малку е неправедлив. Па така, ако во неправедното богатство не бевте верни, кој ќе ви го довери вистинското? И ако во туѓото не бевте верни, кој ќе ви го даде вашето?“*

—Лука 16:10-12

**Дали може да ви се довери авторитет? Одговорот зависи од вашата покорност.**

Да погледнеме една случка во Библијата што може многу да ви помогне да успеете во животот.

*А Филистејците се собраа за војна против Израел: триесет илјади коли и шест илјади коњица, и мноштво народ, како песокот на морскиот брег; и дојдоа, та поставија логор во Михмас, на исток од Бет-Авен. Израелците, откако видоа дека се во опасност, бидејќи народот беше притеснет, се криеја во пештери и дупки, во камени места, во пукнатини и ровови; а некои од Евреите минаа од онаа страна на Јордан, во земјата Гадова и Галаадска.*

*Саул, пак, беше уште во Гилгал, и сиот народ што беше со него, се беше уплашил. И тој чекаше седум дена до рокот, означен од Самоил, но Самоил не доаѓаше во Гилгал. И народот почна да се разбегува од него. И Саул рече: „Донесете го кај мене одреденото за сепаленици и за жртви за благодарност.“ И принесе жртва.*

—1 Самоил 13:5-9

*И Самоил му рече на Саул: „Лошо си постапил што не си ја исполнил заповедта на Господ, твојот Бог, која ти беше дадена, зашто денес Господ сакаше да го зацврсти царувањето твое над Израел засекогаш. А сега твоето царување не ќе може да опстане:* ***Господ ќе си најде маж според срцето Свое и ќе го назначи за владетел над народот Негов****, зашто ти не го исполни она што ти беше заповедал Господ.“*

—1 Самоил 13:13–14

Саул беше дисквалификуван затоа што не се покори на авторитетот. Значи, повторно гледаме дека ако не можете да се потчините на авторитет, не можете да имате авторитет.

Сакам да истакнам една многу важна вистина овде. Господ сакаше да најде човек по Своето срце. Што значи „по Своето срце“?

> *Кога го отстрани него, за цар им го подигна Давид, за кого и рече, сведочејќи: ‚Најдов маж по срцето Свое, Давид, синот Јесеев.* ***Тој ќе ги исполни сите Мои барања****.“*

—Дела 13:22

Што значи за Бог некој да има срце како Неговото? Во основа, тоа е некој што го мрази она што го мрази Бог и го сака она што го сака Бог, некој што ќе го направи она што Бог би го направил во некоја дадена ситуација. Со други зборови, ако Бог го мрази гревот, и тие го мразат гревот. Ако Бог сака да направи нешто, и тие сакаат да го направат тоа. Во нашиот свет, мислиме дека човек по Божјото срце е некој што има најмногу духовни дарови. Мислиме дека да се биде духовен значи да се пеат духовни песни. Но, Бог јасно вели дека да се биде послушен е духовно обожавање.

> *Самоил одговори: „Зар сепалениците и приносите повеќе Му се пријатни на Господ, отколку послушноста на гласот Господов?* ***Послушноста е подобра од жртвата****, и покорувањето – подобро отколку овнешкото месо; зашто непокорноста е исто таков грев, какво што е вражањето, а тврдоглавоста е исто како и идолопоклонството. Поради тоа што го отфрли зборот на Господ, затоа и Тој те отфрли за да не бидеш цар над Израел.“*

—1 Самоил 15:22–23

Дозволете ми уште еднаш да кажам дека Божјиот глас звучи како вашиот шеф! Бог ве тестира да види како се однесувате со авторитетите кога никој уште не го знае вашето име. Повеќето луѓе едноставно не разбираат како функционира сето ова. Тие не ја сметаат нивната мала работа со скратено работно време како значајна; мислат дека не е важна. Но, не знаат дека тоа е само обука за покорност, да проценат според нивните стандарди дали вреди да се покорат во одредени околности или не, врз основа на нивните желби и цели. Никој не поучува дека во моментот кога ќе се согласите да извршите некоја задача, или да ја прифатите скромната работа со скратено работно време, вие се согласувате да се вложите во тоа како тој бизнис да е ваш. Повеќето луѓе не гледаат така на нештата. Тие гледаат кон поголемите цели. На крајот на краиштата, ова е само работа со скратено работно време за дополнителни средства, а не некоја голема работа. Тоа е погрешен став!

**ДОЗВОЛЕТЕ МИ УШТЕ ЕДНАШ ДА КАЖАМ ДЕКА БОЖЈИОТ ГЛАС ЗВУЧИ КАКО ВАШИОТ ШЕФ!**

Не постои безначајна работа. Нема мали задачи. Давид имаше мала, незначителна работа, да се грижи за овците. Но, тоа не му беше незначително; најмалку двапати си го ризикуваше животот за да ги заштити тие овци. Со други зборови, тој сериозно гледаше на довербата што му беше дадена. Иако никој друг не знаеше кој е тој, Бог знаеше! И во секое време Бог знаеше точно каде е.

Бог знае каде сте, и Тој го знае ставот на вашето срце кон авторитетите. Впрочем, ако не можете да се потчините на личност која можете да ја видите, нема да Му се потчините ниту на Бог, Кој не можете да Го видите. Често гледам луѓе кои мислат дека природно им следува нешто, и тие имаат менталитет на жртва; за нив секогаш некој друг е виновен. За нив секогаш е виновен шефот, или владата, истовремено се залагаат

минимално, и работат само кога се принудени. Тие имаат менталитет на пасивност, нив треба да им се каже што да направат наместо самите да видат што треба да се направи и да бидат проактивни. Така беше и со синовите на Израел, кои, излегувајќи од долгогодишното ропство во Египет, продолжија да размислуваат како робови иако беа ослободени. Нивниот ропски менталитет воопшто немаше да им биде од полза кога требаше да се соочат со џиновите од Ветената земја. Бог мораше да ги подготви за успехот уште пред да стигнат до земјата. Тој мора и вас да ве обучи пред да стигнете до земјата. Земјата за која зборувам е вашиот повик. Дали вие ја поминавте таа обука?

> *„Тој те смируваше, те мачеше со глад и те хранеше со мана, што ти не ја знаеше, а не ја знаеја ни твоите предци, за да ти покаже дека човекот не живее само од леб, туку од секој збор што излегува од устата Господова.“*
>
> —Повторени закони 8:3

> *„Тој те хранеше во пустината со мана, која татковците твои не ја знаеја,* ***за да те <u>смири</u> и да те <u>испита</u>, па да ти направи потоа добро****.“*
>
> —Повторени закони 8:16

Бог ги понизи, што значи дека ги направи зависни, да имаат потреба од помош. Тие мораа да научат да зависат од Бога, а не од самите себе. Им претстоеја поголеми битки отколку само да најдат храна за јадење. Пред нив имаше џинови и утврдени градови од кои можеа лесно да се исплашат доколку нивните очи не гледаат на Бог туку на предизвиците.

Второ, тие мораа да научат сами да носат правилни одлуки без да бидат принудени на тоа. Денес, многу родителите прават грешка со тоа што се обидуваат да ги усовршат перформансите на своите деца наместо да работат на нивното срце. Им кажуваат на децата да ја исчистат својата соба, а овие го прават тоа со бунтовно,

а не со срце на потчинување. Родителите што сакаат да бидат пријатели со своите деца ќе влезат и ќе видат дека собата е чиста, и ќе го пофалат детето за тоа. Но ова е погрешен пристап. Надворешно детето било послушно, но не и одвнатре. Покорувањето е став на срцето. Ќе дојде ден, кога родителот нема да биде тука за да го поучи детето како да носи правилни одлуки. Кога родителот ќе се одвои од своето дете, детето ќе може слободно да прави што сака. Тогаш ќе се покаже што навистина има во срцето. Токму поради ова многу родители се збунети поради неволјата во која запаѓаат нивните деца, изјавувајќи дека малиот Џони отсекогаш бил толку добро дете, затоа сега тие се шокирани од однесувањето на децата кога заминале на факултет или едноставно почнале да живеат сами.

Библијата вели дека Бог сакаше да го испита Израел за добро на народот. Токму за ова зборуваме. За разлика од родителите кои се повеќе загрижени да им угодат на децата, Бог е загрижен за долгорочната благосостојба на детето. Тој сака да ги поправи малите ставови на срцето пред тие да станат хронично однесување. Токму на ова се однесува кажаното дека Бог ќе ги испита. Бог ќе може да ги исправи бидејќи ставот на срцето се покажува кога од него се бара да се потчини.

Секој мора да го помине тестот на покорноста! Бидејќи денес не сме во пустина, каде се наоѓа Божјата училница? Каде можеме да го слушнеме Неговиот глас за да научиме да се покоруваме и да се квалификуваме за нашето следно издигнување? Се сеќавате што кажа Бог за Саул? Послушноста е подобра од жртва. Вашата надворешна побожност во црквата не е основата на вашето следно издигнување. Може ли Бог да ви довери авторитет? Каде почнува тоа? Дома.

> *„Вие, деца, бидете им послушни на родителите свои, во името на Господ, зашто тоа е праведно. „Почитувај ги својот татко и својата мајка!“ – тоа е првата заповед со ветување, „За да ти биде добро, и да живееш долго на земјата.““*

—Ефесјаните 6:1–3

Зошто послушноста кон вашите родители прави да имате долг и успешен живот? Дали Бог ви дава поени кога сте послушни? Не, но доколку научите да ги почитувате вашите родители, кои се авторитет во вашиот живот, тогаш ќе Го почитувате и уважувате и Бога. Ако го почитувате Божјиот авторитет во вашиот живот, ќе Му бидете послушни и ќе напредувате во животот. Затоа можам да кажам дека Бог звучи како вашите родители кога сте млади и сѐ уште под нивна грижа.

Вториот начин на кој Бог ве обучува да бидете покорни на властите е со тоа што ве става под човечки авторитети. Вашиот шеф, вашиот пастор, полицаецот и владата се примери на авторитети на кои Бог нѐ упатува да се потчиниме.

Се сеќавам на едно семејство во нашата црква што секогаш се жалеше и зборуваше за своите проблеми. Тие беа во опасност да ја изгубат својата куќа, а за да не се случи тоа имаа потреба од 10.000 долари. Сигурно ја кажаа својата приказна на десетици луѓе во црквата. На крајот, едно семејство реши да им помогне и им даде 10.000 долари. Но, за само неколку месеци, тие веднаш повторно се вратија на старата позиција и сепак ја загубија куќата. Разговарав со оваа двојка, двајцата невработени, за нивната ситуација. Им предложив да најдат каква било работа додека чекаат за подобри работни места. Можеа да работат во некој ресторан во градот, но ми рекоа дека таквите работи не се за нив. Мислам дека е очигледно дека нивниот проблем не беше финансиски, туку на разбирање на авторитетот и одговорноста. Не знам зошто, но тие не можеа да видат дека имаат лична одговорност за своите животи и дека треба да направат сѐ што е во нивна моќ за да го решат проблемот.

Мојот пријател Рик Ренер, вели пред да вработи некого, бара да го види нивниот автомобил, или понекогаш ненајавено оди во посета на нивниот дом. Тој знае дека ако некој не се грижи за својот автомобил, никогаш нема да преземе одговорност ниту за неговите работи. Порано

или подоцна канцеларијата на таквите луѓе ќе изгледа исто како нивниот автомобил.

Јас имав обука во пустината. И мило ми е што Бог не дозволи во мене да остане ниту малку апатичен став кон авторитетите. Тој ме понизи и ме тестираше за да може да ме подготви за мојот повик.

Се сеќавам еднаш додека уште живеевме на старата фарма дека немавме многу пари. За среќа, само што склучив зделка од која требаше да заработам доволно финансии за да ги покријам сите заостанати рати. Но, средствата не дојдоа на време, па имав брилијантна идеја да отворам тековна сметка во друга банка и да напишам лош чек на мојата примарна сметка, надевајќи се дека наредниот ден ќе легнат средствата што ги очекував и така да го покријам лошиот чек во новата банка. Но, средствата не стигнаа уште две недели! Секој ден, пишував нов лош чек во една од банките во кои имав сметки пред да дојде време да се наплати претходниот лош чек. Тоа функционираше две недели, а долгот од чековите порасна на 2000 долари бидејќи морав да купувам намирници. Во тој временски период, износот постојано растеше.

Но, сѐ заврши кога менаџерката на банката ми се јави едно утро, и првите зборови од нејзината уста беа: „Г. Киси, знам што правите, ќе ви ја затворам сметката. Треба да ги донесете парите за покривање на оваа сметка и повеќе никогаш нема да можете да отворите сметка во нашата банка". Ме фатија! Најлошото во оваа ситуација беше што користев чекови на кои имаше стихови од Библијата, а на менаџерот на банката му сведочев колку е голем Бог. Фала Му на Бога, средствата стигнаа тој ден и можев да го покријам долгот во банката. Но, морав да се видам со банкарската службеничка, да се покајам пред неа и да ѝ кажам да не Го обвинува Бог за моите глупави грешки.

На почетокот од мојата бизнис кариера мој ментор беше регионалниот потпретседател. Додека анализираше една моја зделка, забележа дека недостига еден потпис во договорот. Тој рече: „Нема проблем, види на другите места каде што има потпис и копирај го. На крајот на

краиштата", рече тој, „тие го сакаат нашиот производ и ставиле потпис на сите други места во договорот". Така и направив. Околу еден месец подоцна, добив повик од адвокатот на мојот клиент дека ме тужи за 100.000 долари за фалсификување на неговото име во договорот. Сумата беше намалена на 5000 долари бидејќи мојот шеф имаше одредена одговорност во целата ситуација, и тој беше отпуштен.

Но, морав да научам! Имав нова колешка која требаше да полага тест за осигурување, но немаше пари да ги купи материјалите за учење. Затоа јас направив копија од материјалите од интернет и ѝ ги дадов да ги користи. Таа ги остави материјалите на местото за тестирање, и не долго потоа ми се јави еден адвокат што ме извести дека против мене е поднесена тужба за прекршување на авторските права. Во тие денови, се разбирав многу од сите аспекти од даночната сфера. Постојано се справував со задоцнети даночни уплати и казни. Сега кога размислувам за тоа имам измешани чувства. Бог сакаше да бидам одговорен, и ме обучуваше. Знаеше дека еден ден ќе управувам со милиони долари и не сакаше да прескокнам ниту еден чекор од обуката. Фала Му на Бога за тоа.

Морав да научам дека издигнувањето доаѓа од Бог, а Тој никого не издигнува само врз основа на перформанси. Бог мораше да го тестира и мојот интегритет. Затоа велам дека Господ звучи како вашиот шеф. Вашиот шеф е инструмент што го користи Бог за да ве обучи за следната задача и да ве држи потчинети. Дали ќе го положите тестот?

*„Зашто издигањето не доаѓа ни од исток, ни од запад, ниту, пак, од пустината; но Бог е судија: едни унижува, а други возвисува."*

—Псалми 75:6-7

*„Секоја казна во почетокот не се покажува дека е за радост, туку за жалост; но потоа на оние што ќе се поучат од неа таа ќе им принесе мирен род на*

*праведност.“*

—Евреите 12:11

*„Вие, слуги, бидете послушни кон вашите земни господари со <u>страв и трепет</u>, во простота на срцето, како кон Христос, не работете само за пред очи, како оние што сакаат да им се умилкуваат на луѓето, туку како Христови слуги, <u>извршувајќи ја волјата Божја од срце</u>, драговолно служејќи, како да Му служите на Господ, а не на луѓе, знаејќи дека секој, па било тоа роб или слободен, ќе добие од Господ според доброто, што го направил. А и вие, господарите, исто така, однесувајте се кон нив и бидете умерени во строгоста своја, знаејќи дека и над вас самите и над нив има на небесата Господар, во Кого нема лицемерност!“*

—Ефесјаните 6:5-9

Послушност со почит и страв! Ова е односот што треба да го имате кон вашиот шеф. Вашата послушност кон вашиот шеф Павле ја дефинира како вршење на волјата Божја. Дали сте изненадени? Јас бев!

Па, како звучи Божјиот глас? Како вашиот шеф!

**ТОА Е ТЕСТ!**

Додека го завршуваме ова проучување, верувам дека бевте инспирирани и охрабрени. Светиот Дух е навистина неверојатен партнер во животот, Оној Кој вети дека никогаш нема да ве остави или остави. За мене беше голема чест да ги споделам овие непроценливи вистини со вас.

—Гери Киси

За повеќе информации за излегување од долг и безбедно инвестирање, можете да контактирате со мојата компанија, Forward Financial Group.

За повеќе информации за Царството Божјо, ве молиме одете на FaithLifeNow.com.

За информации во врска со црквата Faith Life, посетете ја страницата FaithLifeChurch.org.

ДВАНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# КАКО ДА СЕ МОЛИТЕ ЗА ДА ГО ПРИМИТЕ КРШТЕВАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ

Сѐ што добиваме од Бога го добиваме со вера во она што Бог ни го кажал, а исто е и со овој дар од Бог. Пред да се молите да добиете, потрудете се да ги проучите Библиските стихови што се наведени во оваа книга сѐ додека не сте сигурни дека тоа е Божјата волја за вас и вашите прашања не се одговорени. Откако ќе се уверите дека крштевањето на Светиот Дух е за вас, молете ја оваа молитва:

**„Татко, се молам за крштевањето на Твојот моќен Дух денес. Го примам СЕГА, според Твоето Слово, со**

**способност да се молам во Духот. Ова го барам во името на Исус и за Твоја слава! Амин.“**

Вие не барате искуство или одредени чувства, но се држите цврсто за Божјото Слово, верувајќи дека кога се молите ќе добиете. Откако ќе се молите и ќе примите, почнете да Го славите Бога и да Му благодарите што ве помаза со Неговиот Дух како што вети.

Кога се молите, бидете сигурни дека *добивате*, и затоа не треба да чекате докази дека сте примиле. Вашиот доказ е Божјото Слово.

> *„Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*
>
> —Марко 11:24

Не заборавајте да поминете време во обожавање на Господ откако ќе се молите Божјиот Дух да се манифестира и преку молитва на јазици. Бог нема да ве присили да ја движите устата! Мора да бидете отворени за молитва на јазици. Обично, луѓето чувствуваат треперење или стегање во нивните црева кога се молат или го чувствуваат Божјиот Дух.

Додека уште Го обожавате Бог, предајте се на Божјиот Дух. Ќе почнете да чувствувате различни звуци или слогови кои ќе излегуваат од вашиот дух. Мора да се препуштите на тие звуци со вера. Правејќи го тоа, протокот и ослободувањето на Божјиот Дух ќе се зголемуваат.

Ако можеби не се молите веднаш на јазици, не грижете се за тоа. Добивте со *вера*, затоа само продолжете да Му благодарите на Бога за Неговото помазание. Познавам луѓе кои си заминале дома од богослужбата откако се молеле да го добијат крштевањето на Светиот Дух и почнале да се молат во Духот на пат кон дома, под туш следното утро или додека ја коселе тревата неколку дена подоцна. Клучот е да се прима со вера, а не со чувства.

Молитвата во Духот нека биде силен и важен дел од вашето секојдневие. Бог ќе ви зборува и ќе ве води давајќи ви одговори за сѐ! Верувам дека ќе одвоите време да се молите во Духот и да уживате во сите придобивки од Божјото Царството што веќе ги поседувате!

# БЕЛЕШКИ


1. Џаред Даблин, „Навивач во затвор ја тужи НФЛ за 88 милијарди долари поради одлуката на судиите да не го признаат фаќањето на Дез Брајант против Пакерс", 23 јануари 2015 година, https://www.cbssports.com/nfl/news/jailed-fan-suing-nfl-for-88-billion-over-dez- bryant-non-catch-vs-packers/.

2. http://www.dictionary.reference.com/browse/Edified?s=t.

3. Лин Едвардс, „Психолозите велат дека бебињата знаат да разликуваат добро од погрешно уште на шест месеци", 10 мај 2010 година, https://medicalxpress.com/news/2010-05-psychologists-babies-wrong-months.html.

Посетете ја страницата
на **FLNFree.com** за
бесплатно преземање на
дополнителни материјали за
поучување на вашиот јазик!

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

## Моќта на стратегијата

Во животот постојано носиме важни одлуки.

*Како да знаете која куќа да ја купите, со кој партнер да стапите во брак, или која работа да ја прифатите?*

Доколку сакате да бидете успешни, потребна ви е стратегија. Но, како да направите стратегија кога ги немате потребните одговори?

Божјите мистерии се сокриени за вас, не *од* вас.

**Бог сака да ги знаете одговорите што ви се потребни – и токму затоа ви даде тајно оружје.**

Во третата книга од серијалот *Вашата Финансиска Револуција*, Гери Киси открива еден од највражните компоненти за неговиот успех и КЛУЧНА тајна во Царството Божјо: *Моќта на стратегијата*. Секој може да улови риби доколку знае каде да ги фрли мрежите. Бог ги има одговорите што ви се потребни, но мора да знаете како да ги чуете тие одговори и да ги примените во вашиот живот – и токму за тоа говори оваа книга.

Приклучете се на Гери на ова просветлувачко патешествие, и научете како да ја примените *Моќта на стратегијата* во вашиот живот!



Гери Киси е автор, говорник, претприемач, финансиски експерт и пастор, кој има горлива желба да им помага на луѓето да извојуваат победи во животот, особено во областите на верата, семејството и финансиите. Гери и неговата сопруга Дренда имаат создадено неколку успешни бизниси и се основачи на Faith Life Now, во чија продукција се две телевизиски програми – ***Решавање на проблемот со парите*** и *Дренда*, конференции ширум светот и практични ресурси. Гери и Дренда исто така се и пастори на црквата Faith Life, во близина на Колумбус, Охајо.

P.O.Box 779, New Albany, OH 43054 | garykeesee.com

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**